Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг "**Урбан - Проект**" ДООЕЛ - Прилеп

ул. "Кеј 9-ти Септември" бр. 102а, 7500 Прилеп ; тел. 076 451 349 ; e-mail: urban-proekt@t.mk

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА ИЗРАБОТКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ.03, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП

МЕСТО: ОПШТИНА ШТИП

ТЕХ БР: 96/24

НАРАЧАТЕЛ: ЕЛС ОПШТИНА ШТИП

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: КИРИЛ ДИМЕСКИ, М-Р.ИНЖ.АРХ:

УПРАВИТЕЛ: М-Р. КАТЕРИНА ДИМЕСКА, Д.Г.И.

ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2024-2029

ПРИЛЕП, Јануари 2025

СОДРЖИНА:

1. ОПШТ ДЕЛ, РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОЕКТНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ЛИЦЕНЦИ И ОВЛАСТУВАЊА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

2. ПИСМА И МИСЛЕЊА ОД ИНСТИТУЦИИ И НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

3. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

3.1 ВОВЕД ... 1

3.1.1 Општо ... 1

3.1.2 Цел на изработка на Детален урбанистички план ... 1

3.1.3 Методологија на изработка на Детален урбанистички план ... 2

3.2 Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје ... 3

3.3 Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис н неговите граници и површина ... 4

3.4 Историја на планирањето и уредувањето на подрачјето на проектниот опфат и неговата околина ... 6

3.5 Податоци за природни чинители на опфатот ... 7

3.5.1 Климатски карактеристики ... 8

3.5.2 Релјефни карактеристики ... 8

3.5.3 Сеизмолошки карактеристики ... 9

3.5.4 Вегетациски карактеристики и пејзаж ... 9

3.5.5 Климатски и хидрометереолошки карактеристики ... 10

3.5.6 Хидролошки карактеристики ... 11

3.5.7 Еколошки карактеристики - податоци за заштитени природни блага ... 12

3.6 Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат ... 12

3.6.1 Намена на земјиштето ... 13

3.6.2 Инвентаризација на градежен фонд ... 14

3.6.3 Демографија ... 16

3.6.4 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура ... 16

3.6.4.1. Сообраќај ... 16

3.6.4.2. Хидротехничка и комунална инфраструктура ... 17

3.6.4.3. Електро-комуникациска и толификациска инфраструктура ... 17

3.7 Анализа на документациона основа ... 19

3.8 Анализа на можностите за просторен развој ... 20

3.9 Извод од план од повисоко ниво ... 20

3.9.1. Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) ... 20

3.А ИЗВОД ОД ГУП ЗА ГРАД ШТИП (2019-2029 ГОДИНА)

3.А ИЗВОД ОД ДОНЕСЕНИ И СОСЕДНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

3.В ГРАФИЧКИ ДЕЛ ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. Ажурирана геодетска подлога.....М=1: 1000
2. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија.....М=1:1 000
3. Инвентаризација на изграден градежен фонд..... М=1:1 000
4. Инвентаризација на комунална инфраструктура и физичка супраструктура..... М=1:1 000

4 ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1 Вид на планот, назив и подрачје на планскиот опфат и плански период..... 1

4.2 Површина и граница на планскиот опфат..... 1

4.3 Стретешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, планови од повисоко ниво и документација релевантна за планскиот опфат 3

4.4 Цели на урбанистичкиот план..... 4

4.5 Образложение на планскиот концепт за просторниот развој 5

4.6 Опис и образложение на планските решенија за изградба и наменска употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, собраќајна и комунална инфраструктура 6

4.6.1. Парцелирано градежно земјиште..... 6

4.6.2. Земиште за општа употреба..... 8

4.6.3. Сообраќајна инфраструктура..... 8

4.6.4. Стационарен сообраќај..... 10

4.6.5. Нивелациско решение..... 11

4.7 Комунална инфраструктура..... 12

4.7.1. Хидротехничка инфраструктура..... 12

4.7.2. Електро-енергетски, телефонски, топлински и гасоводни инсталации..... 14

4.8 Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање и реализација на плански решенија..... 17

4.9 Услови за изградба..... 17

4.9.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат..... 17

4.9.2. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите..... 23

4.9.3. Услови за изградба за секоја градежна парцела..... 25

4.9.4. Нумерички дел..... 38

4.10 Мерки за заштита..... 40

4.10.1. Мерки за заштита на животната средина..... 40

4.10.2. Мерки за заштита на воздухот 41
4.10.3. Мерки за заштита на водите 42
4.10.4. Мерки за заштита на почвите 42
4.10.5. Мерки за заштита од бучава 42
4.10.6. Мерки за управување со отпадот 43
4.10.7. Мерки за заштита на биодиверзитетот 43
4.10.8. Мерки за заштита и спасување 43
4.10.9. Засолнување 46
4.10.10. Заштита и спасување од поплави 46
4.10.11. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи 47
4.10.12. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства 48
4.10.13. Заштита и спасување од урнатини 49
4.10.14. Спасување од сообраќајни несреќи 50
4.10.15. Евакуација 50
4.10.16. Згрижување на загрозеното и настраданото население 50
4.10.17. Прва медицинска помош 50
4.10.18. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето 50
4.10.19. Мерки за обезбедување на пристапот за лица со инвалидност 51
4.10.20. Мерки за обезбедување на пристапот за лица со инвалидност 51

4.А ГРАФИЧКИ ДЕЛ ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. План на намена на земјиштето и градбите.....М=1:1 000
2. Регулационен план.....М=1:1 000
3. План за парцелација и оформување на градежни парцели..... М=1:1 000
4. План на површини за градење..... М=1:1 000
5. Сообраќаен и нивелациски план..... М=1:1 000
6. Инфраструктурен план..... М=1:1 000
7. План на зеленило со диспозиција на ниско и високо зеленило.... М=1:1 000
8. Синтезен план..... М=1:1 000
9. Синтезен план инфраструктура..... М=1:1 000

1. ОПШТ ДЕЛ, РЕГИСТРАЦИЈА НА ПРОЕКТНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ЛИЦЕНИ И ОВЛАСТУВАЊА НА НОСИТЕЛИТЕ НА ПЛАНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Број: 0805-50/150020240081096

Датум и време: 13.9.2024 г. 09:22

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 13.09.2024 во 09:22
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 07.11.2024
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5510295
Целосен назив:	Трговско друштво за урбанистичко планирање, проектирање и инжинеринг УРБАН-ПРОЕКТ Увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп,
Кратко име:	ТД УРБАН-ПРОЕКТ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп
Седиште:	КЕЈ 9-ТИ СЕПТЕМВРИ бр.102А ПРИЛЕП, ПРИЛЕП
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	8.3.2001 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4021001130260
Големина на субјектот:	микро
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	482.815,00
Уплатен дел MKD:	482.815,00
Вкупно основна главнина MKD:	482.815,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/BE9870854E5D03731D9F97803540C2EF15DB0013FDAF2336E1B63B3787898873

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	КИРИЛ ДИМЕСКИ
Адреса:	ХРИСТО ТАТАРЧЕВ бр.47И/4-5 СКОПЈЕ - КИСЕЛА ВОДА, КИСЕЛА ВОДА
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	482.815,00
Уплатен дел MKD:	482.815,00
Вкупен влог MKD:	482.815,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешниот промет

ОВЛАСТУВАЊА	
Управител	
Име и презиме:	КАТЕРИНА ДИМЕСКА
Адреса:	КЕЈ 9-ТИ СЕПТЕМВРИ бр.102-А ПРИЛЕП, ПРИЛЕП
Овластувања:	Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	urban-proekt@t-home.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/BE9870854E5D03731D9F97803540C2EF15DB0013FDAF2336E1B63B3787898873

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерство за транспорт и врски издава:

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

Трговско друштво за урбанистичко планирање, проектирање и инжинеринг
УРБАН- ПРОЕКТ Увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

КЕЈ 1-ВИ МАЈ бр.7А ПРИЛЕП, ПРИЛЕП
ЕМБС: 5510295

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **06.12.2025 година**

Број: **0011**

06.12.2018 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг "УРБАН - ПРОЕКТ" ДООЕЛ - Прилеп

ул. "9-ти Септември" бр. 102а, 7500 Прилеп ; тел. 076 451 349 ; e-mail: urban-proekt@t.mk

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а во врска со изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,**, УРБАН - ПРОЕКТ ДООЕЛ – ПРИЛЕП го издава следното:

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на **Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** со технички број **44/24,** како планер се назначува:

Планер потписник:

- Кирил Димески, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0626

Планери соработници:

- Мартина Димеска, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0667
- Оливера Симовска-Нака, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0402

Планерите се должни планската документација да ја изработат согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и другите важечки прописи и нормативи во областа на урбанизмот.

УПРАВИТЕЛ:
М-Р. КАТЕРИНА ДИМЕСКА, Д.Г.И.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

КИРИЛ ДИМЕСКИ

магистар инженер архитект (304 ЕКТС)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој Закон и во Статутот на Комората

Број: 0.0626

Издадено на: 25.01.2024 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл. инж. арх.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 16 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199 од 30.12.2014, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ОДНОСНО
ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

на

МАРТИНА ДИМЕСКА

магистер инженер архитект (NQF 304 ECTS)

со подмирување на членаринатa за секоја тековна година
овластувањето важи до 16.02.2025 год.

Број: 0.0667

Издадено 17.02.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ОЛИВЕРА СИМОВСКА НАКА

дипломиран инженер архитект (VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Број: **0.0402**

Издадено на: 14.11.2022 год.

М-р Кристијана Радевски
дипл. инж. арх.

2. ПИСМА И МИСЛЕЊА

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Вр. 11-6490/1
06 -11- 2024
Скопје

До: Трговско друштво за урбанистичо планирање, проектирање и инженеринг УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп

Скопје, 06.11.2024 год.

Предмет: Податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 66050 креирано на 01.11.2024 година и наслов 'Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека во предметното подрачје на опфатот кој е доставен до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, **имаме** постојни подземни/надземни инсталации.

Во прилог Ви доставуваме податоци за постојни подземни/надземни инсталации во електронска форма во PDF и DWG формат.

Напомена: За податоците обележани со ознака 'NA' не распослагаме со точна геопросторна локација.

Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Бранкица Маринковска тел. 077/773-244


Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
Бранкица Маринковска
Специјалист за дизајн и планирање на мрежа

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

ПОДЗЕМНА И НАДЗЕМНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА А1 МАКЕДОНИЈА



ЛЕГЕНДА:

- Urb_NA
- Duct_Cable

* Duct - Подземно
* Aerial - Надземно
* Trench - Ров
* Pipe - Цевка/Туба
* Overhead line - Надземна рута
* Coax cable - Коаксијален кабел
* Optical cable - Оптички кабел

P = 1 : 4500

Дата: 2024-11-06



Република Северна Македонија
Агенција за цивилно воздухопловство

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

ДО: **УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп** Бр. 12-8/941

ПРЕДМЕТ: Доставување на податоци и информации Скопје,01.11.2024г.

ВРСКА: Ваш бр.96/24 од 01.11.2024година
e-urbanizam, постапка бр. 66050

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, Ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1,

Општина Штип

при што утврдија дека предметниот опфат се наоѓа во заштитна зона на спортскиот аеродром Штип на 2425 м југоисточно од референтната точка на аеродромот, во рамки на т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 355мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно чл.88 од Законот за воздухопловство (Сл.весник на РСМ бр.14/24), потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од **355мнв.**

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, или изградба/поставување на:

1. Издвоени антенски столбови или оцаци со височина поголема од 30м.
2. Далноводи под напон поголем од 100 КВ на премин преку автопат.
3. Ветерници.
4. Други објекти со височина поголема од 100м

потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектната документација (пред усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно чл.80, став (1) и (2) од Законот за воздухопловство (“Сл.весник на РСМ” бр.14/24).

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
Раководител на Одделение за аеродромска инфраструктура
(по овластување од Директорот бр.02-1730/3 од 28.12.2023 година)

ул. „Даме Груев” број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046 т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Урбан проект

ул. Кеј 9-ти Септември бр.102а

Прилеп

Бр.11-7025/1

05.11.2024

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.96/24 од 01.11.2024 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 01.11.2024 година со број на постапка 66050 (наш број 11-7025 од 01.11.2024 година) за податоци и информации потребни за изработка на Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1 во Општина Штип, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Весна Чингоска

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 66050
Дата: 06.11.2024

До
Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг
УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп
Кеј 9-ти Септември бр.102А, 7500 Прилеп

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации


Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ


ДЕЛ ОД С3.03
ul. ŽELEZNIČKA
ul. "Goce Delčev"
ul. "Goce Delčev"
s.Suševo – pot – Lisp
PREBEG
PREBEG
1102
1110
1366/1
1305/2
1305/9
1305/10
1305/11
1305/5
1305/6
1305/12
1305/7
1275
1306
1311
1386/1
1313/13
1313/11
1313/9
1313/12
1315/1
1273/1
1278
1277/1
1317
1318/1
1390
1319
1316/4
1318/2
1313/6
1394/1
1395
1396/1
1084

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-23/2-454 од 07.11.2024
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев

Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 96/24 од 01.11.2024 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☒ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија


При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг


EVN Group

Датум: 11/7/2024



Легенда

- Постоечка мрежа
- Новопланирана мрежа
- Демонтирана мрежа


TΦ 10/0.4kV
TΦ 10/0.4kV

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore
ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Бр.-Nr. 08-525412
01. 11 2024 годиниti.
Скопје-Shkup

До: **Трговско друштво за урбанистичо планирање, проектирање и инженеринг УРБАН-ПРОЕКТ ДООЕЛ Прилеп**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање податоци и информации,** ваш бр. 96/24 од 01.11.2024 година

Согласно вашето Барање податоци и информации, ваш бр. 96/24 од 01.11.2024 година, за изработка на Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат **нема** изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
66050

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-3504/2
18-11-2024
Скопје

До
„УРБАН-ПРОЕКТ“ ДООЕЛ
ул. „Кеј 9ти Септември“ бр. 102а
7500 ПРИЛЕП

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше писмо бр. 96/24 од 10.2024 год.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за културно наследство за изработка на Детален урбанистички план за дел од Градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на планскиот опфат не постои заштитено добро ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на проектот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

в.д. Директор
Весела Чештоева

Изработил: м-р М. М. Миладиновска (12.11.2024)
Проверил/Одобрил: м-р. Б. Јовановска

3. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

3.1 ВОВЕД

3.1.1 Општо

Документацијата е изработена во согласност со на одредбите од Законот за урбанистичко планирање (СЛ. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), и со одредбите од Правилникот урбанистичко планирање (СЛ. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и Закон за урбано зеленило (СЛ. Весник на РСМ бр.11/18 и 42/20).

Постапката за изготвување **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип,**за плански период 2024 – 2029 год, е покрената по барање на приватна иницијатива и одобрена Планска програма од Општина Штип.

Изработката на Деталниот урбанистички план за градска четврт се базира на документациона основа, која претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување, а се состои од:

- Аналитичко-истражувачки дел
- Графички дел

Документационата основа е изработена врз основа на:

- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма;
- Теренско снимање на просторот (градежен фонд и население)
- Податоци добиени од комуналните служби;
- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Постојна урбанистичка документација.

Документационата основа содржи:

- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комунална инфраструктура;
- Постојна состојба на население;
- Анализа на досегашната урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој.

Аналитичко-истражувачкиот дел содржи анализи на постојната состојба и согледување на предметниот простор како интегрален дел на градскиот простор.

Аналитичко-истражувачкиот дел содржи анализи на постојната состојба и согледување на предметниот простор како интегрален дел на градското ткиво.

Истражувањата се извршени по пат на директен увид на теренот и анализа на добиените податоци. При увидот на лице место утврдена е намената на секој објект, површината, катноста и степенот на одржаност, направена е проценка на бројот на жители односно корисници и извршена е евалуација на изведената сообраќајна инфраструктура и степенот на уредување на неизградените површини. Исто така, со обезбедување податоци од надлежните субјекти, направена е инвентаризација на изградената комунална инфраструктура.

3.1.2 Цел на изработка на Детален урбанистички план

Идејата и иницијативата на одреден број на физички лица присутни во актуелниот простор на Блок С3.03, оформен со ГУП на град Штип (2019-2029), како и согледувањата на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина, при

општина Штип, а со цел за побрза и пореална урбанизација на просторот за изградба на градби се пристапи кон изработка на овој **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип.**

Истиот простор во поголем дел е неизграден во претходниот период и е со низок степен на урбанизираност и изграденост, односно реализиран е само еден објект со намена лесна индустрија. Останатиот простор со новиот ГУП треба да се дополни со нови намени кои ќе овозможат просторен развој согласно новите потреби на овој дел од градот. Така, основна цел на оваа урбанистичка документација за овој блок ќе претставува основа за утврдување на подеталните услови за користење на просторот и изградба на плански содржини, кои би биле во функција на подобрување на условите за живеење, работа и престој на жителите од тој блок на градот, односно стварање на соодветни услови за брза урбанизација на просторот, негово рационално користење и обезбедување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата.

Самиот концепт за планиран развој утврден со ГУП за град Штип (2014-2029 година) се реализира со изработка на урбанистичка документација како што е оваа, **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** со која ќе се дефинираат реални основи за плански развој на просторот во рамките на одржлив економски развој, а со цел да се постигне поинтензивен и побрз стопански развој на локално ниво.

Тоа значи поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните урбани блокови како дел од просторот на градот, каде ќе се разместуваат и уредуваат основните и пратечките содржини на блокот, со дефинирање на основната намена на земјиштето и градбите, дефинирање на процентите на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето во градежниете парцели, а се према постојниот Правилник за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и презентација на плановите према најновите законски поставки искажани во Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), како и другите важечки прописи и нормативи во областа на урбанизмот, а со цел да се запази процедурата и јавноста при изработката и донесувањето на ваква урбанистичка планска документација.

3.1.3 Методологија на изработка на Детален урбанистички план

Методот на изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** е дефиниран врз основа на постојната законска регулатива, врз основа на систематското анализирање на постојната состојба и нејзино дефинирање, насоките и решенијата од планската документација од повисоко ниво и согледување на можни концепти на просторна организираност на површините за градба и целокупниот простор на опфатот, односно утврдување на урбанистички параметри за развој на планскиот опфат и корисниците на просторот и потреби на правните лица и граѓаните кои се појавуваат како корисници на просторот и инфраструктурата, односно нивно имплементирање во можен планиран развој.

Самиот **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** се работи како плански документ кој го изработува лиценцирана планерска куќа и ги содржи следните текстуални и графички прилози:

- Општ дел;
- Документациона основа, како прилог на планот презентирана со текстуален дел, нумерички дел и графички прилози;
- Планска документација, презентирана со текстуален дел, нумерички дел и графички прилози;

Планскиот документ ќе се работи во две фази како **предлог план** и како **конечен план,** а со цел да се запази процедурата при изработката и донесувањето на ваква урбанистичка документација која треба да е во согласност со постојната законска регулатива. Така ќе се сублимираат сите состојби од теренот и потребите на сите субјекти и граѓаните, а потоа имплементирани во планскиот документ за во овој плански опфат.
Базна година на презентација на влезните податоци од теренот во документационата основа е 2024 година.

3.2 Површина и опис на границите на планскиот опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје

Постапката за изготвување на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** е покрената по барање на нарачателот општина Штип, врз основа на Договор за изработка на Детален урбанистички план, а е потпишан од Градоначалникот на Општина Штип.

Според Член 13 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), Детален урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за плански опфат што е во рамки на планскиот опфат на генерален урбанистички план, чиишто граници се утврдени со генералниот урбанистички план и кој служи за негово разработување и спроведување.

Користејќи ја ажурираната геодетска подлога изработена од овластена геодетска фирма, изработивме **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** согласно Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на планската документација. Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост па се до можностите за понатамошно користење на просторот.

Документационата основа е изработена врз основа на:
- Ажурирана геодетска подлога изготвена од овластена фирма;
- Теренско снимање на просторот (градежен фонд и население) од страна на стручна екипа на извршителот (состојба 2024 година);
- Податоци добиени од комуналните служби;

- Аналитичка обработка на евидентираните податоци;
- Постојна урбанистичка документација;

Документационата основа содржи:
- Анализа на постојната организација на просторот;
- Анализа на постоен градежен фонд, сообраќајна и комунална инфраструктура;
- Постојна состојба на население;
- Анализа на досегашната урбанистичка документација;
- Оценка на можности за просторен развој;

3.3 Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат со опис н неговите граници и површина

Просторот дефиниран за изработка **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип,** со својата местоположба припаѓа во општина Штип. Вкупната површина на Општина Штип изнесува 22,92 km^2, површината на ГУП за Град Штип (2019-2024 година) изнесува 22922800m^2 или вкупно 2292,28 ха, а вкупната површина на опфатот за **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип,** изнесува **51285,01m^2** или вкупно **5,13ха**.

Планот го опфаќа делот од градската Четврт С3, Блок С3.03 од ГУП за град Штип (2019-2024 година) на град Штип или поточно северо-западниот градежен реон од градот Штип, додека самата граница на планскиот опфат е одредена со површината населена со градско население заедно со локациите за функциите кои се потребни за уредување на место.


Бидејќи се работи за локација за која е лоцирана во ГУП за град Штип побаран е Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година.

Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански опфат зафаќа површина од **5,13 ха** и со својата местоположба се наоѓа во КО Штип 1, Општина Штип.

Границата на планскиот опфат се движи по осовините на улиците:

- **На исток** се движи по границата на КП 1313/9, по границата на КП 1315/1, и по границата на КП 1277/1.
- **На запад** по осовина на новопроектирана магистрала ул.1
- **На север** по осовина на градска магистрала ул.Гоце Делчев
- **На југ** ја сече КП1396/1, ја сече КП 1395/2, ја сече КП 1278 и ја сече КП 1394/1.

Опфатот е дефиниран со точки по Y и X оската со реден број почнувајчи од 1 до 17 кои се табеларно прикажани:


4
3
2
17
15
16
14
13
5
12
11
9
10
6
7
8

Р.бр.	X	Y
1	7598354,20	4623740,31
2	7598269,04	4623827,25
3	7598216,15	4623904,50
4	7598210,58	4623912,77
5	7598163,86	4623702,96
6	7598091,75	4623555,61
7	7598185,95	4623506,82
8	7598233,97	4623475,54
9	7598288,66	4623624,34
10	7598292,47	4623622,22
11	7598305,07	4623644,82
12	7598315,97	4623659,94
13	7598344,36	4623715,35
14	7598343,23	4623716,31
15	7598339,51	4623719,77
16	7598342,44	4623723,87
17	7598354,20	4623740,31

3.4 Историја на планирањето и уредувањето на подрачјето на проектниот опфат и неговата околина

Нарачател на планот е општина Штип, а ,,УРБАН - ПРОЕКТ'' ДООЕЛ – Прилеп, како изготвувач на истиот. Со таа цел пристапено е кон изготвување на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**.

За предметниот план побаран е: Извод од ГУП за град Штип (2014-2029год.) со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година, како и планските решенија од Изводот од донесениот Детален урбанистички план за работна зона Пребег УЕ58-Штип со бр.18-3686/3 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.0701-4323/1 од 29.06.2011 и 08-3772/1 од 29.06.2018 година кој се однесува за планираниот плански офат како и решенијата од Изводот од соседниот Детален урбанистички план за населба Железничка со бр.18-8183/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.0701-637/1 од 03.08.2000 година, и решенијата од Изводот од соседниот Детален урбанистички план за дел од индустриска зона-дел од УЕ.53 со бр.18-8182/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-685/1 од 31.01.2019 година за изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**.

Детален урбанистички план се изработува врз основа на Член 13 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24).

Планскиот опфат на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**, е со површина од **5,13ха**, а во рамките на опфатот има важечки планови донесени со Одлука на Совет на Општина Штип и истите се вградени како збирен графички прилог во документационата основа на планот.

Постапката за изготвување **на Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип, ќе се спроведува согласно Законот за урбанистичко планирање** (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) и Правилник

за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

Планскиот концепт на развојот и уредувањето на градските подрачја претставува значајно, стратешко прашање и интегрален дел на глобалниот концепт на долгорочниот просторен развој на државата. Негова основна определба претставува унапредување на квалитетот на животните услови во урбаните средини.

Концептот на развојот и уредувањето на градските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- намалување и постапно запирање на процесот на депопулација на населбите;
- подобрување на демографската структура и социјалната положба на населението;
- создавање на општествени услови за стопански просперитет на градот и економска сигурност на градското население;
- стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;
- подобрување на животните услови преку плански насочено уредување на населбите и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура;
- интегрално планирање на развојот на населените места и организација, уредување и користење на севкупната површина во границите на атарот и обезбедување на целосна интеграција на градските населби во системот на населбите во функционалните единици.

Согласно горенаведените законски одредби пристапено е кон изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**, со плански опфат со површина од **5,13ха**.

Согласно Извод од ГУП за град Штип (2014-2029год.) со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година намената на земјиштето и градбите е следна:

- Група на класи на намени:

  Б+В+Г – Мешовита класа на намена

  (Б - Деловни и комерцијални намени)

  (В - Јавни дејности и институции)

  (Г - Производство, рударство, енергетика и индустрија)

3.5 Податоци за природни чинители на опфатот

Градот Штип има централна положба во регионот на Источна Македонија и во близина на главните и поголемите сообраќајни артерии во Републиката и на Балканот. Рељефно поширокиот простор претставува мозаик, орографски доста разигран. Кон север терените се широко отворени по долината на реката Брегалница која е диференцирана од Овче Поле со ридовите Ежово Брдо и Шаренковац, а поврзан со Ежово Поле. Низводно од Штип е ридчест простор во кој се издвојува долината на

реката Брегалница и Криволакавичката котлина кон југоисток. Меѓу неа и Вардарската долина како бариера се јавува Серта и Конечка планина, додека на североисток се издигаат огранците на планината Плачковица како највисока во општината и околниот простор. Рељефната структура ја детерминира и поволноста на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени по природно погодните простори (котлини, полиња и долини). Преку Штип поминуваат патни насоки кои ја поврзуваат Вардарската долина и Скопје со источните делови на нашата Република и соседна Бугарија, за што особено погодува отвореноста на Овче Поле. Природните погодни коридори за комуницирање се правците Овче Поле - Кочанско Поле - Делчевско Поле на исток и Овче поле - Криволакавичка котлина - Радовишко Поле на југоисток. Споменатите два насоки како природно погодни места за насочувањето на сообраќајот, на градот Штип му даваат повисок ранг во системот на населбите во Источна Македонија.

3.5.1 Климатски карактеристики

Подрачјето на Штип се карактеризира со умерено-континентална клима и со одредено влијание на изменето-медитеранска преку долината на река Брегалница. Просечна годишна температура на воздухот е 12,9о Целзиусови. Највисока средна месечна температура имаат месеците јули и август (23,8о 108/2016 33 о Целзиусови), а најниски месецот јануари (1,4о Целзиусови). Температурните амплитуди се доста изразени, апсолутно максималната температура изнесува 41о Целзиусов (во август), а апсолутно минималната -22.7о Целзиусови (во јануари). Годишно има 72 дена со појави на мраз и тоа најизразени во јануари, февруари и декември. Особено поволен елемент е должината на траењето на сончевиот сјај, 2376,9 часа годишно (Хвар 2.714 часа годишно), или просечно дневно 6,5 часа што овозможува и поголем избор на ориентацијата на објектите. Подрачјето е сушно со 506,1мм воден талог просечно годишно. За летниот период се карактеристични поројни дождови кои претставуваат одреден проблем за градот. Средногодишна влажност на воздухот во најголем дел на годината изнесува 67%. Маглите се ретка појава, ги има околу 13 дена во годината и тоа во јануари и декември. Доминантни се ветровите од северозападниот и југоисточниот правец. Северозападниот ветер со просечна годишна честина од 196% и брзина од 5,2м/сек се јавува најчесто од јуни до август и од јануари до март. Југоисточниот ветер се јавува со просечна годишна честина од 183%, средногодишна брзина од 6,7м/сек. и тоа најчесто во март, април и ноември.

3.5.2 Релјефни карактеристики

Поширокото подрачје на градот го сочинуваат разновидни морфолошки облици - рамничарски терени на Ежово Поле, делови на котлината на река Бре-галница и Крива Лакавица, ридските терени на планината Серта и Конечка на северозапад и ритчестото подножје на Плачковица на исток. Градот се наоѓа на ерозивното речно проширување на реката Брегалница и Отиња, меѓу ридовите Исарот (395м) и Мерите (420м) од запад, Кумлак (455м) од југ, Каракуш (425м) и ридовите на Плачковица со највисоки точки од 384м, 345м, 339м и 327м, кои од исток го затвараат просторот. Кон север и југозапад по долината на река Бре-галница и северозапад кон Ежово Поле просторот е рамничарски

и широко отворен, со надморска висина до 300м. Просторот на Ежово Поле, Пребег, Гладно Поле и Долни Бунар и речното проширување на Брегалница, претставуваат благо забранувано земјиште со многу поволни топографски карактеристики. Подрачјето кон север и исток претставува изразито ридчест предел, испресечен со суводолици и изразени процеси на ерозија. Маркантен белег на просторот му дава текот на реката Брегалница која во северниот дел од подрачјето е рамничарска,во централниот дел навлегува во клисурата помеѓу ридовите Мерите и Исарот, а кон југ повтор-но се јавуваат ерозивни речни проширувања. Во клисурата на река Брегалница од исток се слива реката Отиња. Во подрачјето јасно се издвојуваат три целини: ритчест, падински и рамничарски рељеф. Ритчестите предели се карактеризираат со изразити возвишенија и стрмни страни чии наклони се над 20% и особено неповолни за градба. Во вкупниот анализиран простор заземаат околу 10%, а расположени се јужно и источно од постојното градско ткиво. Падинските терени припаѓаат на ритчестиот простор. Се карактеризираат со поблаги страни, со наклон од 10-20%, релативно неповолни за градба. Заземаат околу 30% од вкупната површина. Рамничарските предели кон југ, запад и север од денешниот град имаат наклон од 0,5-10% и се поволни за развојот на градот. Заземаат најголема површина, околу 60% од вкупната територија на која е вршена анализата.

3.5.3 Сеизмолошки карактеристики

Според инженериско - геолошките услови теренот, според стабилноста, е категоризиран како претежно нестабилен каде се можни појави на сите деформации . Според инжинерско-геолошките карактеристики, а имајќи ја во предвид стабилноста,теренитe се издвоени во: претежно стабилни терени,изградени од гранити и карбонатни стени со постојани физичко-механички својства; претежно условно стабилни терени во кои спаѓаат вулканските палеогени седименти, флишните и алувијално - делувијалните седименти, а поседуваат релативно ниски физичко-механички својства; претежно нестабилни терени со слабо врзани неогени глини, палеогени флишни седименти со ниска вредност на физичко-механичките својства. Според очекуваниот интерес на земјотресите, поширокото градско подрачје припаѓа на зоната до 8о по МЦС скалата, меѓутоа за градба на покрупни инвестициони објекти, а поради сложената сеизмогена состојба на овој простор, неопходни се детални истражувања и сеизмичко микрореонизирање.

3.5.4 Вегетациски карактеристики и пејзаж

Поширокото подрачје на градот припаѓа на регионот на дабови шуми, во најнискиот појас на термофилната заедница од благун и бел габер. Во овој предел шумата се јавува во мали енклави во доловите и на пострмни и посокриени места, деградирана е и преискористена, а нејзината егзистенција е зависна од третманот на заштитата.Во просторот доминираат пасиштата од типот на степи со белези на големо антропогено влијание. Тие претставувале, а и денес се меѓу најважните подрачја за зимска испаша. Флористички се богати, а специфичност им дава присуството на голем број едемни видови. Крајречната вегетација од типот на тополови шуми, покрај река Брегалница, се уште не е истражена. Нејзиното присуство е од особено значење во градското подрачје

и неговата околина како тампон зелена зона меѓу индустријата и домувањето и за збогатувањето на пејсажот. Вкупниот впечаток кој од вегетациски аспект го создава пределот е сиромашен, пуст, обезшумен, со доминантно земјоделско обележје и девастирани шумски простори на падинските делови на Плачкивица. Пејсажите во пониските делови на Плачковица се претежно ниски и испресечени со долови. Поради ерозивноста на површините и оголеноста не се особено вредни. Нивната вредност е во поволната експозиција на визури кон Овче Поле и текот на река Брегалница. Пејсажите во повисоките предели на Плачковица се многу поинтересни, а вегетациски, климатски орографски и вкупните амбиентални вредности го создаваат најатрактивниот излетнички простор во општината. Рамничарските пејсажи на Овче Поле се типични аграрни пејсажи, со структура на ниви, лозја и на места овоштарници. Пределот се одликува со специфичности, како што се широки и отворени визури кон Плачковица, Богословец и падините на Осогово. Локалитетот Гладно Поле како делумно издвоена морфолошка структура претставува поинтимен простор затворен со ниски ридчиња од север, исток и запад и отворен кон текот на река Брегалница и левкастото проширување на левиот брег на река Брегалница, "Долни Бунар". Најинтересни и најзначајни пејсажи во подрачјето на градот се речните текови на река Брегалница и река Отиња. Текот на река Брегалница придонесува кон динамичноста, разноврсноста и збогатување на визуелните и психолошки ефекти во пределот. Текот на река Отиња иако регулиран, а неуреден претставува белег на градот и надвор од него и нуди можности за пејсажно обликување и спорт и рекреација.

3.5.5 Климатски и хидрометереолошки карактеристики

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено континентална клима и со одредени влијанија на изразито медитеранска клима преку долината на реката Брегалница. Ова подрачје се одликува со посебен температурен режим.

Тој е резултат на наведените карактеристики на подрачјето, а особено на продорите на студени и топли воздушни маси во текот на годината, кои во зимските месеци условуваат доста ниски, а во летните месеци доста високи температури на воздухот. Според температурните показатели, подрачјето се одликува со топли лета, со умерено ладни зими, со повремени екстремно ниски и високи температури, зголемено екстремно температурно колебање и со потопла есен од пролет. Ова подрачје всушност има своја локална клима која се одликува со посебен температурен режим. Територијата на Општина Штип спаѓа во подрачја со малку врнежи. Просечното годишно количество изнесува 472 mm. Во текот на годината, врнежите се нерамномерно распоредени. Главниот максимум е во мај со просечна месечна сума од 63,3 mm, а секундарниот максимум е во ноември, просечно 54,3 mm. Главниот минимум е во август, просечно 29,3 mm, а секундарниот минимум е во февруари, просечно 34,1 mm. Релативно сушни месеци се во периодот јануари, април, јули-септември и декември. Релативно влажни месеци се мај-јуни и октомври-ноември, а највлажен е мај со 45% преку идеалната распределба. Просечната годишна релативна влажност изнесува 67% и во текот на годината постепено се намалува од јануари кон август, а потоа побргу се зголемува од септември до декември. Маглата не е така честа појава, но се јавува скоро во сите месеци, со исклучок во летните и тоа во повеќето случаи како ниска магла. Просечно годишно се јавуваат 14 денови со магла, со максимум во декември и јануари - просечно

4 дена и во ноември - 3 дена. Појавата на град е со незначителна зачестеност, ограничена главно на периодот мај и април, а ретко во јуни и јули. Росата се јавува во сите месеци од годината, но со изразена зачестеност од март до ноември. Сланата е забележителна појава и се јавува од октомври до април. Просечно годишно се јавуваат 44 дена со слана, со максимум во трите зимски месеци, просечно од 8 до 10 дена, потоа во март и ноември просечно по 6 дена. Регионот се карактеризира со значителна појава на ветрови. Просечната годишна брзина изнесува 5,7 m/s, а максималната брзина достигнува до 27,0 m/s. Се јавува доста изедначено преку целата година, а со поголема зачестеност во јули и август. Просечната брзина изнесува од 4,6 m/s во август до 8,8 m/s во март. Југоисточниот ветер е втор по зачестеност во ова подрачје со просечна годишна брзина 6,2 m/s и максимална брзина до 27,0 m/s., се јавува преку целата година, а со максимална зачестеност во март и април. Во текот на годината просечната месечна брзина се движи од 3,3 m/s до 7,7 m/s. Испарувањето во овој регион е со најголеми вредности во целата земја. Просечното годишно испарување изнесува 1.246 литри од 1 m^2 слободна водена површина.

3.5.6 Хидролошки карактеристики

Штип лежи на устието на река Отиња во река Брегалница. Река Брегалница со проток 17,9 м3 /сек е главен рецепиент на водите во ова подрачје. Горниот речен тек е рамничарски со големи меандри, во средишниот дел на подрачјето формира типична клисура сечејки една греда од гранитните карпи, а низводно од клисурата кон југ, се јавува големо ерозивно проши-рување. Реката Отиња (0,16м3 /сек) извира од планината Плачковица, прима неколку водотека узводно од Штип и се влева во река Брегалница на 262м надморска височина. Има карактер на пороен водотек, со големи води и голем можен пороен материјал. Коритото на река Отиња е регулирано во должина од 1600м низ градското подрачје. Поблиското подрачје на градот е сиромашно со природни извори на вода. Се среќава само еден извор со издашност од 1л/сек.. Југоисточно од градот, на десниот брег на река Брегалница има појава на термални води, во локалитетот Кежовица и Л'џи. Изворите во обата локалитета имаат мала издашност 1-1,5л/сек со температура од 52-60 степени, а во бушотините е добиен капацитет од 20л/сек. Локалитетот Кежовица денес е бањско рекреативен центар. Во подрачјето се среќаваат 14 суводолици со пороен карактер кои сеуште не се регулирани. Расположени се претежно во североисточниот дел на поширокото подрачје на градот. Подземните води не се целосно истражени и нивните карактеристики не се познати,освен во локалитетите Фортуна, Штипско езеро и Рибнички Чешми кои се користат за водоснабдување. Локалитетите се во непосредна близина на река Брегалница,поради што нивото на подземните води е во зависност од нивото на речниот тек. Откако е изградена акумулацијата Калиманци на река Брегалница нема појава на поплави. Се претпоставува дека акумулацијата ќе оневозможи појава на плавење од максимални 25 и 100 годишни води, а можното излевање на река Брегалница е во нејзиното инундационо корито. Иако реката Отиња е регулирана во подрачјето на градот,може да се излие при големи води, поради голема акумулација на носен материјал. Поради тоа неопходна е регулација и санирање на целиот речен тек, а истовремено и превземање на соодветни биолошки мерки.

3.5.7 Еколошки карактеристики - податоци за заштитени природни блага

Градот Штип веројатно е еден од ретките градови во Републиката во кој смог скоро и да нема. Најголем допринос за ваквата состојба е непостоење на загадувачка индустрија и отсуство на тешка индустија а домонантниот штипски ветер кој е присутен многу често помага во проветрувањето на градот. Општата состојба на животната средина, во споредба со состојбите од пред 10-15 год. сигурно е во полоша состојба. Ова произлегува од фактот дека сигурно е зголемен бројот на изворите на чад и гасови; зголемен е бројот на сите видови на моторни возила; зголемен е бројот индивидуалните ложишта... Сето ова допринрсува чистотата на воздухот во рамките на потесното градско подрачје да станува се по проблематична. Метеоролошката станица лоцирана на запад во месноста викана Каленица непосредно до концентрираната работна зона, е синоптичка, т.е. ги прати само метеоролошките појави а не и состојбите со загадувањето на животната средина. Во последните неколку години, во рамките на градското подрачје направени се доста интревенции на планот на модернизација на проширување на градската канализација. Изградени се позначајните колектори и ставени во употреба, со тоа состојбата во гртадот од овој аспект е мошне подобрена, смалени се можностите за загадување на подземните води, за загадување на водата во градскиот водоводен систем и за загадување на површинските води. Мегутоа заради непостоење на пречистителна станица, зголемениот волумен на отпадни води неконтролирано се испушта во Брегалница во западниот дел од градот, каде повеќекратно се влошени условите во поглед на загадување на околината за сметка на санација на станбените делови. Водата за пиење, се прочистува во прочистителна станицафабриката за чиста вода, истата постојано се контролира преку надлежните организации, во поглед на бактериолошка и хемиска чистота. Извориштата за хигиенската вода се подземни, Комуналната организација “Исар” се грижи за спазување на чистотата на изворишата од кои се прибира водата. Градското и вонградското зеленило, кое се смета за организирано, како И другите слободни и неизградени површини, не се одржуваат на потребното ниво, така да претставуваат значителен извор на прашина: и онака оскудните јавни зелени површини постепено се подјадуваат било со поставување на привремени објекти (бараки, киосци, па дури и кафулиња) и пристапи и манипулативни површини околу нив, било со предлози за инфилтрирање на градежни објекти во зелени неизградени површини, со образложение дека соодветните содржини се комплементарни на зеленилото. Односот на граѓаните кон зеленилото е на незадоволително ниво- на очајно низок степен. Доказ за тоа е комплетното наше окружување: улиците и другите јавни површини кои наликуваат на отворени депонии за секакви отпадоци и ѓубре а да не зборуваме за просторуите околу градот надвор од урбанизираниот простор кој егзистира. Кон тоа секако допринесува и недоволното ангажирање на комуналните организации и активноста на комуналните инспектори.

3.6 Податоци за создадени вредности и чинители на планскиот опфат

Податоци за создадени вредности и чинители Планската документација за просторот кој го опфаќа **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** е на терен кој што е претежно градежно неизграден. Од анализата на постојната состојба произлегуваат следните заклучоци:

Просторот во најголем дел е градежно неизграден. При обиколка на теренот, забележани се следните состојби:

- Во рамките на предметниот простор објектите се во добра состојба;
- Уличната мрежа е делумно оформена со постоечки булевар со коловоз и тротоари, а на секундарната мрежа има делници кои не се оформени и не се појавуваат асфалтирани коловози и тротоари.
- Пристапите се со променлива широчина, а и материјализацијата на истите е различна;

Сообраќајно планскиот опфат е дефиниран. До просторот на планскиот опфат има постојни асфалтирани улици, кои поминуваат по границите на планскиот опфат.

Во рамки на планскиот опфат сообраќајната мрежа ја сочинуваат улици од примарната улична мрежа и градски магистрални улици.

За просторот потребно е дооформување и дополна со осовременување на инфраструктурните системи со што потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи;

Од сите овие аспекти потребно е да се пристапи кон изготвување на планската документација - **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип за наредниот период 2024-2029 година**.

3.6.1 Намена на земјиштето

Според анализата на постојната состојба, најголемиот дел од земјиштето во рамките на планскиот опфат е неизградено. Неизграденото земјиште е во најголем дел неуредено и запуштено.

Останатиот дел од земјиштето е со намена лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД С3.03 - ПОСТОЈАНА СОСТОЈБА - ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ			
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	**ПОВРШИНА (м²)**	**ПОВРШИНА (ха)**	**ПРОЦЕНТ %**
Н3 (НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)	48379.29	4.84	94.33
Г2 (ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА)	274.20	0.03	0.53
Д2.1 (ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО)	646.87	0.06	1.26
Е1.1 (УЛИЧНА МРЕЖА, ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ)	1984.65	0.20	3.87
ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТ:	**51285.00**	**5.13**	**100.0**

3.6.2 Инвентаризација на градежен фонд

Со увид на терен земени се податоци за:

- градежниот фонд (конструкција, катност, намена и состојба на објектите);
- катастарските парцели (граници, големина, уреденост, обработка на слободниот простор и сл.);
- улична мрежа и пристапи (ширина, обработка, состојба);
- друга инфраструктура (водовод, канализација, електро-енергетска мрежа и објекти, топлификација и др.);
- простори и содржини од јавен интерес.

Сите резултати од состојбата на терен се систематизирани и прикажани во табели и графички прилози.

Со анализа на табеларно прикажаните податоци, извршена е нивна детална обработка и класификација на добиените податоци при што се добиени согледувања од повеќе аспекти: изграденост, функционална искористеност на просторот, дистрибуција на јавни функции и друго.

Во целиот плански опфат обележани се според намена на земјиштето и дефиниција на наменската употреба на тие површини и графички е прикажана во размер 1:1000, односно согласно Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и изработен е **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип**, со дисперзна просторна диспозиција.

За целиот плански опфат добиени се основните урбанистички показатели кои табеларно се средени:

Земјиштето на предметниот простор со површина од **5,13 ха** и е ангажиран воглавно со основна класа на намена **Г2** лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

На теренот во постојните КП присутни се градби со следната намена:

- **Н3** – Неизградено земјиште е најзастапено и е околу 94,33%,
- **Г2 –** лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија застапени се со 0,53% од сите присутни градби,
- **Д2.1 –** Линиско сообраќајно зеленило застапени се со 1,26% од сите присутни градби
- **Е1.1 –** Улична мрежа, тротоари, пешачки патеки и јавни паркинзи застапени се со 3,87% од сите присутни градби

Предметниот опфат е со површина од **5,13 ха**. Во границите на опфатот се регистрирани 1 објекти, со намена **Г2** – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија. Во однос на катноста, во рамките на планскиот опфат доминираат објекти со следната катност П+1.

Единствениот објект кој е во предметниот локалитет е во добра состојба на одржаност. Притоа, треба да се напомене дека и покрај добрата состојба на одржаност, објектот е граден плански, и истиот главно ги задоволува современите стандарди за уредување на просторот.

Во однос на конструкцијата, изведениот објект е со армирано-бетонски скелетен систем на градба, кој се смета за поволен за асеизмички подрачја на градба.

Преку анализа на податоците добиени од теренските снимања, добиени се следниве параметри за постојната состојба:

- број на објекти: 1
- површина на објекти: 274,20 m²
- вкупна изградена површина (на сите нивоа): 548,39 m²
- број на домаќинства: 0
- број на жители: 0

ДЕЛ ОД БЛОК С3.03, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП									
Катастарска парцела	Вкупна површина на катастарска парцела во опфат (m2)	Бр. на градба/објект	Намена на градба	Површина на градба во основа (m2)	Висина на градба (m1)	Катност	Развиена површина по катови (m2)	Конструкција	Состојба
дел од КП 1386/1	1629,58	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1306	116,77	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1311	319,68	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1110	1817,76	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1112	169,98	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1111	316,49	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1167	519,48	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1134	227,07	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1135/2	59,46	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1135/1	917,83	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1122	1044,03	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1275	2296,74	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1257	848,39	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1267	509,72	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1266	63,95	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1268/1	216,53	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1269/2	117,14	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1313/1	543,04	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/9	1092,15	03.01	Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	274,20	9,20	П+1	548,39	скелетна	добра
дел од КП 1313/12	98,04	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/11	1933,06	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/13	3026,48	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/4	4433,91	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/3	11,43	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/2	88,93	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1273/1	4777,27	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1315/1	6314,25	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1317	1,37	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1278	7152,77	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1394/1	7,94	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1395/1	477,30	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1395/2	38,40	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1396/1	468,18	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1396/3	334,29	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1277/1	6626,36	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1390	15,42	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1272/2	2,05	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1135/3	20,26	/	Н3 - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1110	227,95	/	Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1386/1	1756,70	/	Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1110	0,71	/	Д2.1 - Линиско сообраќајно зеленило	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1386/1	646,16	/	Д2.1 - Линиско сообраќајно зеленило	/	/	/	/	/	/
ВКУПНО:			/	274,20	/	/	548,39	/	/

При инвентаризација на просторот за кој се изработува **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**, добиени се основните основните урбанистички показатели кои се табеларно изразени во следните табели:

КОНСТРУКТИВЕН СИСТЕМ		
конструктивен систем	**број на објекти**	**процент на застапеност**
скелетна констукција	1	100%
челична конструкција	0	0%
бондручна конструкција	0	0%
ВКУПНО:	**1**	**100%**

СОСТОЈБА НА ОДРЖАНОСТ		
состојба на одржаност	**број на објекти**	**процент на застапеност**
добра	1	100%
средна	0	0%
лоша	0	0%
ВКУПНО:	**1**	**100%**

3.6.3 Демографија

Според добиените теренски податоци за предметниот локалитет, утврдени се 0 домаќинства, со вкупно 0 жители.

ДЕМОГРАФИЈА				
Класа на намена	**Бруто развиена површина во (m2)**	**Број на домаќинства**	**Број на жители**	**Густина на населеност ж/ха**
А1 - Куќи за домување	0.00	0	0	0
А2 - Станбени згради	0.00	0	0	0
ВКУПНО:	**0.00**	**0**	**0**	**0**

Бројот на жители е пресметан на следниот начин:
За класа на намена **А1** пресметано е 0 жители/m^2 од бруто изградена површина
За класа на намена **А2** пресметано е 0 жители/m^2 од бруто изградена површина

Густината на население во рамките на опфатот изнесува жители/хектар (пресметано врз основа на површина на плански опфат P = 0ха).

3.6.4 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура

3.6.4.1.Сообраќај

Самиот плански опфат, односно Блок СЗ 03.03, сообраќајно е поврзан со останатиот дел од градот преку постојните улици и тоа: Градска магистрала ул.Гоце Делчев со профил на сообраќајница (тротоар 5,00m – коловоз 14,00m – зеленило 5,00

m -тротоар 5,00m) која го тангира планскиот опфат од северна страна. Низ планскиот опфат не се забележуваат други улици со формиран сообраќаен профил.

Од вкупната површина на овој плански опфат, од 1984,65m2 или 3,87% му припаѓа на постојната сообраќајна инфраструктура (улична мрежа, тротоари, пешачки патеки и јавни паркинзи) која е присутна и го опслужува опфатот и поширокатa околина.

3.6.4.2. Хидротехничка и комунална инфраструктура

Планскиот опфат на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** е со површина од **51285,01 m^2 (5,13ха)**.

Во поголемиот дел од планскиот опфат не постојат изградени градби во постоечките КП така што во планскиот опфат треба да се планира се со цел да се створат реални санитарно-хигиенски услови за потребата на граѓаните, а воедно целосно да се заштити непосредната средина.

Водовод

Според изводот од ГУП за град Штип со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година, низ планскиот опфат поминува водоводна мрежа со профил од Ф40. Во зависност од потребите на станбените, деловните и јавните објекти, како и за потребите од противпожарна вода, понатаму е потребно планирање на дополнителни количини на вода. Доколку при планирањето и изведбата се наиде на инсталации кои е потребно да се изместат од постоечката позиција потребно е да се изработи техничко решение кое ќе се ревидира и одобри од ЈП ИСАР – Штип, а ќе се изведе на трошок на Инвеститорот. Истата ќе се обезбеди од градската водоводна мрежа, како и од сопствени бунари.

Фекална канализација

Според изводот од ГУП за град Штип со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година, во рамките на планскиот опфат нема постоечка изведена фекална канализациона мрежа. Во зависност од потребите на станбените, деловните и јавните објекти, понатаму е потребно планирање на фекална канализациона мрежа и истата треба да се усогласи со планските решенија од ГУП за град Штип.

Атмосферска канализација

Според изводот од ГУП за град Штип со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година во планскиот опфат нема постоечка атмосферска канализација. Во зависност од потребите на станбените, деловните и јавните објекти, понатаму е потребно планирање на дополнителна атмосферска канализациона мрежа и истата треба да се усогласи со планските решенија од ГУП за град Штип.

3.6.4.3. Електро-комуникациска и толификациска инфраструктура

- Според податоците од дописите, Добиени од ЕЛЕКТРОДИСТИРБУЦИЈА ДООЕЛ – Скопје, со бр.10-23/2-454 од 07.11.2024 година евидентирани се следните инсталации на дистрибутивнамрежа и објекти:

- Среднонапонски подземен кабелски вод 35kV
- Среднонапонски подземен кабелски вод 10(20)kV
- Нисконапонски надземен кабелски вод 0,4kV

Снабдувањето со електрична енергија во Блокот се врши преку повеќе постојни ТС меѓусебно поврзани, како и други ТС лоцирани во непосредна близина на планскиот опфат.

Среднонапонскиот кабелски вод 10(20)kV е составена од подземни кабелски водови, распоредени по сообраќајници, за побрз пристап во случај на хаварија-дефект на мрежата. Дел од мрежата поминува низ постоечките парцели дел од овој опфат каде има и една постојна среднонапонска ТС.

Постојната нисконапонска кабелска мрежа 0,4kV изведена е према моменталните потреби на корисниците-потрошувачите и истата се состои од подземна мрежа.

Снабдувањето со електричната енергија на постојниот корисник во опфатот со намена лесна преработувачка и незагадлувачка индустрија е задоволено.

Електричната енергија испорачана до постојниот корисник е со потребен квалитет, со константна фрекфенција и напон кој се движи во дозволените граници.

Електрична мрежа надземни и подземни водови е сопственост на ЕЛЕКТРОДИСТИРБУЦИЈА ДООЕЛ – Скопје.

- Според писмо добиено од АД МЕПСО – Скопје, со бр.11-7025/1 од 05.11.2024 година во рамките на планскиот опфат за **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип**, не се пресекува или вкрстува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД Мепсо.

Комуникациска инфраструктура и опрема

- Според податоците добиени од Македонски Телеком – Скопје со бр.66050 од 06.11.2024 година, А1 Македонија ДООЕЛ – Скопје со бр.11-6490/1 од 06.11.2024 година евидентирана е телекомуникациска инфраструктура и опрема. Истата е вградена во графичките прилози од Документационата основа.

Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип, целосно е снабден со телефонска мрежа, која е изведена според моменталните потреби, а поставена подземно и воздушно на дрвени и дел на бетонски столбови.

По тротоарот на постојните сообраќајници, се поставени главни телефонски напојни водови кои се обележани во графичкиот прилог - постоечка состојба.

Истата е изведена како подземна инсталација со: подземни телефонски инсталации (телефонски кабел) со прстенаст развод , на постојните сообраќајници.

Телекомуникационата – телефонска инсталација (мрежа) е во сопственост на Македонски Телеком АД – Скопје и А1 Македонија ДООЕЛ - Скопје.

Топлификациска инфраструктура

Во границите на планскиот опфат кој е предмет на Документациската основа според податоците добиени од НОМАГАС АД – Скопје со бр.08-5254/2 од 01.11.2024 година НЕ постои ниту има планирана гасоводна мрежа во опфатот на **овој Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**.

3.7 Анализа на документациона основа

Од анализата на постојната документација и просторните можности на локалитетот произлегуваат можности за реализација на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**. Искористувањето на конфигурацијата на теренот и другите природни фактори и вклопувањето на предвидените објекти во тој амбиент дава можност за добар просторен развој на Општина Штип. Како резултат на аналитичко истражувачкиот процес на постојната состојба, констатирано е следното:

- Вкупната површина на блок СЗ.03, Општина Штип изнесува 5,13 ха;Просторот во предметниот плански опфат е ангажиран за објекти за образование, здравство и здравствена заштита, дрвореди и друго украсно зеленило, спорт и рекреација.
- Вкупната површина на неизградено земјиште е 48379,29 m2 што изнесува 94,33% од вкупната површина на планскиот опфат.
- Единствениот изграден објект во опфатот е приземје и кат– 1 објект што преставува 0,53%
- Во однос на конструкцијата 100% или единствениот изграден објект е со скелетна градба.
- Анализата на состојбата на одржаност на објектите укажува дека единствениот 1 објект е во добра состојба или 100,00%.

Од анализата на постојната состојба произлегува:

- Потребно е усогласување на постојната површина за градење и максималната висина на градбата со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.
- Локалитетот е урбанизиран но не е целосно оформен;
- Потребно е дооформување на сообраќајните профили согласно хиерархиската функционална класификација и вклопување во сообраќајниот систем на градот како и решавање на сообраќајот во мирување (паркирање);
- Потребно е оптимално димензионирање на капацитетите на комуналната инфраструктура;

Према заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките дадени со ГУП на Град Штип од 2019год, можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

- Рационално искористување на градежното земјиште;
- Дефинирање на површини за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност во рамките на планскиот концепт;

Оптимално димензионирање на комуналната инфраструктура на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип** со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да

предложи развој што ке овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти)

3.8 Анализа на можностите за просторен развој

Према заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките од планските документи, можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

- рационално искористување на градежното земјиште;
- воведување на нови намени согласно важечкиот ГУП;
- дефинирање на површини за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност во рамките на планскиот концепт;
- решавање на сообраќајот и сообраќајот во мирување (паркирање);
- оптимално димензионирање на комуналната инфраструктура.

Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип, со доследна примена на актуелната законска и подзаконска регулатива, треба да предложи развој што ќе овозможи подобар степен на искористеност на градежното земјиште и можност за планирање на просторот (организација, уредување и изградба на објекти).

3.9 Извод од план од повисоко ниво

За подрачјето на планскиот опфат има изработена претходна урбанистичка документација и тоа , на Блок С3.03, оформен со ГУП на град Штип (2019-2029) и побаран е Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година.

Со оглед на тоа дека според постоечката планска документација за предметниот опфат, потребна е изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип** изработена е оваа планска документација како Детален урбанистички план, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24) и Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

3.9.1. Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ

Член 1

1) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се најдирективниот и најнормативниот дел од планот со кој се остварува принципот на нормативна субординација на Генералниот урбанистички план во деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува.

2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат исклучиво од планските услови со правно дејство кои се формулирани на номотетички,нормативен, експлицитен, логичен и непротивречен начин.

3) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се состојат од плански услови со кои се дефинираат сите просторно-физички параметри на планираните супра и инфраструктури, како и сите услови за градење и начини на употреба на земјиштето и градбите.

4) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план ги содржат интегрирани планските услови од текстуалниот, нумеричкиот и графичкиот дел од Генералниот урбанистички план со директивно планерско и правно дејство.

Член 2

1) Условите за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на Генералниот урбанистички план се состојат од општи и посебни услови .

2) Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на целата територија на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план и на начинот на формулирање на планските услови, нивното читање, толкување и правно дејство.

3) Посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се однесуваат на територииите на поединечните урбанистички единици на градежно земјиште на кои е поделен планскиот опфат на Генералниот урбанистички план со кои ќе се спроведува Генералниот урбанистички план.

Член 3

Во графичкиот дел од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се презентирани формираните граници на единици на градежно земјиште за спроведување на Генералниот урбанистички план. Границата на детално планирање е граница на Детален урбанистички план.

Член 4

1) Посебните услови за спроведување на планот се плански услови кои имаат императивно правно дејство, распоредени се според планерските просторни единици утврдени во Генералниот урбанистички план и се однесуваат за секоја единица на градежно земјиште посебно.

2) Посебните услови за спроведување на планот претставуваат инструмент за просторна дистрибуција на планските услови од Генералниот урбанистички план во планерските просторни единици со кои Генералниот урбанистички план треба да се спроведува.

3) Графичките делови од општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите за спроведување на планот се изработени во размер 1 : 10 000.

Член 5

1) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните услови за планирање и развој на просторот за секоја урбана четврт, а за секој плански опфат на деталните урбанистички планови се дадени границите.

2) Во графичкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинирани специфичните плански услови кои ги дефинираат посебните услови за планирање, развој и користење на просторот како што се:

- граници на урбаните четврти и граници на плански опфат на деталните урбанистички планови,
- граници на зони за наменска употреба на земјиштето,
- наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со системот на класи на намени,
- локации за сингуларни намени за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес како и обврзни површини од јавен интерес прикажани со пиктограми,
- регулациски линии на примарната сообраќајна мрежа,
- површини за јавна употреба од значење за Градот,
- елементи за просторно разместување и димензионирање на водовите и градбите од примарните мрежи на сите градски инфраструктури: водоводни, канализациски, електрични, топловодни, телекомуникациски и други.

3) Во текстуалниот и нумеричкиот дел од посебните услови за спроведување на планот се дефинираат:

- површините на урбанистичките единици на градежно земјиште - четврт,
- површините на наменските зони и наменската употреба на градежното земјиште со процентуална застапеност, односно површината на наменската зона изразена во хектари,
- степенот на уреденост на градежното земјиште на подрачјето и капацитетот и режимот на понатамошното уредување,
- специфичниот режим на планирање, градење и употреба на земјиштето во зоните за наменска употреба на земјиштето,

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

Член 6

1) Граница на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е линиски симбол во графичкиот дел на планот со кој се уредува подрачјето на кое урбанистичкиот план е на сила.

2) Граница на планскиот опфат е затворена линија што го опкружува подрачјето на кое се протега правното дејство на Генералниот урбанистичкиот план.

3) Подрачјето на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план кое е опкружено со границата на планскиот опфат се здобива со статус на градежно земјиште,

чија што намена и начин на уредување, градење и користење се утврдени со урбанистичкиот план.

Член 7

1) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е рационална, економична, правилна линија на опкружување со колку што е можно помала должина.

2) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е линија што се совпаѓа или ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.).

3) Граница на плански опфат на Генералниот урбанистички план е линија која нема да ја намалува вредноста на земјиштето што го дели или да ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови.

Член 8

1) Границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Штип е плански услов кој се уредува во Генералниот урбанистички план на Град Штип на графички и текстуален начин.

2) Графичкото обележување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е испрекината црвена линија со дебелина од 2мм.

3) Електронското обележување на границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план е со нумеричко одредување според геодетските оски x и y, на сите прекршни точки на математичката линија на границата.

4) Границата на планскиот опфат на Генералниот урбанистички план на Град Штип е предадена и на текстуален начин со ориентационен опис на нејзината траекторија според виканите места, називите на сообраќајниците, бројот на градежните парцели во прекршните точки без викано име и страните на светот.

Член 9

Правното дејство на границата на планскиот опфат стапува на сила со донесувањето на Генералниот урбанистички план.

ГРАНИЦИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Член 10

1) Во Генералниот урбанистички план се одредени границите на територијалните единици за планирање, и тоа:

- граници на подрачјата на урбаните единици – четврти

Член 11

1) Границите на урбана единица - четврт по правило се совпаѓаат со регулациските линии од примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат и со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени.

2) Граници на Блокови се совпаѓаат со осовините на примарната сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат со линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, осовини на водени текови и др.).

3) Граници на планските опфати на деталните урбанистички планови се совпаѓаат со осовините на примарната или секундарна сообраќајна мрежа, а можат да се совпаѓаат со граници на наменски зони и линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, осовини на водени текови и др.).

3) Граница на плански опфат на детален урбанистички план во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

4) Граница на урбана единица - четврт во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината сина линија со дебелина од 1,0мм.

5) Граница на Блок во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината портокалова линија со дебелина од 1,0 мм.

6) Граница на Детален урбанистички план во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се обележува со испрекината црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

Член 12

1) Границите на урбаните единици - четврти во графичкиот дел на Генералниот урбанистички план и во општите услови за реализација на планот се предаваат со алфа - нумеричко обележување.

РЕГУЛАЦИСКА ЛИНИЈА

Член 13

1) Регулациска линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

2) Регулациската линија претставува линија на разграничување помеѓу носителите на правото на градење, при што кај земјиштето за општа употреба правото за градење секогаш и припаѓа на општествената заедница (општина, град, држава), додека кај парцелираното земјиште правото за градење можат да го имаат сите физички и правни лица од републиката и од странство кои ќе ги исполнат законските услови за тоа.

Член 14

1) Регулациската линија во Генералниот урбанистички план е дефинирана како ортогонална проекција на пресекот на вертикална рамнина или закривената вертикална површина со површината на теренот.По вертикалната рамнина или закривената вертикална површина се протега правната дефиниција на разграничувањето, и тоа над и под котата на теренот колку што е одредено со планот.

2) Со регулациската линија во Генералниот урбанистички план се обележани коридорите на примарната сообраќајна мрежа на улици и површини за јавна употреба од градско значење кејови - реки, плоштади, плоштадки и други.

3) Регулацискатa линија во графичкиот дел од Генералниот урбанистички план е обележана со полна зелена линија со дебелина од 1,0 мм.

4) Регулациските линии во графичкиот дел од Генералниот урбанистички план се предаваат во електронска форма векторски одредени, со нумеричко одредување на сите прекршни точки на регулацискатa линија според геодетските оски x и y , значи со прецизност и во форма во која може директно да се спроведуваат.

НАМЕНСКИ ЗОНИ И ГРАНИЦИ НА НАМЕНСКИТЕ ЗОНИ

Член 15

1) Намената на земјиштето во Генералниот урбанистички план се уредува на ниво на наменска зона во рамките на секоја четврт.

2) Наменска зона е ограничена површина на градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Член 16

1) Границата на наменска зона е линија која го опкружува подрачјето на наменската зона и во Генералниот урбанистички план се обележува со полна црвена линија со дебелина од 1,0 мм.

2) Границите на наменските зони можат но не мораат да се совпаѓаат со другите граници на територијалните единици за планирање, но мораат да се совпаѓаат со регулациските линии во Генералниот урбанистички план.

Член 17

Уредувањето на намената на земјиштето во Генералниот урбанистички план се врши со системот на класи на намени според членовите 24 - 33 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 142/15, 217/15,222/15, 228/15, 35/16, 99/16 и 134/16).

Член 18

1) Во формирањето на четвртите како единици на градежно земјиште, системот на класи на намени се употребува на следните начини:

1. Кога една намена или класа на намени е единствената и исклучива компонента во четвртта.
2. Кога една намена или класа на намени е доминантна компонента во четвртта, а другите намени се со процентуална застапеност.
3. Кога четвртта не е хомогена од аспект на историодност на намената или класата на намени, туку се формира од повеќе различни намени, класи на намени или групи на класи на намени. Овие четврти се со мешана намена на земјиштето и се формираат со хомогенизација врз основа на начинот на мешање на повеќе компатибилни намени на ист простор - што станува основна карактеристика и именител на зоната на мешана намена.
4. Кога различни намени, класи на намени или групи на класи на намени се утврдени во посебни наменски зони во четвртта.Во планската

документација од пониско ниво, некомпатибилните намени
задолжително да се издвојат со тампон зони.

2) Означувањето на наменските зони во Генералниот урбанистички план овозможува нивно недвосмислено спроведување, па во графичките прилози План на намена на земјиштето, Синтезен план и Посебните услови за спроведување на планот, комплетната ознака на наменската зона содржи компонента на означување: 1. Ознаката на класата на намени.

Член 19

Во Генералниот урбанистички план се предвидуваат зони со сингуларна намена или локации на градби од јавен интерес, во оние случаи кои произлегуваат првенствено од потребата да се заштити стандардот на специфични форми на домување, поради специфични технолошки барања, барања поврзани со заштитата на животната средина или кога станува збор за локации за градби за кои со закон е утврден јавниот интерес.

Член 20

Утврдувањето на степенот на превладување на една класа на намени во една наменска зона, во Генералниот урбанистички план е непосредно поврзано со карактеристиките на секоја конкретна зона односно со нејзината припадност на секаја конкретна урбанистичка единица на градежно земјиште на просторот.

Член 21

Одредувањето на наменски зони со мешани намени без превладувачка намена, како планска одредба во Генералниот урбанистички план, се користи само во случаи кога со тоа ефикасно се интензивира искористувањето на градежното земјиште како необновлив ресурс, значи во централноградски подрачја или во слични ситуации кога тоа овозможува рационално користење на градското земјиште, енергијата, инфраструктурата, како и за остварување на барањата поврзани со заштитата на животната средина.

Член 22

1) Генералниот урбанистички план го утврдува оптималното учеството на компатибилните намени и класи на намени во мешаните наменските зони, во рамките на процентуално учество најмногу до максимален однос согласно нормативите утврдени во правилник. Компатибилноста на намените се утврдува во планска документација од пониско ниво на ниво на наменска зона или на ниво на градежна парцела согласно правилнички нормираните минимални и максимални вредности на нивното процентуално учество.

2) Оценувајќи ги конкретните услови за секоја зона поединечно, во Генералниот урбанистички план се утврдува колку од списокот на можни компатибилни намени ќе бидат дозволени да коегзистираат или да се мешаат во рамките на една мешана наменска зона и колкав ке биде процентот на учество на секоја намена. Ова е специфицирано за секоја четврт поединечно, во форма на плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои се поместена во посебните услови за спроведување на планот.

3) Во рамки на наменските зони од класата Б, В и Г е дозволено поставување на компатибилни класи на намена од класата Е кој се однесува на градби за производство на енергија од типот на фотоволтаични електрани до максималните дозволени проценти. Компатибилноста може да се спроведува на ниво на наменска зона и/или на ниво на поодделни градежни парцели.

Член 23

1) Нормираните табели за компатибилни намени и нивно максимално процентуално учество во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање се општа нормативна рамка во која се поместени максималните вредности кои смеат да се достигнат во екстремни случаи.

2) Во Генералниот урбанистички план според императивното програмско барање се одбегнуваат правилнички нормираните максимуми, кои се наменети за целата територија на РМ, а се одредуваат минималните, оптималните односно плаузибилните вредности на урбанистичките параметри за секоја конкретна наменска зона поединечно во рамките на секоја четврт.

3) Генералниот урбанистички план ги утврдува намената на површините и елементите на наменска дефиниција за секој конкретен случај односно за секоја конкретна локација и за секоја наменска зона, во зависност од степенот на уреденост на градските делови, нивната локација во Градот и основниот карактер на просторот.

4) Во Генералниот урбанистички план За парцелите со Класа на намена В1 (Образование) и А3 Ученички или студентски домови) не се дозволуваат компатибилни класи на намени, освен Д3-Спорт и рекреација со максимално учество од 20% во однос на основната класа на намена. Разработката на предметната парцела (со намена В1) ќе биде со Основен проект.

ПОДЕЛБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ НА ЕДИНИЦИ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ПРОСТОРНА ДИСТРИБУЦИЈА НА ПЛАНСКИТЕ УСЛОВИ

Член 24

1) Методолошки императив на урбанистичко планирање е просторната дистрибуција на планските услови на Генералниот урбанистички план да бидат според територијалните единици на градежно земјиште кои се утврдени во планот, а според кои понатаму ќе се врши еднозначно артикулирана и контролабилна реализација и спроведување на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Генералниот урбанистички план во процесот на деталното урбанистичко планирање.

2) Поделбата на урбанистичките единици на градежно земјиште се врши на графички начин во Генералниот урбанистички план.

Член 25

1) Генералниот урбанистички план ги утврдува критериумите за одредување и формирање на урбанистичките единици на градежно земјиште.

2) Клучен елемент во утврдувањето на единиците на градежно земјиште за планирање претставува нивната диспозиција, диспозицијата на примарната сообраќајна мрежа и природата и степенот на нивната намена и оформеност.

Член 26

1) Во рамките на утврдените урбанистички единици на градежно земјиште Генералниот урбанистички план треба да ги утврди:

- деловите кои имаат различен степен на уреденост на градежното земјиште како основа за дефинирање на основната природа на идните зафати,
- граничните состојби за кои се потребни специфични мерки (заштитни или стимулативни) во деталните урбанистички планови,
- општите и посебните услови за планирање, развој, градење и урбана опременост.

2) Секое урбанистичко подрачје има различен степен на оформеност, дистинктивност и програмска дефиниција, при што Генералниот урбанистички план со плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите треба да го утврди различниот степен на изграденост, наменската дефиниција на зоните и приоритетите во реализацијата на планските определби, како и степенот на деталноста на општите и посебните услови за планирање и спроведување на планот.

Член 27

1) Во Генералниот урбанистички план за Град Штип 2014 – 29 се формираат следните единици на градежно земјиште:

- урбани четврти
- поделба по блокови
- плански опфати на деталните урбанистички планови

2) Просторната дистрибуција на сите плански услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во Генералниот урбанистички план се врши врз основа на поделбата на територијата на Градот (планскиот опфат на Генералниот урбанистички план) на просторните единици од став 1 од овој член, кои служат како урбанистички единици на градежно земјиште.

3) Просторната распределба на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите на Генералниот урбанистички план според подрачјата на урбаните четврти е единствена методолошка гаранција која обезбедува ефикасно и контролирано спроведување на Генералниот урбанистички план.

4) Спроведувањето на Генералниот урбанистички план по пат на изработување и донесување на детални урбанистички планови е можно само со совпаѓање на просторните единици за планирање на кои е поделен планскиот опфат на Генералниот урбанистички план со планските опфати на деталните урбанистички планови за четврти со кои Генералниот урбанистички план треба да се спроведува.

ПРОСТОРНА ДИСТРИБУЦИЈА И ДЕФИНИРАЊЕ НА ПЛАНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Член 28

Генералниот урбанистички план и деталните урбанистички планови со кои тој ќе се спроведува, дефинирањето на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите и нивната просторна дистрибуција во планската документација на Генералниот урбанистички план се врши со потполно дефинирање на планските услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите и нивна просторна дистрибуција до нивото на урбана четврт.

Член 29

Заради ригидноста на системот на урбанистичко планирање во кој не постои неопходното усложнување на системот за решавање на различните видови на проблеми во рамки на планскиот опфат, поради не постоење на неоходната диверзификација на видовите на детални планови за разрешување на ситуации од различен вид на сложеност, како и заради преголемата разлика на размерите на Генералниот урбанистички план на Град Штип и на деталните урбанистички планови со кои тој се спроведува, за да се обезбеди квалитетно спроведување на планот и контрола на просторниот развој на Градот, неопходно е воспоставувањето на систем на континуирано планирање на Генералниот урбанистички план во процесот на неговото спроведување.

Член 30

Системот на континуирано планирање низ разработување на Генералниот урбанистички план во консекутивна постапка во процесот на неговото спроведување треба да се одвива на две независни нивоа, во рамки на постапки кои се во оригинерна надлежност на Градот Штип. Тоа се:

1) Обезбедување на планирање преку непрекинато детализирање на планот со координиран процес на изменување и дополнување на приоритетни групи на територијални единици на градежно земјиште.

2) Обезбедување на податоци за состојбите во просторот кои ќе бидат агрегирани според воспоставената шема на територијални единици на градежно земјиште, и континуирана и дифузна активност за детализирање на планот преку негово пунктуално изменување и дополнување на поединечни урбани подрачја или инфраструктурни зафати.
Кино	9	1.400		37	да	не
Работнички универзитет	12	2.060		32	објектот е за комплетна реконструкција	да
Пионерски дом	16	2.000		15	да	да
Вкупно	121	14.997				

Најголем број на објекти во кои егзистираат гореспоменатите дејности се изградени во последните дваесеттина години, така да нивната физичка состојба ги задоволува тековните потреби.

Мора да напоменеме дека последните неколку години во повеќето од овие објекти се одвиваат и работи кои се надвор од дејноста за која е изведен објектот.

Во зградата на Пионерски дом работи модна конфекција. Во објектот на библиотеката до пред извесно време егзистираше модна конфекција. Сево ова наведува на големи размислувања дека нешто не е како што треба во работењето на гореспоменатите институции.

3.5.6. Културно - историско наследство (Градителско наследство)

Штипско Ново Село преставува амбиентална целина со исклучително културно-историски вредности. Осумдесеттите години направен е детален план на овој простор од градот во кој е направена поделба на спомениците по категории,извршено е вреднување на одделни објекти и амбиентални целини и е одреден начин на кој може да се реализира нивната ревитализација. Меѓутоа во меѓувреме се реализираа неколку објекти при што не беа почитувани условите дадени од Музејот на заштита на спомениците на град Штип. Така Ново Село почна да губи од својата вредност.

Голема грешка е што се дозволи и асфалтирање на дел од ул."Никола Карев"и "Крсте Мисирков".

Во Заводот на заштита на спомениците на културата на град Штип регистрирани се вкупно 70 објекти-споменици на културата кои се ставени под заштита на законот.Тие се поделени во 3 категории:

1 категорија: -регистрирани се вкупно 41 објект од кои 18 во централната зона на градот и 23 во Штипско Ново Село(претежно народна архитектура);

2 категорија: -регистрирани се 27 објекти од народната архитектура во Штипско Ново Село;

3 категорија: -регистрирани се 2 објекта во Штипско Ново Село.

25. ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ШТИП

УСЛОВИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА

Чл.23

Врз основа на член 19 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање ("Сл.Весник на СРМ" број 38/90), Министреството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија донесе Насоки за просторните стандарди и урбанистичко технички услови за потребите на инвалидизирани лица, со кои се одредуваат просторните стандарди, урбанистичко техничките услови и нормативи за спречување на создавање на архитектонско -урбанистички бариери, кои можат да го спречат или отежнат движењето на инвалидизираните лица.

Чл.24.

При реконструкцијата на објкетите, односно сообраќајниците, ако е тоа економски оправдано , да се вградат елементите на овие насоки, во смисла на изведба на рампи, обележување на стаклените површини закосување на тротоарите и сл.

18. СООБРАЌАЈ И СООБРАЌАЕН СИСТЕМ НА ГРАД ШТИП

18.12. Генерален опис за планираниот Сообраќаен Систем на гр. Штип до 2010 година

18.12.2. Примарна улична мрежа на град Штип по ГУП 2010 година

18.12.2.1 Градски магистрални улици 2010 година

ГРАДСКА МАГИСТРАЛА ГМ-1

Рбетот на градскиот уличен сообраќаен систем го чини градската магистрала ГМ-1 (види прилог "А"). Тоа е сегашниот коридор во продолжение на улиците "Железничка", "Гоце Делчев" и "Димитар Влахов". Започнува северозападно од градскиот центар при бифрукацијата на републичкиот магистрален пат М-5 на југ, кон Струмица како пат М-6 и на исток кон Кочани како М-5, односно на јазелот Штип-Велес-Кочани-Струмица. Минувајќи на југ од јазелот и западно од постојната железничка-товарна-патничка станица, ГМ-1 ја форсира индустриската зона и минува на левиот брег на река Брегалница. На просторот при постојната меѓумесна автобуска станица се спојува со втората по значај градска магистрала ГМ-2 формирајќи денивелирана раскрсница. Продолжувајќи на југ ГМ-1 со успон околу 6% навлегува во централното градско подрачје. Помеѓу црквата "Св. Архангел" и "Стар Конак" минува низ релативно тесен и густо изграден градски простор. Спојот со улица "Ванчо Прке" ја спојува ГМ-1 со sity-центарот. Продолжувајќи кон југ ГМ-1 оди со пад од околу 6% низ уште потесен коридор и со поголема обострана изграденост на просторот. Поминувајќи западно од црквата "Св.Никола" ГМ-1 се спојува со улицата "Маршал Тито" на десниот брег а со мост преку река Отиња и со улица "Генерал Михајло Апостолски", на левиот брег.

После црквата "Св. Никола", ГМ-1 се упатува на југозапад по јужната падина на ридот "Исар" стигнува до Ново Село и форсирајујќи ја река Отиња со кос мост, минува на левиот брег испод школото "Гоце Делчев" избива на лева обала на р. Брегалница. Заштитена со потпорен зид на левата обала (од р. Брегалница), ГМ-1 минува низ јужниот дел на Ново Село и навлегува во "Клисура" за да јужно од Градски гробишта, користејќи го коридорот на регионалниот пат Р 526 дојде до јужниот урбан кордон на град Штип, и јужно од мостот преку р. Брегалница, се спои со магистралниот пат М-6 кон Радовиш.

Главни ограничувачки фактори за брза изградба на ГМ-1 е потребата за рушење на градителското наследство на просторот од "Македонија пат" па се до влезот во "Клисура", како и изградба на нов мост-западно од сегашниот на р. Брегалница и р. Отиња.

(Делот на ГМ-1 (ул. "Гоце Делчев"-сега "Булевар Гоце Делчев" е реализиран на должина од околу 600м-од "Мал Одмор" до "Алумина"). Вкупна должина на ГМ-1 изнесува околу _____ м.

Сообраќајно значење на градската магистрала ГМ-1 во системот на примарната улична мрежа се состои во следното:

- Служи за далечинскиот иззворно-целен сообраќај-директно поврзувајќи го системот на приамрната улична мрежа и Центарот на градот Штип со магистралните патишта:

  М-5 на север и северо-запад преку Велес

  М-5 на исток со Кочани и Р. Бугарија

  М-6 на југ со Радовиш-Струмица-Неготино-Кавадарци и западниот дел на Р.Македонија и на југо-исток преку преминот Ново Село кон Р. Бугарија.

- Во внатрешниот сообраќај се наоќа на најоптовареният правец на "и-ц" сообраќај на позиција "дом-работа", односно на докажаите во сообарќајната студија најинтензивни магнитуди во вршните часови на оптоварување по насока градски центар-север-северо-запад.
- По ГМ-1 се одвиваат сите линии на јавниот меѓумесен сообарќај кон север-исток-запад-југ,
- Посредно учествува во дистрибуција и на тратнзитни сообраќајни текови по насока Север-Плачковица и Југ-Плачковица, како и товарен сообраќај од Автотоварниот терминал "Нико Петрол".
- Според картограмот на сообраќајното отповарување денес, и во 2010 година е најоптоварената улица од приамрната мрежа.
- Со планираните раскрсници: "Стара бензинска станица", "Алумина", "Мал Одмор" и "Ванчо Прке" таа ќе претставува главен коридор и регулатор на сообраќајните потреби на градот до 2010 година.
- Особено значајна улига ГМ-1 треба да одигра за "приближување" на патничко-товарниот железнички сообраќај кон градскиот центар на Штип. Со својата дисспозиција западно од постојнаат зграда на железничката станица и со своето високо ниво на услуга, со правилно испланирана сообраќајна технологија, ГМ-1 има услови да овозможи натамошно отстојување и развој на железопатниот сообраќај на истата локација, но со современи и атрактивни технолошки решенија на железничкиот сообраќај, како и со урбанистички осмислен станичен плоштад помеќу ГМ-1 и постојната зграда на железничката станица во Штип.

Градска магистрална улица ГМ-2

Втора по сообраќаен значај во системот на примарната улична мрежа во град Штип, е градската магистрална улица ГМ-2.

Сегашниот коридор на постојната булеварски решена улица "Партизанска" на делот од меѓумесната автобуска станица преку раскрсницата со ул. "Брегалничка", "Дујле" до ул. "Сремски фронт" претставува дефинитивно решение до 2010. На овој дел останува неизграден денивелираниот патен јазел со недоизгарденатa ГМ-1, но и да се доизгради до северниот кордон ("Баби").

Започнувајќи на крајниот северен дел на централното градско подрачје, ГМ-2 се протега кон север и клони кон северо-исток, поврзувајќи ги Штип со регионот на планина Плачковица по регионалниот пат Р 601. Протегајќи се од меѓумесната автобуска станица до северниот урбан кордон при населбата "Баби" ова примарна улица ГМ-2 го напуштта урбаниот простор продолжувајќи по регионалниот пат Р 601 кон Плачковица. Вкупна должина на ГМ-2 изнесува околу _____м.

Сообраќајниот значај на градската магистрална улица ГМ-2 во системот на примарната улична мрежа се огледа во следното:

- Служи за директно сообраќајно поврзување на Штип со регионите на североисток кон планината "Плачковица"
- По нејзе се одвива транзитниот дел на сообраќајот по насоките:

  Север - Плачковица и обратно

  Исток - Плачковица и обратно

  Југ - Плачковица и обратно
- Посредно ги поврзува (преку планираните собирни улици) новоизградените станбени населби од североисточниот урбан простор со законите за работа во северозападниот и просторот на централното градско подрачје.
- На нејзе се поврзуваат сите собирни улици од примарната мрежа од левиот и десниот брег на р.Брегалница како и левиот и десниот брег на р. Отиња.

(Сообраќајниот значај на магистралните улици ГМ-1 и ГМ-2 бил согледан и во постојниот концепт на примарната улична мрежа со ОУП на Штип од 1984 година, поради што, делумно се изградени и нивната дефинитивна изградба треба да продолжи во периодот кој следи до 2010 година).

Градска магистрална улица ГМ-3

За сообраќајно "оживување" на планираните функции на просторот ("Пребег" и "Мерите" на југ до "Рибнички чешми" и тој со регионалниот пат Р 526 кон Радовиш, а на североисток до спојот со магистралниот пат М-5 кон Кочани (низ планираните работни зони и тангирајќи ги планираните станбени населби) се протега, третата по важност, градска магистрална улица ГМ-3. По својата должина таа поврзува, исто така, важни улици (магистралната улица МГ-1 (кај стара бензинска пумпа) и повеќе собирни улици од десниот и левиот брег на реките Брегалница и Отиња.

Сообраќаен значај на градската магистрална улица ГМ-3 во системот на примарната улична мрежа на град Штип

- Делот од транзитниот сообраќај од север, исток и југ, индиректно, преку планираните собирни улици со артеријално значење, ги упатува кон регионот на Плачковица, без истиот да го оптоварува централното градско подарчје.
- Целиот планиран урбан простор директно го поврзува со далечинскиот изворно-целен сообраќај на северо-исток кон Р.Бугарија, на север индиректно, преку МГ-1 и М-5, а на југ, индиректно преку регионалнииот пат Р 526 и магистралниот пат м-6 кон граничниот премин Ново Село за Р.Бугарија.
- Посебно место, значај и улога, оваа магистрална градска сообраќајница ќе има во реализација на новопланираните функции на овој урбан простор западно од централното градско подрачје, а на исток од постоечкиот магистрален пат М-6.

18.12.2.2. Градски собирни улици 2010 година

Градска собирна улица СУ-2

Прва според актуелниот сообраќаен тренд и голема преотповвареност по насока север-северозапад, северо-исток, посебно во "вршните часови" од внатрешните сообраќајни "пендел" тонови на позиција "дом-работа" е градската собирна улица со ознака СУ-2. Таа се протега по коридорот на постојните улици "Брегалничка"-"Карл Маркс"-"Вардарска" започнувајќи со "Т" раскрсница (површинска-самофоризирана) со ГМ-1 кај "Мал одмор". Пружајќи се на исток таа ја премостува р. Брегалница ("Камениот мост") и во продолжение се крстосува (со површинска-"проширена"-семафоризирана раскрсница "Дујле" со градската магистрална улица ГМ-2 ("Партизанска"), потоа со "проширена" т-коса рачва се вкрстува со собирната улица "Борис Кидрич" и продолжувајќи на исток завршува на планираната раскрсница СУ-2-СУ-1-СУ "Сутјеска".

Вкупната должина на СУ-2 изнесува _____м.

Сообраќајниот значај на СУ-2 се состои во следното:

- на сите станбени улици по својата должина, на потегот "Дујле"
- до ул. "Еврејска", овозможува сообраќајни токови за внатрешен, приградски, меѓумесен и далечински сообраќај по насока исток-запад, поврзувајќи ги преку себе со градските магистрални улици ГМ-2 и ГМ-1, како и со собирната улица "Борис Кидрич".

Градска собирна улица СУ-1

Планирањето на градската собирна улица СУ-1 произлегува од неопходноста да на овој простор постои градска улица која ќе ги "поврзе" двата изградени простори на левиот и десниот брег на р. Отиња-на крајниот источен дел од централното градско подрачје.

Оваа улица започнува со раскрсница помеѓу неа и собирната улица "Ген. Михајло Апостолски" во просторот кај Полициската станица во Штип, косо премостувајќи ја р.Отиња се во ниво со собирната улица "Христијан Т.Карпош" се упатува на север кон "Бело Брдо". Минувајќи низ субстандардни објекти (со делумно рушење) и форсиран успон (околу 12-14%) се спојува со површинска раскрсница со СУ-2, СУ-"Сутјеска". Во продолжение (по "Раданski пат") се упатува на цеверо-исток и по постојната улица "Борис Крајгер" свртува на запад низ населбата "Сењак" каде се врстува (во ниво) со ГМ-2 ("Партизанска). Во продолжение на запад ја премостува р. Брегалница (во близина на локалитетот "Фортуна") и покрај постоечки бунари (стари), и во висина на ф-ка "Алумина" се спојува со ГМ-1. После оваа раскрсница, продолжува на запад низ населбата "Пребег", ја пресечува (раскрсница во ниво) ГМ-3 и во продолжение на погодно место, минува испод магистралниот пат М-6, (вон урбаниот простор).

Сообраќајниот значај на гардската собирна улица СУ-1 во системот на примарната улична мрежа на град Штип се состои во следното:

- Врши поврзување на соседните простори на дватаброга на реките Отиња и Брегалница.

- Создава реална можност за растоварување на строгиот центар на градот со можноста да по себе, односно по собирните улици, ги упати на север (и кон пазарот) интензивните токови на внатрешниот сообраќај на позиција "дом-работа".
- Овозможува директни врски за меѓуградски токови без оптоварување на строгиот центар, посебно кон север и кон северо-исток према МГ--1, МГ-2 и СУ-3.
- Со реализација на изградба на оваа СУ-1, ќе се почувствува значително растоварување на улиците: "Маршал Тито", "Борис Кидрич", "Иво Лола Рибар", "Славчо Стојменски", "Еврејска" и "Ген.Михаило Апостолски" и други во централното градско подрачје ("Гоце Делчев" на делот црква "Св. Никола"-"Мал Одмор")
- По оваа улица, како и по останатите магистрални и собирни улици се планирани и линиите на јавни превозни средства за јавниот автобуски сообраќај.

ПРИЛОГ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.2. ИЗВОД ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА ГРАД ШТИП (ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БПС) 2006 ГОД.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 595

ГУП:измена и дополнување на ГУП 2010-Штип

(просторна разместеност на бензински станици)

Број: 18-3462/1 од 03.05.2017 год.

Одлука бр: 0701-3581/1 од 24.11.2006год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

М= 1: 12500

ИЗВОД ЗА ДЕЛ ОД УЕ:

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.


Изготвил:арх.тех.Викторија Инџекарова

Контролирал:дги.Силвана Николова

ГРАДОНАЧАЛНИК,

прим.м-р Илчо Захариев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП *



ЛЕГЕНДА

МАГИСТРАЛНИ СООБРАКАЈНИЦИ

9 — гм-А — 2.5 / 4 3 10.5 5 10.5 2.5 3 4 — 45м — **бул. "гоце делчев"**

1 — гм-Б — 2.5 / 4 3 7.5 5 7.5 2.5 3 4 — 39м — **ул. "димитар влахов"**

2 — гм-Б — 2.5 / 4 3 7.5 5 7.5 2.5 3 4 — 39м — **бул. "партизанска"**

7 — гм-А — 2.5 / 4 3 10.5 5 10.5 2.5 3 4 — 45м — **бул. "брегалничка"**

4 — гм-Б — 2.5 / 4 3 7.5 5 7.5 2.5 3 4 — 39м — **бул. "гоце делчев"**

5 — гм-Б — 2.5 / 4 3 7.5 5 7.5 2.5 3 4 — 39м — **бул. "партизанска"**

СОБИРНИ СООБРАКАЈНИЦИ

6 — су — 4 7 4 — 15 — **ул. "родољуб чолаковиќ"**

8 — су — 4 7 4 — 15 — **ул. "борис крајгер"**

3 — су — 4 7 4 — 15 — **ул. "вељко влаховиќ"**

10 — **М - 5** — **ШТИП-пат-ВЕЛЕС**

11 — **М - 6** — **ШТИП-пат-СТРУМИЦА**

Табела бр. 1 (билансен приказ на предвидена површина на ГУП 2000 - 2010)

р.бр.	Намена на површина	Површ.во ха.	Процент%
1	домување	557.5	27.3
2	Површина за работа	515.0	25.2
3	Зеленило,спорт,рекреација	487.00	23.8
4	Централни функции	39.0	1.9
5	Специјална намена	140.0	6.8
6	улици	25.0	1.2
7	останато	276.0	13.5
	Вкупно	2039.5	100

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ (ВО ОПФАТ НА ГУП)
ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

Р БР.	ЛОКАЦИЈА, УЛ. ,НАСЕЛБА	ИМА -НЕМА ИЗГ.	П=ХА
1	ул "Димитар Влахов", нас. Ново Село"	има	0.23
2	ул."Партизанска" нас."8ми ноември", "Автокоманда	има	0.44
3	ул."Вељко Влаховик" нас."Пребег",	има	0.12
4	ул."Гоце Делчев" инд. зона	има	0.41
5	ул."Партизанска" нас."Баби",	нема	0.25
6	ул "Родољуб Чолаковик", нас. "Сењак 4"	нема	0.77
7	нас."Балканска"	нема	0.14
8	ул "Борис Крајгер", нас. "Сењак 3"	нема	0.18
9	ул "Гоце Делчев", (кружен тек)	нема	0.31
	ВКУПНПО		2.85

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ (НАДВОР ОД ОФАТ ОПФАТ НА ГУП)
(ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА)

Р БР.	ЛОКАЦИЈА, УЛ. ,НАСЕЛБА	ИМА -НЕМА ИЗГ.	П=ХА
11	магистрален пат М6 7-км	има	0.2
10	магистрален пат М5 нас. Три Чешми	има	0.5
	ВКУПНО		0.7

ИЗВОД ОД ГУП 2010 ШТИП

(ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ)

М=1:12500

ПРЕДВИДЕНА ПРОЕКЦИЈА 2005-2015

ЛЕГЕНДА:

- ПОСТОЕЧКИ БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ
- ПЛАНИРАНИ БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ
- ПЛАНИРАНА ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА

4. НОВО ПРЕДВИДЕНА ПРОЕКЦИЈА

Местоположбата на градот Штип во однос на соседните градови,потоа мрежата на селски населби во рамките на општината,како и фактот што во градот со концентрирани значителни производни капацитети,укажува потребата Штип да биде редовно снабден со сите стандардни видови гориво и други нафтени деривати.

Спрема Европските стандарди за формирање на мрежа на бензински станици во населени места ,се предвидува една бензинска станица на 1000 регистрирани возила.

Но со оглед на сегашното ниво на развој на регионот,европските стандарди можат да се оценат како престроги и за македонските потреби.

Може да се прифати еден среден критериум на 1500-до2000 регистрирани возила да се предвиди една бензинска станица.

Според донесениот ГУП на Штип во општината Штип во 2010 год. треба да живеат преку 55 500 жители, а во општината ке има регистрирано

15 660 моторни возила од што произлегува дека во градот треба да има изградено најмалку 9 бензински станици. а во општината 11

Бензинските станици треба рамномерно да бидат распоредени во рамките на општината, во близина на селските населби.

Овие станици треба да се со помал капацитет и со ограничен асортиман на гориво, првенствено дизел гориво за потребите на земјоделието.

Исто така се планирани две бензински станици на влезно излезните правци од Штип.

Со цел да се постигне порамномерна покриеност на градот со бензински станици, а притоа имајќи ги во предвид вообичаените критериуми,потребно е на територијата на градот да се предвидат покрај постојните плански и изградени 9 да се предвидат уште две.

Во графичкиот дел на прилогот бр 1 јасно се прикажани постојните и планираните бензински станици односно како ново предложени се јавуваат два локалитети и тоа во нас ."Сењак 3" и во индустриската зона "Север" непосредно до таканаречен "кружен тек".

За таа цел со предложената промена, во просторот за услужни дејности се предвидува бензинска станица во насела "Сењак 3", како и во просторот за мало стопанство лоциран непосредно до кружниот тек на влезот во градот во индустрискиот дел на бул "Гоце Делчев", која треба да биде што поблизу до потрошувачите.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ (ВО ОПФАТ НА ГУП)
ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА

Р БР.	ЛОКАЦИЈА, УЛ. ,НАСЕЛБА	ИМА -НЕМА ИЗГ.	П=ХА
1	ул "Димитар Влахов", нас. Ново Село"	има	0.23
2	ул."Партизанска" нас."8ми ноември", "Автокоманда	има	0.44
3	ул."Вељко Влаховик" нас."Пребег",	има	0.12
4	ул."Гоце Делчев" инд. зона	има	0.41
5	ул."Партизанска" нас."Баби",	нема	0.25
6	ул "Родољуб Чолаковик", нас. "Сењак 4"	нема	0.77
7	нас."Балканска"	нема	0.14
8	ул "Борис Крајгер", нас. "Сењак 3"	нема	0.18
9	ул "Гоце Делчев", (кружен тек)	нема	0.31
	ВКУПНПО		2.85

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ПРОСТОРНА РАЗМЕСТЕНОСТ НА БЕНЗИНСКИ СТАНИЦИ (НАДВОР ОД ОФАТ ОПФАТ НА ГУП) (ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА)

Р БР.	ЛОКАЦИЈА, УЛ. ,НАСЕЛБА	ИМА -НЕМА ИЗГ.	П=ХА
10	магистрален пат М6 7-км	има	0.2
11	магистрален пат М5 нас. Три Чешми	има	0.5
	ВКУПНО		0.7

5. АНАЛИЗА НА ПОВРШИНИ

Ако се погледа билансот на површина на територијата на општината ке се забележи дека површината за работа изнесува 515.5 ха и површината за домување изнесува 557.5 ха.

Овие две ставки ги анализираме заради фактот што новопредвидените локации за бензинска станица бр 10 , бр 11 се предвидуваат на простор за услужни дејности на улица "Борис Крајгер" со површина 0.18 ха и локацијата бр 11 на површина наменета за мало стопанство, површина во приватна сопственост повратена со денационализација со површина од 0.31 ха

Табела бр. 1 (билансен приказ на предвидена површина на ГУП 2000 - 2010)

р.бр.	Намена на површина	Површ.во ха.	Процент%
1	домување	557.5	27.3
2	Површина за работа	515.0	25.2
3	Зеленило,спорт,рекреација	487.00	23.8
4	Централни функции	39.0	1.9
5	Специјална намена	140.0	6.8
6	улици	25.0	1.2
7	останато	276.0	13.5
	Вкупно	2039.5	100

6. СООБРАКАЈНА АНАЛИЗА

Битен фактор при планирањето на поставувањето на локациите за бензинска станица прдставува и анализата на сообракајот.

Особено пристапот до новопредвидените локации.

Локација "Сењак 3" .Пристапот е од улица ˝"Борис Крајгер" како собирна улица "СУ" која го поврзува стариот дел на градот населбат а " Радански пат" со новоформираните населби "Сењак 3" "Сењак 4" "Баби" со профил (2х3.5) коловоз и 2Х4 м тротоар односно вкупно 15. оо м профил

,сообракајница која по ГУП оди по нов мост на р Брегалница и се поврзува со булевар "Гоце Делчев".

Локација во индустриска зона "Север" непосредно до "кружен тек" гравитира према булевар "Гоце Делчев" која е со вкупна ширина од 45.оо м или 2х10.5 м коловоз со разделно зеленило и пешачка и тротоарска патека од двете страни.

Пристапот до локацијата е од сервисна улица а излезот е директно на кружниот тек.

Сите останати локации кои се предвидени а не реализирани се детално анализирани во предходниот ГУП во делот за просторната разместеност на бензинските станици.

Новата функција на бензинската станица бара и соодветен третман во сообракајното решение во смисла на приклучување и исклучување до неа со соодветни места кој ке обезбедат непречено одвивање на сообракајот по оваа улица.

7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Функцијата на точење на гориво односно бензинзинска станица према правилникот за заштитни санитарни зони спага во 5 категорија каде се дефинираат стриктно мерките за заштита на околните објекти во која зона ке се насади ниско и високо зеленило како изолационо зеленило.

Затоа при изработката на ДУП издавањето на услови за градба да се почитуваат максимално нормите од правилникот за заштитни зони.со минимална заштитна зона од 20 м.

8 . ПАРАМЕТРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

Бидејќи се работи за веќе по̀стоечки локалитети, а со оглед на фактот дека во ГУП 2010 постојат параметри за спроведување на планот, затоа сите елементи кои ќе произлезат при изработката на ДУП на овие локалитети потребно е да бидат во склад со параметрите на важечкиот ГУП 2010 (односно 2004-2014) и усогласени со важечките правилници за планирање на просторот.

Изградбата на нови објекти, изградба на комунални објекти и инсталации како и вкупно просторно уредување на предметните локалитети треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Параметрите кои следуваат, а се основен дел од Измената и Дополнувањето на ГУП 2010 се однесуваат само на локалитетот кој се се спомнуваат во предходниот дел од текстот.0

8.1 Регулациони и градежни линии (РЛ), (ГЛ) не се дефинирани можните локации се само графички означени. Дефинирањето на парцелите ке следи во соодвените ДУП.

8.2 Градежната линија (ГЛ) во делот на градба на објекти се дистанцира од границата на парцелата.

8.3 Максималните висини на предвидените објекти заедно со потребните настрешници и пратечки објекти да бидет дефинирани во ДУП. а во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот,

8.4 Параметрите во однос на процент на изграденост, како и на коефициент на искористување на земјиштето ке се движат во рамките на предвиденото со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот 2/02 и измени на Правилникот 50/03, и тоа 70% за изграденост напратечките објекти, а коефициентот на искористеност по урбанистички парцели ќе бидат предмет на ДУП.

8.5 При оформување на содржините во рамките на локалитет се применуваат соодветни мерки за заштита на животната средина, посебно за уредување на парковски зеленила, уредување на зелени површини особено изолациони зеленила, а поконкретно разработени на ниво на детален урбанистички план или на ниво на идеен проект.

8.6 Зоната за зеленило е предвидена на сите слободни површини и дворови, утврдување на подетални параметри за организација на просторот за оваа зона ке се врши во ДУП со примена на параметри од Правилникот.

8.7 При изработка на ДУП или изработка на урбанистички проект се применуваат параметри од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (службен весник на Р.М.) бр. 2/2002 и Правилникот за измена и дополнување на правилникот за стандарди и нормативи за уредување на проторот, (Служ. весник на Р.М. бр. 50/2003).

8.8 Потребите на стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе се решава во рамките на локациите, а во зависност од потребите и одредбите на правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (службен весник на Р.М. бр. 02/2002) и правилникот за измена и дополнување на на правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (службен весник на Р.М. бр. 50/2003).

8.9 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикипитаните особи особено во делот на достапноста до објекти , односно сите објекти во комплексите .

8.10 Третманот на сите отпадни води ќе се врши со прочистување и испусти во р. Брегалница.

8.11 Во поглед на инфрастуктурата се применуваат сите параметри кои важат во постоечкиот ГУП 2010

8.12 Како заштита од сеизмички дејства за новопредвидените објекти потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите и тоа со заштита од IX степени по MCS скалата.

8.13 Сметот ќе се одлага во градската депонија со претходно собирање во лимени контејнери чија местоположба е лоцирана во ДУП и урбанистички проекти за поедини локации.

Ж

8. РЕЗИМЕ

Со предложената измена на ГУП на просторот околу ул."Борис крајгр" и бул. "Гоце Делчев"со која се предвидува една зона за услужни дејности во која е предвидена и бензинска станица, сметаме дека како изготвители на измената на ГУП, ке се створат услови да просторот кој моментално е целосно запуштен, да представува објект односно функција која ке биде во функција на снабдување на граѓаните со течни горива и тоа што е можно поблизу до нивните домови, а истовремено ке го оплемени просторот и ке му даде нова димензија во изглед, силуета ,и просторна композиција.

Од тие причини оценуваме и ја предлагаме промената во ГУП со пренамена на просторот за бензински станици иако во ставовите во ГУП во смисла на снабдување на граганите не е дефинирано овој вид на услуга дали представува специфичен тип на услуги а битно поврзан со сообраќајниот систем во градскот о ткиво.

За спроведување и реализирање на предложената измена и дополнување на ГУП што се однесува на спомнатите локации ке се применуваат сите одредби за реализација кои се донесени во ГУП 2010 година. а кои не се опфатени со прдходно цитираните во точка 8.

ПРИЛОГ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.3. ИЗВОД ОД ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП НА ГРАД ШТИП 2007 ГОД.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 596

ГУП: измена и дополнување на ГУП2010-Штип

Број: 18-3463/1од 03.05.2017 год.

Одлука бр: 0701-2108/1 од 02.07.2007год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

М= 1: 10000

ИЗВОД ЗА ДЕЛ ОД УЕ: 47,16,17 и 53

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

Изготвил:арх.тех.Викторија Инџекарова

Контролирал:дги.Силвана Николова

ГРАДОНАЧАЛНИК,


прим.м-р Илчо Захариев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП

ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ШТИП Р=10000

(ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА) (ПРЕДЛОГ-ПЛАН 2006-2016 (ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА))





ЛЕГЕНДА

ДОМУВАЊЕ
- ПОСТОЈНО ДОМУВАЊЕ
- ИДНО ДОМУВАЊЕ

РАБОТНА ЗОНА
- ПОСТОЈНА РАБОТНА ЗОНА
- ИДНА РАБОТНА ЗОНА
- НЕЧИСТА РАБОТНА ЗОНА

ОПШТЕСТВЕН СТАНДАРД
- ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ
- РЕОНСКИ ЦЕНТРИ
- ОБРАЗОВАНИЕ
- ГРАДСКА БОЛНИЦА
- ЗДРАВСТВЕН ДОМ

ПАРКОВСКО РЕКРЕАТИВНА ЗОНА
- СПОРТСКИ ТЕРЕНИ
- ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО
- ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

ОСТАНАТО
- ГРОБИШТА
- КАСАРНА
- КЛАНИЦА
- ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ И ГОВОР ("ИСКРА")
- ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА
- АВТОБУСКА СТАНИЦА
- МЕТЕОРОЛОШКА СТАНИЦА
- ДЕПО ЗА ТОВАРНИ ВОЗИЛА
- ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА
- ФИЛТЕР СТАНИЦА
- ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ
- ПУМПНА СТАНИЦА
- ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА
- УЛИЧНА МРЕЖА
- ВОДЕН ТЕК
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖЕН РЕОН
- ГРАНИЦА НА УРБАНО ПОДРАЧЈЕ
- УНИВЕРЗАЛНА СПОРТСКА САЛА

ПРЕНАМЕНЕТИ НАМЕНИ НА ПОВРШИНИ НА УР ЕДИНИЦИ

53	Г2,Г3 ,Г5	Г ПРОИЗВОДСТВО ДИСТРИ.СРЕРВИСИ Г2 ПЕСНА ИНДУСТРИЈА Г3 СЕРВИСИ Г5 БЕНЗИНСКА ПУМПА
47	Б1	Б КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ Б1 МАЛИ КОМ. И ДЕЛОВНИ ДЕЈН.
16	В4	В ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ В4 ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ
17	А1	А ДОМУВАЊЕ А1 ВИКЕНД КУКИ
	Д	Д ЗЕЛЕНИЛО Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- ЛИНИЈА НА РАЗГРАНИЧУВАЊЕ РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА УРБАНИ ЕДИНИЦИ КОИ СЕ РАЗРАБОТУВААТ БР 47,16,17 И 53

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ШТИП

ПОСТОЈНА ПРОЕКЦИЈА ПРЕМА ГУП - 2010 ЗА У.Е. 47,16 , 17 и 53 И МОЖНОСТ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Како локалитет кој се анализира и е интересен како простор кој треба да се пренамени е просторот на северозападниот дел од нас "Баби" непосредно до вкрстувањето на ул Лески и регионален пат р-501 У Е 47 ,со намена претежно домување и мал дел јавна установа (детска градинка)како и комерцијални објекти.

УЕ 16 која е лоцирана на југоисточит дел од градот непосредно до новопредвидната брана на р Отиња со површина од 23.5ха а со намена спорт и рекреативно зеленило .

У Е 17 представаува интегрална целина со предвиденото езеро на р. Отиња со намена рекреативно зеленило со површина од 125 ха

У Е 53 е со намена работна зона за производство, сервиси со мал дел на зеленило со вкупна површина од 11.00 ха

Во наредната табела дадени се билансни показатели за У.Е. бр. 47 16 и 17 и 53.

Табела бр 4. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВО У Е 47 (ПОСТОЕН ГУП)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
ДОМУВАЊЕ А1	11.3	61.9
КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ Б1(ПОСТОЈНИ)	1.2	6.5
ЈАВНИ ФУНКЦИИ ДЕТСКА ГРАДИНКА В1	0.5	2.70
СООБРАКАЈНИЦИ	2.0	10.9
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО Д2 Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО)	3.3	18.0
ВКУПНО	18.3	100

Табела бр 5. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВО У Е 16 (ПОСТОЕН ГУП)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
СПОРТСКИ ТЕРЕНИ РЕКРЕАЦИЈА Д1,Д2,Д3	23.5	100
ВКУПНО	23.5	100

Табела бр 6. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВОИ У Е 17 (ПОСТОЕН ГУП)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
СПОРТСКИ ТЕРЕНИ РЕКРЕАЦИЈА Д1,Д2,Д2	125.00	100
ВКУПНО	125.00	100

Табела бр 7. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВОИ У Е 53 (ПОСТОЕН ГУП)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
ЛЕСНО ПРОИЗВОДСТВО ,СЕРВИСИ Г2,3,4	9.8	89.
ЗЕЛЕНИЛО Д2	1.2	11
ВКУПНО	11.00	100

Табела бр 8 движење на населението од 1994-2010

	Вкупно население во Општината Штип	Население само во градот Штип		Население во селските населби	
		број	%	број	%
1994	46.372	41.730	90,0	4.642	10,00
1996	47.515	42.861	90,2	4.654	9,80
2000	49.533	44.859	90,56	4.674	9,44
2005	52.325	47.595	90,96	4.730	9,04
2010	55.546	50 .546	91,00	5.000	9,00

Табела бр 9 движење на населението од 2010- 2015

	Вкупно население во Општината Штип	Население само во градот Штип		Население во селските населби	
		број	%	број	%
2010	55.546	50 .546	91,00	5.000	9,00
2015	63.100	57.420	90.00	5.680	10.00

Врз база на податоците од постојниот ГУП2010 во делот на демографија прогнозите за движење на населението во табела 8 се дадени податоци на вкупен број на жители во градот и селските населби ,и од овие податоци со предвидениот пораст од предходите години на населението во табела бр 9 се приказани вкупниот очекуван број на жители во градот и селските населби.

Оваа се податоци за вкупниот број на жители во градот кои ако се споредат со предложените измени во ГУП каде намената на површините е дел за викенд домувањево уе 16 и уе 17 може да се заклучи дека предвидениот пораст ке се концетрира во веке изграденот станбен фонд и

во просторите кои се предвидени во западниот дел на градот како простор за идно домување, додека викенд домувањето се појавува како паралелно односно алтернативно второ домување од повремен карактер.

Просторот кој е анализиран во УЕ 47 е слободен и неангажиран од лице место се забележуваат само парцелизираност на земјиштето со постојни жичани огради .

Во УЕ 16 мора да напомениме дека како што е прикажано во табелата предходно е со п=23.5 ха и на лице место постојат две парцели со намена јавна администрација и тоа ЈП "ИСАР" И шумско стопанство СЕРТА"лоцирани овде од пред 40 години а зафакаат простор од 1.6 ха .

Карактеристично за УЕ 17 е што на теренот постојат голем број на веке изградени викенд куки со површини кои одстапуваат од нормативите за викенд домување а се повеке се приближуваат кон повисока класа на домување земајки ја во предвид големината на изградената површина .

За У Е 53 значајно е дека 89 % од површината е наменета за работа останатиот дел за заштитно зеленило со 11%.

Можности за просторен развој во опфатите кои се цитирани се наметнуваат и тоа :

- На УЕ 47 слободниот простор кој е лоциран помеѓу постојното домување и обиколната сообраќајница и улицата "Лески" може да се намени за комерцијални објекти каде сообраќајните врски се квалитетни и на тој начин ке се обезбеди соодветен развој со подигањето нивото на овој тип на услуга .
- На УЕ 16 намената на површната спорт и рекреација со постојна ситуација на објекти од јавен карактер и тоа КЈП "Исар" и шумско стопанство "Серта" . Просторот дава можност за развој на спортување и пратечки објекти на спортувањето како трим стази ,спортски терени отворени и сл .
- УЕ 17 е со намена рекреативен спорт заедно со водена површина со заштитен појас околу водената површина , со постојна ситуација голем број изградени викенд куки кои се предизвик за пренамена на просторот во викенд зона под одредени услови .
- УЕ 53 со намена постојна работна зона дел од зона "СЕВЕР" речи си целосно е реализирана освен површината од 1.2 ха која е лоцирана између бул."Гоце Делчев " и Македонски Железници и е со намена изолационо зеленило, со можност за развој на површините со предходна пренамена .

1. ОСНОВНИ ПРИЧИНИ ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП- 2010 - ШТИП

Тргнувајќи од принципот за неменливост на оние параметри дефинирани во ГУП - 2010 кои треба да имаат континуитет и важат како константни како што е сообраќајот, останатата инфраструктура, магистрални водови за водовод, канализација, птт и електронапојување, дојдовме до сознание дека може да се изврши измена и дополнување на ГУП - 2010 во промена на намената како што е прикажано во графичките прилози.

Иницијативата за измена на ГУП 2010 произлезе од потребите на граѓаните, а преку Локалната Самоуправа како нарачател на работите и "Штип - Проект" како извршител на оваа програмска задача.

Како основна причина за измена на ГУП 2010 се:

- Просторни промени за намени што не се предвидени во важечките плански документи и проширувања према граници на сопственост;
- Надминати плански согледувања во изминатиот период што се докажале како крути и ограничени решенија во развојот на градот;
- Времето во кое живееме и она што е пред нас наметнува свои барања што се состојат во поливалентни користења на градежното земјиште кое не е во колизија со основните макро - намени.

2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИЗМЕНАТА И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ГУП 2010

Целите и задачите во воведните делови на плановите потребни се не како фразеологија или воопштена локална матрица со универзално значење, туку како крајна цел на секоја урбанистичка документација особено на ГУП.

Сите елаборати во кои беа теоретски одлично изработени целите и задачите, практично во применливоста се во расчекор со конкретните проблеми во одредената средина.

Како континуирани цели би биле :

- Оптимализација на големината, структурата и функциите на градскиот организам во зависност од системот на населбите и општината;
- Целисходна просторна развлеченост на стопанските и нестопанските капацитети со почитување на принципот на усогласено функционирање на просторите за домување, работа и рекреација со најголемо можно зачувување на животната средина;
- Заштитата од природни, елементарни, технички, воени и други разурнувања и катастрофи.

- Рационално користење на земјиштето кое е ограничено, нерастегливо, а сведоци сме на можното лесно нерационално користење;
- Усогласување на интересите на сопствениците и корисниците на интересното земјиште.

3. НОВОПРЕДВИДЕНА ПРОЕКЦИЈА НА ПОВРШИНИТЕ ВО ОПФАТОТ НА ГУП

3.1 Урбана единица бр. 47 со површина од 18.3 ха
Урбана единица бр 16 со површин од 23.5 ха
Урбана единица бр 17 со површина од 125 ха
Урбана единица бр 53 со површина ОД 11.ха

Дел од површината во опфатот на У Е 47 е наменета за јавни функции , детска градинка ,комерцијални дејности а останатата површина припага на површината за домување и заштитно зеленило процентуална застапеност како што е прикажано во табеларниот приказ бр 3 со нумеричким показатели .

Во урбана единица бр 16 намената на побвршината е спорт и рекреација како и парковско зеленило . Со новата проекција какао постоечка и какао предвидени се јавуваат два објекти со свои парцели кои се затекнати на овој простор и постојат повеќе од 40 години а тое се ЈП "ИСАР" претпријтие за комунални услуги и објект на шумско стопанство "СЕРТА" означени какао В 4.

Урбана единица бр 17 е со површина од 125 ха каде влегува и огледалото на браната на р. Отиња со околниот простор . Слободниот околен простор е со намена спорт и рекреација . Со новата проекција дел од површините се пренаменуваат во зона за викенд куки и тоа со површина од 18. ха а прикажани во графичкиот дел од прилогот означени како А1

Урбана единица бр 53 е со површина од 11.00 ха со основна намена према правилникот Г2 односно производство без загадување каде на крајниот северозападен дел се предвидува бензинска помпа заедно со сервиси на местото на сега недоречениот простор кој во некој од прилозите се појавува како зеленило

4. ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Во прилогот на ГУП за просторна организација во кој е дадено намената на површините и соодветните урбани единици, прикажани се УЕ бр. 47 ,16 , 17 и 53 со постојната и новопредвидената проекција и пренамена на просторот внатре во тие урбани единици.

5. НАМЕНА НА ПОВРШИНИ СО БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

Секогаш при анализите особено при изработка на ГУП на површините се зема во предвид и се тргнува од постоечката состојба која е прикажана во првата табела.

Во втората табела се покажани промените на билансните показатели, а во третата табела се прикажани промените внатре во урбаните единици 47,16 ,17.и 53

Табела бр. 1 - билансен приказ на површини ГУП 2000-2010

р.бр.	Намена на површина	Површ.во ха.	Процент%
1	домување	557.5	27.3
2	Површина за работа	515.0	25.2
3	Зеленило,спорт,рекреација	487.00	23.8
4	Централни функции	39.00	1.90
5	Специјална намена	140.00	6.8
6	улици	25.0	1.2
7	останато	276.0	13.5
	Вкупно	2039.5	100

Табела бр. 2 - билансен приказ на површини ГУП 2000-2010 со промена на површините во У.Е. 47,16 , 17 и 53

р.бр.	Намена на површина	Површ.во ха.	Процент%
1	Домување	557.5+9.7+8.3=575.5	28.30
2	Работна зона	515+1.6+0.8+1.2=518.6	25.4
3	Зеленило,спорт,рекреација	487-21.6=465.4	22.9
4	Централни функции	39	1.9
5	Специјална намена	140.00	6.8
6	Улици	25.0	1.2
7	Останато	276.0	13.5
	Вкупно	2039.5	100

Табела бр 3. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВО У Е 47
(новопланирани)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
ДОМУВАЊЕ А1	11.3	61.9
КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ Б1	2.00	10.6
ЈАВНИ ФУНКЦИИ ДЕТСКА ГРАДИНКА В1	0.5	2.73
СООБРАКАЈНИЦИ	2.0	10.9
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО Д2+Д1	2.5	13.6
ВКУПНО	18.3	100

Табела бр 3. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВО У Е 16
(новопланирани)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
СПОРТСКИ ТЕРЕНИ РЕКРЕАЦИЈА Д1,Д2,Д3	21.9	93.1
ЈАВНИ АДМИНИСТРАТИВНИ ОБЈЕКТИ Б4	1.6	6.9
ВКУПНО	23.5	100

Табела бр 3. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВО У Е 17
(новопланирани)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
СПОРТСКИ ТЕРЕНИ РЕКРЕАЦИЈА Д1,Д2,Д2	107.00	85.6
ВИКЕНД КУКИ А1	18.00	14.4
ВКУПНО	125.00	100

Табела бр 3. БИЛАНСЕН ПОКАЗАТЕЛ НА ПОВРШИНИ ВО У Е 53
(новопланирани)

НАМЕНА	ПОВРШИНА (ХА)	%
ПРОИЗВОДСТВО ДИСТРИБУЦИЈА СЕРВИСИ Г2,Г3,Г4	9.8	89.00
БЕНЗИНСКА ПОМПА Г5	0.3	2.70
СЕРВИСИ СТОВАРИШТА ПРОИЗВОДСТВО Г2,Г3 Г4	0.9	8.10
ВКУПНО	11.00	100

Табела бр 4 биланс на нумерички показатели за уе 47 16,17 и 53

УЕ	ПОВРШНА УЕ СО НАМЕНА ХА	ПОВРШИНА КОЈА СЕ ПРЕНАМЕНУВА(ХА)	ПОВРШИНА ВО %I ПРЕНАМЕНЕТА	ГУСТИНА ЖХА
47	18.3	2.0	10.6%	-
16	23.5	1.6	6.9%	-
17	125.00	18.0	14.4%	32ж/ХА
53	11.00	1.2	10.9%-	-

6. ГРАДЕЖНИ И РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ И МАКСИМАЛНИ ВИСИНИ НА ОБЈЕКТИТЕ

Регулационата линија на урбаните единици бр. 47,16 ,17 И 53 е определена со линијата на пристапните сообраќајници кои ќе се изведат во идните зони за комерцијални дејности, викенд домување и јавни и административни дејности .

Главните градежни линии се планирани на растојание од 5.0 м од пристапната улица за зоните за викенд домување, односно на 10.0 м за комплексот за комерцијални дејности и јавни и адмистративни дејности .

Максималната висина на објектите е дефинирана во метри и тоа за зоната за комерцијални дејности до 9.0 м, за објектите во зоната за викенд куки 6.5 м 1 како и за зоната за јавни и административни дејности со 6.5м1 за производство и сервиси 9.0 м

7. СООБРАЌАЈНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА

Во поглед на сообраќајната инфрастуктура кај УЕ 47 пристапувањето е од улица "Лески" кака постоечка улица и како идна можност за квалитетно пристапување овозможува планираната прикажана во графичкиот прилог обиколната сообраќајница .

Кај УЕ 16 особено кај административните и јавни институции пристапот е не така квалитетен особено до "ЈП ИСАР" (стрмен нагиб) ,додека кај институцујата "СЕРТА" се пристапува од пешачка патека .

Како ќе бидат детално решени пристапите до новопредвидените зони ќе биде предмет на новопредвидените детални планови кои ќе следуваат после усвојувањето на Измената и дополнувањето на овој ГУП.

Приклучување на електричната мрежа ќе биде решена во деталниот урбанистички план бидејќи во ГУП ниско напонска електрична мрежа не се анализира. а за предвидените пренамени на површините постојат можности од постоечката инфрастуктура за нивно снабдување со проширување на електроенергетската мрежа.

За приклучување на отпадните води постои колектор во постојните улици, предвиден е и нов по новопредвидената обиколна улица. особено за приклучување на отпадните води на У Е 47, додека потребата од приклучување на градската водоводна мрежа ке се задоволи од постојните инсталации кои се во непосреднс близина .

Исто така за приклучување на системите за водоснабдување и фекална канализација постојат услови кои се веке искористени за УЕ 16 ова се однесува за ЈП "Исар" И "Серта", но за УЕ17 каде површината од спорт и рекреација се пренаменува во површина за викенд куки приклучувањето на градските системи ке се одвива отежнато заради фактот поголемо растојание , ѝ повисока кота од гарантирана за водоснабдување на ниво на градот затоа решавањето на водоснадувањето ке биде со локален посебен систем за кој ке се изработи посебен проект.

За пристапување до објектите во У Е 53 предвидена е сервисна улица од десната страна на булеварот "Гоце Делчев" со директна можност за приклучување на кружниот тек кој се наога во непосредна близина .

8. ПЛАНСКИ МЕРКИ ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Реализацијата на системот на заштитата во функција на стабилен и одржлив развој, преку управувањето со природните ресурси и урбаната средина, почива на валоризацијата на просторите од аспект на вкупниот квалитет на животната средина.

Направените измени и дополнувања на ГУП во УЕ 47, 16 и 17 цениме дека нема да предизвикаат никакви посебни проблеми од аспект на загадување на животната средина и природата бидејќи се предвидува заштитен зелен појас према огледалото на новопредвиденото езеро од зоната за домување кај УЕ 16 .и 17, како и од објектите за јавна администрација (ЈП ИСАР) и (СЕРТА), и кај УЕ 47 зоната за комерцијални дејности е заштитена од домувањето со сигурносно растојание и соодветна улична мрежа.

Кај У Е 53 новопредвидените намени ке бидат дел од целокупната структура на зоната за работа која е дел од предвидувањата во Генералниот план на овој реон "СЕВЕР" , па така од аспект на заштита на животната средина гледано, цениме дека нема да се појави посебно загадување при поглема примена на правилниците за загадување .

9 . ОДРЕДБИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

Во ГУП 2010 постојат параметри за спроведување на планот, затоа сите елементи кои ќе произлезат при изработката на ДУП на овој локалитет потребно е да бидат во склад со параметрите на важечкиот ГУП 2010 и усогласени со важечките правилници за планирање на просторот.

Изградбата на нови објекти, изградба на комунални објекти и инсталации како и вкупно просторно уредување на предметните локалитети треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на урбанизмот и градежништвото и како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

Параметрите кои следуваат, а се основен дел од Измената и Дополнувањето на ГУП 2010 се однесуваат само на локалитетите кој се пренаменуваат:

9.1 Регулационите линии (РЛ) се протегаат по надворешната линија на просторот и го одвојуваат делот на јавни површини од други површини од делот предвиден за градба на објекти.

9.2 Максималните висини на предвидените објекти во идната зона за комерцијални дејности и работна зона во УЕ 53 се дадени според Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот, и тоа до 9.0м. од кота на тротоар до венец на објектот.
Максималните висини во УЕ 16 за објектите за јавна адмистрација кои се новопредвидени изнесува 6.5 м до венецот, а во зоната за викенд домување во УЕ 17 Нмах изнесува 6.5 м.

9.3 Параметрите во однос на процент на изграденост, како и на коефициент на искористување на земјиштето се во рамките на предвиденото со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот 78/06, и тоа 20% мах за изграденост на зоните за домување, а за сите останати 70%. Коефициентот на искористеност по урбанистички парцели ќе бидат предмет на ДУП.

9.4 При оформување на содржините во рамките на локалитетите се применуваат соодветни мерки за заштита на животната средина, посебно за заштита на станбената зона од зоната комерцијална дејности . Посебно треба да се осмисли уредување на парковски зеленила, уредување на зелени површини внатре во зоните, а поконкретно разработени на ниво на детален урбанистички план или на ниво на идеен проект.

9.5 Зоната за изолационо зеленило е предвидена како тампон зона.измегу викенд куките и огледелото на езерото На сите слободни површини и дворови да се предвидуваат зелени простори, а подетални параметри за организација на просторот за оваа зона ке се врши во ДУП со примена на параметри од Правилникот.

9.6 При изработка на ДУП или изработка на урбанистички проект се применуваат параметри од Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот (службен весник на Р.М.) бр78/2006 .

9.7 Потребите на стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе се решава во рамките на локациите, а во зависност од потребите и одредбите на правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (службен весник на Р.М. бр. 78/2006) .

9.8 При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикипитаните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти, односно сите објекти во комплексот на комерцијални објекти .

9.9 Третманот на сите отпадни води ќе се врши со прочистување и испусти во р. Брегалница.

9.10 Како заштита од сеизмички дејства за новопредвидените објекти потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите и тоа со заштита од IX степени по MCS скалата.

9.11 При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредување на сите комплекси со конкретна разработка на урбанистички проект.

9.12. При реализација на оваа планска документација ке се употребуваат сите одредби за реализација кои важат во донесениот ГУП2010 а кои не се цитирани во погоре наведените .

10. РЕЗИМЕ

При изработка и зафакање со ваков вид на задача Измена и дополнување на ГУП 2010 - Штип УЕ 47,16 ,17 и 53 со пренамена на простори, неопходно е согледување на изработената задача од друг агол, односно неопходни се одредени констатации во однос на рефлексијата на извршените измени врз целокупниот биланс на површините кои се менуваат.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.0 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

- Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

- Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

6. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот ДУП се отвора една нова работна зона која ќе овозможи изградба на нови индустриски капацитети за лесна и незагадувачка индустрија и можност за иден индустриски развој на градот. Значајна погодност е што овој простор е слободен и се дава можност за брза реализација на овој план за што има реални предуслови. Со ова ќе се подобри квалитетот и стандардот на работењето и развојот на индустриското производство, а истовремено ќе придонесе и за зголемување на вработеноста и побрз развој на општината.

7. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Плански опфат е подрачје уредено со урбанистички план.

2. Граница на планскиот опфат е планска одредба која се уредува со урбанистички план и е граница на подрачје наменето за градење.

3. Градежно земјиште е земјиште чија што намена и начин на уредување, градење и користење се утврдува со урбанистички план.

4. Градежната парцела е основна и најмала единица на градежното земјиште ограничена со регулаторните линии: граница на градежна парцела и регулациона линија.

5. Граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистичкиот план е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

6. Регулациона линија е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба.

7. Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр. 78/06; 140/07) и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. в. на РМ бр. 69/99; 102/00; 02/02 и 50/03) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

8. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно за секој објект и изнесуваат Нмах 3.0м до Нмах 9.0м. од пристапната улица односно од тротоарот.

9. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. За објектите за производство и сервиси покривот да биде кос со нагиб на кровната површина 1:3.

10. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

11. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање) ќе се решаваат на новопредвидениот јавен паркинг-простор на пристапната сообраќајница паралелна со бул. "Гоце Делчев" како паркирање надвор од парцела за урбан опфат дел 1; останатиот дел потребни места за паркирање во урбан опфат дел 1 и 2 ќе се решаваат во сопствените парцели према потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр. 78/06 и 140/07). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

12. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните лица особено во делот на достапноста до јавните објекти.

13. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

14. Условите за изградба на сите предвидени објекти треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

15. При оформување на содржините се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти и објектите за производство, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и другите слободни простори како парковско зеленило.

16. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат со посебна заштита со мрежа околу нив заради заштита од разнесување на текстилниот и другиот вид отпад.

17. Локациите на заедничките контејнери мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

Општите услови за изградба важат за секоја градежна парцела поединечно.

8. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Во планот се зацртани групи на класа на намена Г - производство, дистрибуција и сервиси (Г2, Г3 и Г4); Д2 - заштитно зеленило; комунална инфраструктура: сообраќајници, водоводни и канализациони инфраструктури, енергетска инфраструктура, трафостаници, телекомуникациска инфраструктура (Г5).

Зафатот со површина од 18.5 ха се состои од 54 градежни парцели. Нивното формирање во одредена мера ги почитува границите на постојните катастарски парцели.

Предвидени се 4 градежни парцели за трафостаници (Г5).

На 50 парцели има предвидено површини за градба со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси, Г4-стоваришта;

На 3 парцели има евидентирано бесправна градба;

На една парцела ништо ново не се планира, реализиран е претходен ДУП;

1. **Во градежните парцели бр. 1.3; 1.5; 1.7; 1.8; 1.9; 1.10; 1.12; 1.19; и 1.29** предвидени се апросимактивни површини за комплекс на градби. За нив треба да се изработат **архитектонско-урбанистички проекти** со идејни проекти за објектите и градбите со кои ќе се допрецизираат комплексите од градби, но не и менуваат утврдените урбанистички параметри. **За сите нив важат следните услови:**

- **Основна класа на намена - Г2, Г3 или Г4** инвеститорот избира сам,
  Компатибилни класи на намена на Г2: - Б1; Б2; Д2; Г3 и Г4, со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
  Компатибилни класи на намена на Г3: - Б1; Б2; Д2; Г2 и Г4, со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
  Компатибилни класи на намена на Г4: - Б1; Б2; Б4; Д2; и Г3 со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
- **Нмах**= 9.0 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - за основната класа на намена - П или П+1 во зависност од технолошкиот процес; за другите компатибилни класи на намена (деловни содржини, администрација...) П+1 и П+2;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линијските вертикални технолошки инсталации;
- **Кота на нултата плоча -** на производните погони, стоваришта, сервиси од **0.20 м до 1.20 м** во зависност од технилошкиот процес и потребата од рампа за утовар-истовар; котата на нултата плоча на анексите за администарција и сл. на **1.20 м** од пристапната сообраќајница;
- **Паркирањето** е решено во рамките на градежните парцели.
  Градежнита парцела 1.3 има можност да паркира и на јавен паркинг (бр. на места за паркирање дадено во табелата). Потребниот број на паркинг места за секоја градба определена во архитектонско-урбанистичкиот проект е според нејзината намена и големина (според чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - "Сл.весник на РМ" бр. 78/06; 140/07);
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на

елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07);
- **Процентот на зеленило** во рамките на градежните парцели треба да изнесува минимум 5-10 %.

2. **Градежните парцели бр.1.1; 1.2; 1.4; 1.6; 1.11; 1.13; 1.14; 1.15; 1.16; 1.17 1.18; 1.20; 1.21; 1.22; 1.23; 1.24; 1.25; 1.28; 2.2; 2.4; 2.5; 2.6; 2.7; 2.8; 2.9; 2.10; 2.11; 2.12; 2.13; 2.14; 2.15; 2.16; 2.17; 2.18; 2.19; 2.20; 2.21; 2.22 и 2.23 имаат дефинирано површини за градба. За сите нив важат следните услови:**

- **Основна класа на намена - Г2, Г3 или Г4** инвеститорот избира сам,
  Компатибилни класи на намена на Г2: - Б1; Б2; Д2; Г3 и Г4, со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
  Компатибилни класи на намена на Г3: - Б1; Б2; Д2; Г2 и Г4, со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
  Компатибилни класи на намена на Г4: - Б1; Б2; Б4; Д2; и Г3 со вкупно учество на сите компатибилни класи до 30%;
- **Нмах**= 9.0 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - за основната класа на намена - П или П+1 во зависност од технолошкиот процес; за другите компатибилни класи на намена (деловни содржини, администрација...) П+1 и П+2;
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме е до 4.50 метри од завршниот венец на градбата;
- **Од висината на слемето отстапуваат** само линиските вертикални технолошки инсталации;
- **Кота на нултата плоча -** на производните погони, стоваришта, сервиси од **0.20 м до 1.20 м** во зависност од технилошкиот процес и потребата од рампа за утовар-истовар; котата на нултата плоча на анексите за администарција и сл. на **1.20 м** од пристапната сообраќајница;
- **Паркирањето** е решено во рамките на градежните парцели.
  Градежните парцели 1.1; 1.21 и 1.23 имаат можност да паркираат и на јавен паркинг (бр. на места за паркирање дадено во табелата). Потребниот број на паркинг места за секоја градба определена во архитектонско-урбанистичкиот проект е според нејзината намена и големина (според чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање - "Сл.весник на РМ" бр. 78/06; 140/07);
- **Заштита на животна средина** - при оформување на содржините во градежните парцели, да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07);
- **Процентот на зеленило** во рамките на градежните парцели треба да изнесува минимум 5-10 %.

3. **Градежните парцели ТС-1, ТС-2, ТС-3 и ТС-4 наменети се за изградаба на трафостаници.**

- **Намена на градбата:** Комунална инфраструктура - Г5 - трафостаница
- **Нмах**= 3.0 метри до хоризонталниот венец на градбата;
- **Максимален број на катови** - П - приземје
- **Висина на кровната конструкција** - максимална височина на слеме **0.00** метри од завршниот венец на градбата;
- **Кота на нултата плоча - 0.20 м** од пристапната сообраќајница;

- **Паркирањето** - нема потреба од паркирање
- **Заштита на животна средина** - да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07);
- **Процентот на зеленило** 0.0 %.

4. Парцели за заштитно зеленило - Д2

- **Основна класа на намена:** Заштитно зеленило - Д2;
- **Нема компатибилни класи на намена;**
- **Да се изработи проект** за хортикултурно уредување на парцелите со намена Д2;
- **Не се предвидува паркирање** за оваа намена;
- **Заштита на животна средина** - да се применуваат соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина согласно Законот на животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05; 81/05; 24/07);
- Процент на зеленило: 100 %.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-8183/2 од 27.12.2024 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:807

ДУП: населба Железничка

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0701-637/1 од 03.08.2000год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-1 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник


Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов



ЖЕЛЕЗН
ДЕЛ ОД М
-ЗОНИ З
ГРАДЕЖНИ
МАКСИМАЛН
НА
ЛЕГЕН
Опфат на пла
Зона за градб
Објекти вклоп
Објекти делум
во ДУП
Објекти што н
во ДУП
Висина на обј
на градежни
Висина на обј
венец
Висина на обј
венец
граница на опфат
196 % (5.2 m/sek)
NW
34 / (4.1 m/sek)
N
33
ОУ
СТ
H=8.0
150
250
300
106
109
110
111
112
114

ЛЕГЕНДА


Опфат на планот




Зона за градба




Објекти вклопени во ДУП



Објекти делумно вклопени во ДУП




Објекти што не се вклопени во ДУП



Висина на објекти и растојание на градежни линии



Висина на објекти 6,50 до венец



Висина на објекти 7,00 до венец

2. В О В Е Д

2.1 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Основниот урбанистички план на град Штип (ОУП) е донесен во почетокот на 1984 година. По неговото донесување се појави потреба од изработка од нови и измена на постојни детални урбанистички планови .

Населбата "Железничка" (бесправни изградени станбени објекти) е лоцирана на просторот према ОУП предвиден како тампон зона од постојните капацитети "Винал", "Пелагонија " и "Бетон".

Бидејќи се работи ревизија на ОУП а сега ГУП просторот што го зафаќа бесправно изградената населба е наменет за домување но со запазување на сите законски нормативи од урбанистичкото планирање и останата законска регулатива од санитарна заштита,еколошка заштита и сл.

Целта на овој ГУП е да се стопира бесправното градење на овој простор како на приватно така и на општествено земјиште, односно просторот што е во опфат на планот да се развива плански и плански да се насочува градбата на нови индивидуални објекти доградба и надградба на постојните објекти, односно усогласување на насочување на целокупниот просторен развиток со определните на ГУП.

Со постигнувањето на предвидените цели се добива потребна функционална организација и соодветен квалитет на живеење во него.

Локалната самоуправа на град Штип према Програмата усвоена на редовна седница на Советот за 1998 година предвиде изработка на ДУП на нас. "Железничка" и изработката ја довери на ЈП "Штип Проект" Штип.

Изработката на ДУП на нас. "Железничка" се изврши со најновиот закон за урбанистичко планирање донесен во 1996 година.

2.2 КРИТЕРИУМИ И МЕТОДИ НА РАБОТА

Основните критериуми вградени во урбанистичкиот концепт на ова урбанистичко решение се :

- решавање на нови површини дадени во програмската задача
- создавање на единствена просторно-функционална и обликовна целина на подрачјето со посебен третман на обединување на постојните и новосоздадените објекти
- рационалност и економичност на решенијата (оптимално користење на земјиштето)
- максимално почитување на постојните објекти,парцели и сопственост
- ефикасност и ефективност во функционирањето на просторот

2.3 ФАКТОРИ НА ОГРАНИЧУВАЊЕ

При урбанистичкото планирање еден од важните фактори за создавањето на концепцијата на планот е анализата на постојната состојба.

Непостоење на континуирано следење на урбаното подрачје и систематизирано нанесување на сите промени на просторот претставува голем фактор на ограничување при работењето.

Следен важен фактор представува немање на комплетен подземен катастар на сите инсталации со технички податоци за нив.

Со цел да се ублажат наведените фактори на ограничување извршени се одредени активности во текот на изработката на ДУП. Извршена е инвентаризација на просторот и објектите и прибраните податоци од терен понатаму се користени при планирање на просторот.

Присуството на голем број на бесправно изградени објекти воглавно индивидуални станбени згради со најразличен квалитет и место на градење се голем фактор на ограничување.

Во самиот почеток на работењето извршена е реамбулација на геодетските подлоги кои се предуслов за изработка на ДУП. Како посебен ограничувачки фактор се јавива постоењето на индустриски капацитети на "Винал", ГП "Пелагонија" и ГП "Бетон" и обезбедување на потребни заштитни санитарни зони како и постоењето на два далноводи од 35 кв. и еден далновод о 10 кв. што го пресекуваат просторот.

Како посебен ограничувачки фактор при изработката на овој ДУП представува постоењето на градска депонија што се наоѓа во непосредна близина на просторот за разработка и проблемот за водоснабдување како фактор од вително значење условен со изградбата на линија бр. 2 и резервоар во нас. "Пребег".

2.4 ПЛАНЕРСКИ ПРИНЦПИ

Општиот метод на работа при изработка на ДУП представува почитување и примена на низа норми и определби кои се последица на научни сознанија во областа на урбанизамот, планирањето, развитокот на градот, како и сознание за неговиот иден развиток.

Најважни принципи се следните:

- урбанистичко планирање е дел од општествено-економското планирање
- урбанистичкиот план представува специфичен општествен договор меѓу сите корисници на просторот заинтересирани за развојот на ова подрачје
- урбанистичкото планирање е просторно истражување на идниот развиток на градот. Општествените цели се појдовна основа и контрола на процесот на изработката на планот. За дефинирање на тие цели постигнато е перманентна соработка со урбанистите планери и општествено политичките структури , стопански организации,Советот на Општината преку негови служби и граѓани како индивидуални корисници на просторот.
- Планирањето не е само цел за себе ,тоа е синтеза на низа дејствија сврзани со уредување на просторот, планирање, организација на изградбата , користење на просторот и повторно планирање .
- Урбанистичкото планирање содржи во себе елементи на визија и далечна иднина.
-

2.5 ОПФАТ НА ПЛАНОТ

Населбата "Железничка" се наоѓа на западната страна од градот на патот Штип -Велес од левата страна на крстосницата Три Чешми.

Вкупната површина на просторот за разработка е 44.016 ха.

Изработката на ДУП се наметна како превентива за да се спречи бесправната градба на објекти и постојниот простор на населбата да се уреди од еколошки и санитарен аспект.

2.6 П;РИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА П;РОСТОРОТ

2.6.1 ***Преглед на географски карактеристики***

Штип има централна положба во регионот на Источна Македонија и е во близина на главните и поголеми сообраќајни артерии во Македонија ′

Градот и поширокото подрачје зазема простор 41° 35′15″.и 41°45′25 ″ северна географска ширина и 22°10′ и 22°13′ географска должина по Гринич.Го зафаќа просторот околу Исарот со речни површини на река Отиња и р. Брегалница.

Рељефно поширокиот простор околу градот представува мозаик орографски доста разигран (надомрска висина помеѓу 300-435 м)

Рељефната структура ја детерминира поволната положба на Штип во регионот во однос на сообраќајните врски кои се насочени во природно погодните простори за комуницирање.

Прку Штип поминуваат правци кои ја врзуваат Вардарската долина и Скопје со источните делови на нашата република и соседна Бугарија за што посебно погодува отвореноста на Овче Поле.

Природни погодни коридори за комуницирање се правците Овче Поле-Конанско Поле-Делчевско Поле на исток и Овче Поле-Криволакавичка Котлина-Радовишко Поле на југоисток. Споменатите два правца како природно погодни простори за насочување на сообраќајот на Штипму дава висок ранг на системот на населните во Источна Македонија. Во рељефната физиономија на територијата која ја зафаќа градот и неговото непосредно опкружување се издвојуваат три целини:

- ридчеста (околу 10%)расположени јужно и источно од постојното градско ткиво
- падинска (околу 30%) од вкупната површина
- рамничарска (околу 60%) од вкупната територија на градот

Територијата што ја зафаќа населбата "Железничка" по својата физиономиј е ридчеста.

б) Преглед на сеизмолошки карактеристики

Подрачјето на Штип како дел од Источна Македонија се граничи со две сеизмички најмаркантни, а може да се каже најпознати зони на Балканот: Вардарска сеизмогена зона на запад и Струмичка сеизмогена зона на исток.

За подрачјето на градот и непосредното опкружување пресметан е и добиен најдолгорочниот максимален степен на очекувани земјотреси кои изнесува 8 ° по МЦС скалата.

в) Преглед на климатски карактеристики

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено континентална клима и со одредено влијание на изразито медитеранска клима преку долината на река Брегалница.

- *Температура*

Просечната годишна температура на воздухот е 12,9°. Највисоката средна месечна температура ја имаат месеците јули и август 23,8° а најниска во јануари 1,4°.

Темпертурните амплитуди се доста изразени, апсолутната максимална температура изнесува 41° во август а апсолутно минималната 22,7°. Годишно има 72 дена со појава на мраз и тоа најизразено во јануари,февруари и декември.

- *Врнежи*

Според податоците подрачјето е со релативно мали временски нееднакви распоредрни врнежи . Тие варираат како по годишните сезони така и од година во година.

Просечните годишни врнежи изнесуваат 506,1 мм. воден талог. За летниот период се карактеристични поројни дождови кои представуваат одредени проблеми за градот. Средногодишната влажност во воздухот најголем дел во годината изнесува 67%.

- *Ветрови*

Доминантни се ветровите од северозападниот и југоисточниот правец. Северозападниот ветер со просечна годишна честина од 196°/ ∞ и брзина од 5,2 м. /сек.. Се појавува најчесто во јуни -август и од јануари -март.

Југоисточниот ветер се јавува со просечна годишна честина од 183°/∞, средно годишна брзина од 6,7 м/сек.и тоа најчесто во март, април и ноември .

- *Осончување*

Должината на траењето на сончевиот сјај изнесува 2376,9 часови годишно или просечно дневно 6,5 часа што овозможува и поголем избор на ориентасции на објектите.

- *Вегетација и пејсаж*

Вкупниот впечаток кој од вегетационен аспект создава пределот е сиромашен пуст, обесшумен доминантно земјоделско обележје. Пејсажите во пониските делови на Плачковица не се особено вредни поради еродираноста на површините и оголеноста.

Пејсажот во повисоките делови на Плачковице е многу поинтересен а вегетационите климатските карактеристики го создаваат најатрактивниот излетничко-рекреативен простор во Општината. Најинтерсни и најатрактивни пејсажи во градот се: речните текови на р. Брегалница и река Отиња.

3. АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

3.1 Население и домување

База за идниот развиток на населбата представува анализата на постојната состојба . Од анализите извршени на лице место на територијата на постоечката населба "Железничка" и извршената инвентаризација произлезе дека на теренот постојат 170 објекти со вкупно 556 жители.

- Од објектите што постојат на теренот 56 се од лош квалитет изградени без арматура и нестандарден материјал.
- Со средно добар квалитет постојат 51 објект
- Од квалитетен материјал постојат 71 објект.

Во вкупната инвентаризација не спаѓаат помалите објекти како што се кокошарница,свињарници, шупи и гаражи, помошни простории кои се градени од неквалитетен и нестандарден материјал.

На теренот постојат уште и индустриски капацитет винарска визба "Винал", настерешница и помошни простории на "Југотутун" и две гаражни работилници со простор за складирање на градежен материјал и механизација на ГП "Пелагонија" и ГП "Бетон".

Од вкупниот број на објекти постојат уште три колективни станбени објекти со по 4 стана. Сите објекти што се наоѓаат на просторот се дивоизградени како на приватно така и на општествено земјиште.

Според пописот извршен 1991 година градот Штип има 42.826 жители и се вбројува меѓу средните градови по големина во републиката. Според инвентаризацијата на просторот во нас. Железничка површината зафатена со објекти изнесува 22 ха вкупен број на жители 556 од кои се добива средна густина по 25 жители на хектар што представува ниска густина.

Према извршениот попис на населението на населба "Железничка" старосната структура изнесува 74 деца до 7 годишна возраст, 74 жители од 7 до 14 годишна возраст, од 14-65 годишна возраст 403 жители,над 65 годишна возраст 5 жители.

Број на деца од 0-7год	% од 0-7год.	број на деца 7-14 год.	% од 7-14 год.	број на жит. од 14-65 год.	% од14-65 год	над 65 год. возраст	% над 65 год.
74	13.3	74	13.3	403	72.3	5	1

Од аспект на структура на домаќинства према инвентаризацијата, состојбата е следната:

Број на жители	Број на домаќинства	Членови во едно домаќинство
558	110	5.07

Податоците од последната инвентаризација од март 1988 година зборуваат за интензивна станбена изградба на општествено замјиште во што голем удел има миграцијата село-град, или лугето од градот со нерешено станбено

прашање се осмелуваат на овој начин да го решат станбеното прашање, односно одвојување на семејствата во генерациска смосла. Во моментот на инвентаризацијата имаме нови бесправно изградени објекти со различен квалитет и фаза на изграденост. Од објекти за општествен стандард не постојат никакви простори освен мали 3 продавници за колонијална стока.

3.2 **Сообраќај**

Од сообраќаен аспект основниот пристап до населбата е од булевар "Гоце Делчев" и тоа во непосредна близина на крстосницата и стара бензинска пумпа, Постои една уличка централно трасирана во должина од 400 метри и 3,5 ширина изградена од завршен слој асвалт.Останатите пристапи се земјани , тесни и не можат да ја овозможат потребната фрекфенција како на пешачки така и на колски сообраќај. Карактеристично е тоа што на голем дел од парцелите што се од приватно земјиште се со тесни пристапи. Приклучувањето од населбата во правците према Велес и Кочани не е овозможена.

3.3 **Јавно зеленило и спорт**

Со оглед на тоа што на просторот што се разработува не постои урбанистичко решение за планско насочување на развојот на зеленилото и спортувањето буквално не постојат на теренот.

3.4 **Комунална инфраструктура**

Снабдувањето на постоечката населба и објекти со вода се врши од постојниот градски водовод и тоа од водоводната линија што го поврзува градот со нас. Три Чешми . Цениме дека постоечката водоводна мрежа не ги задоволува потребите. Проблем во постоечката населба представува одводнувањето на фекалната и отпадна вода, бидејќи не е канализирана и се излива слободно по околниот терен и представува потенцијален извор на загадување на човековата околина иако постои примарна канализациона мрежа на улицата "Гоце Делчев".

4. ИДЕН РАЗВИТОК

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавање со фактичката состојба, потоа определбите од ОУП за иден развиоток и програмата добиена од Единицата на Локалната самоуправа при Советот на Општина Штип се база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

4.1 **Земјишен опфат**

Најголем процент на земјишен опфат имаат површините за домување (41.24%) што е логично бидејќи се работи за делот од градот кој представува зона за домување и тоа претежно индивидуално домување.

Доста голем процент на замјишниот опфат имаат сообраќајниците (17.4%) кој резултира од избраниот концепт на сообраќајниот систем во населбата односно систем на станбени улички, колекторски улички и градски магистрални улици.

Трети по големина се површините наменети за стопански капацитети-терцијални дејности (7,49%) што се дефинирани од порано и представуваат

фиксни елементи при планирањето во однос на површини ,изградени објекти, заштитни зони, пристапи и сл.

Процентот на пратечките функции во станбената населба, односно потребните јавни површини услужни објекти и се она што потребнио за една станебена населба да функционира ги дефинираме преку досегашните сознанија за потребите на жителите од една ваква населба а не врз база на нормите од ОУП кој е прилично застарен и не се вклопува во комплетните трансформации кои се присутни во последните неколку години.

Процентот на површините за спорт и рекреација и зелени површини е доста висок бидејќи голем дел од зелените површни потпага на зеленило во индивидуални парцели.

Како посебна парцела се издвојува локацијата за радио предавател со површина од 1,4 ха.

Од приложената табела може да се види површините по големина и нивниот процент на застапеност во однос на вкупната површина на опфатот на планот.

Намена на површините	**П(ха)**	**%**
Домување,детски игралишта, снабдување	18.15	41.24
Постојни објекти за индустриска дејност	7.49	17.01
Училишна и предучилишна дестска установа	1.58	3.59
Спортски терени	2.31	5.24
Собраќајници (без магистрални)	7.5	17.04
Изолационо зеленило	4.03	9.15
Радиопредавател	1.43	3.24
Центар на населбата	1.52	3.45
ВКУПНО .	**44.01**	**100.00**

4.2 **Население и домување**

Во предвидувањата на идниот целокупен развиток и урбана концепција на просторот населението представува важен елемент. Неговиот број, движење,структура и квалитативни белези влијаат во развојот и организацијата на живеење, работа, комуникации, рекреација, и други елементи на урбаниот начин на живеење на населението.

Прогнозата на движење на населението се базира на податоци од извршената инвентаризација денес и анализите за тенденциите присутни во минатото на ОУП односно ГУП. За да се добие планираниот број на жители применета е определбата на ОУП за просечна стапка на природен прираст на населението, механичкиот прилив на населението и планерските и просторни можности за сместување на тоа население.

Така постојната населба која сега има 556 жители со новопредвидени објектии зголемениот опфат населбата ќе брои 1900 жители со густина од 51.91 ж/ха. Планираниот број на жители е опфатен со предложената урбана единица која ќе представува дел од идната месна заедница бр. 12 (према изработениот ГУП што е во процедура на усвојување).

Вкупниот број на жители е добиен од прорачунот каде како основен параметар е земено семејството и тоа во секоја парцела да бидат сместени по две семејства со по 2,7 жители односно вкупно 5,4 жители во една парцела (норми од ГУП). Овој број се однесува на објекти кои се предвидени со по две станбени единици со по 75 м2.

Во центарот на населбата објектите за градба се предвидени со висина од 6,5 м. до кота на венец и вкопан подрумски или сутеренски простор во колку за тоа има теренски услови. Објектите во низ во зависност од тоа на која диспозиција се наоѓаат се предвидени со висина од 7,0 м. до кота на венец. Ова значи дека висината на објектот се одредува гледано од тротоарот испред објектот (главен пристап). Во овие објекти може да се сместат по две семејства со тоа да се користат две висини за домување и делот што е приземен се користи за гаражи и подрум.

Објектите во слободностоечките парцели тоа се на пониско ниво се предвидени со две висини за домување со вкупна висина 6,5 м. до вернец и висина на цокла од 50-90 см. Инвеститорите што ќе имаат потреба од делоовен простор ќе можат да се вклопат во оваа висина со тоа да на приземје се добие висина од 3,7 м. а на катната висина на домување 2,8м. Помошните простории,гаражи и подруми може да се предвидат во склоп на зоната за градба покрај објектот или во колку го овозможува теренот во просторот испод приземјето.

Кога сме кај индивидуалните парцели мора да се напомени дека заради теренските услови,постоечката ситуација (постојни објекти) фактички и имовински состојби , предвидени пристапни и колекторски улици се одредени парцели со неправилна форма и правилна и чиста форма на парцелите без објекти. Големината на овие парцели се движи од 300 м2 према нормите за планирање до 800 м2 а парцелите во низови се со површина од 200-300 м2 во зависност од местоположбата.

Карактеристично за овој ДУП е тоа што на јужниот дел на населбата се предвидени парцели со поголема квадратура (2500 м2) што ќе пружат повисок стандард на живеење. Карактеристично за овие парцели е тоа што кај нив дадените зони за градба и коефициентот на искористување ќе биде помал заради можноста да се уреди просторот со пратечки функции како што се: отворен базен, игралишта,трим стази, парковско зеленило и сл.

Од вкупно 2500 м2 на парцелата би се изградиле 250 м2 односно 10% од големината на парцелата. Зоната за градба овде стриктно ќе важи каде да се лоцира објектот а не и максимално можен габарит. Максимално можниот габарит се ограничува процентуално од вкупната површина на парцелата и ќе изнесува 10%.

Објектите треба каскадно да паѓаат према југ и да го пратат теренот со минимални ископи а максимално вклопување во теренот. Висината на објектите во овие девет парцели ќе изнесува 4,5 м до венец а кровните површини ќе паѓаат со пад 1:3.

Карактеристично за овој ДУП е тоа што на теренот има постојни објекти и од графичкиот прилог се гледа кои ќе бидет вклопени а кои не во ДУП. Сите објекти што со габаритот влегуваат во зоната за градба се вклопени како во однос на габарит така и во однос на висина. Оние кои ја немаат постигната висината ќе може да се доградуват или надградуват према можностите од дефинираните зони за градба а ограничени со градежни и регулациони линии.

Градежните линии се на растојанија од 5,6 и 7 м. од региулационата линија а мимимално 3 м. од границата на парцелата сите означени во графичкиот прилог.

Ако се анализира состојбата и предвидувањата во ГУП ќе се забележи дека ДУП нас. "Железничка" е дел од месана заедница бр. 12 кој треба да опфати околу 8о ха.

Овака планираното домување и опфат на ДУП резултира со просечна ниска густина од 49,1 ж на ха. бруто односно во вкупната површина не и влезена површината на постојните индустриски објекти од 7,49 ха. Ваква ниска густина е резултат на постојната локација за радиопредавател,

планираните локации за повисок стандард на живеење и големината на одредени парцели во постоечката структура.

Насоките од ОУП (ГУП) за развиток во областа на домувањето кои се применети во овој ДУП се следните:

- да се зголеми степенот на искористување на земјиштето,
- замена на субстандардниот со нов ,
- максимално можно задржување и проширување на постојниот квалитетен станбен фонд
- да се предложи и изнајде локација за изградба на нови индивидуални станбени зграда,
- да се предвидат површини за идно ширење на населбата
- да се зголеми станбениот стандард со мин. 20м2 станбена повешина по жител,
- да се обазбеди една станбена единица на едно семејство.

Наведените определби се вградени во просторно планскиот докумен за оваа населба.

Во графичкиот прилог на површини за домување извршена е анализа на секој простор и парцела. Низ анализи за секоја парцела дадена е можност доколку постојат просторни услови за градба или надградба на постојните објекти или изградба на нови, односно дадени се зони за градба каде се гледа каква е положбата на постојниот објект во зоната за градење па према тоа каде може да се гради и доградува во рамките на таа зона. Неколку објекти (може да се види во графичкиот прилог) не се вклопени во зоната за градба заради обезбедување на минимален сообраќаен габарит на улицата.

Прв фактор во одредување на зоната за градење е одредување на градежните регулациони линии, односно растојанието измегу градежната и регулациона линија која кај парцелите за домување изнесува 5,6 или 7 м и растојанието измеѓу објектите мин. 3 м.

Целата оваа зона за градење не треба да биде поголема од 60% од површината на целата парцела. Кај парцелите кои се на крстосници зоната за градење се формира према видливоста на кривините.

Зоните за градба во индивидуалните парцели за повисок стандард се дефинирани со градежни линии и зафаќаат површина која ќе биде ограничена процентуално 10% од површината на парцела под објект за градба. За овие парцели имаа специфичен третман во однос на зоната за градба и објектот за градба.

Втор фактор во одредувањето на зоната за градење е коридорот за заштита односно сигурносна оддалеченост на електричните водови кај објектите што изнесува 10 м. на далноводите кои остануваат во третманот на ДУП тоа се однесува за 35 кв. далновод кој води за Бучим.

Далноводите 35кв. и 10 кв. што водат кон градското ткиво се планира да се дислоцира односно каблираат (сместат) подземно. За објектите што се во непосредна близина на овие два далекуводи посебно ќе се третираат во одредбите за реализација . Висината на објектите што е одредена представува висина од тротоарот до завршниот венец и следува кровни површини со пад на кровните површини со 1:3

Во наредните табели се анализирани сите парцели поединечно со основните карактеристики како што се коефициент на изграденост, коефициент на искористување ,површина на парцела, површина за градба, број на жители и густина ж/ха.

УРБАН БЛОК Б Р. 1		БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ	ПОВРШИНА ха		БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	ГУСТИНА Ж/ха	
		1-3т	вкупно 12.4ха	нетто 1.19ха	167	бруто 134ж/ха	нето: 140ж/ха
БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ИМА-НЕМА ИЗГРАД. ОБЈ.	ПОВРШ. НА ГРАД. ПАР. M^2	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА		КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТ. К	ВИСИНА НА ГРАДБА - $K_в$ (Кота на венец)	
			M^2	%			
1	нема	825	209	25.31	0.50	65	
2	нема	513	160	31.20	0.62	6.5	
3	нема	429	117	27.30	0.55	6.5	
4	нема	379.5	126	33.20	0.63	6.5	
5	нема	468	176	37.60	0.75	6.5	
6	нема	352	120	34.10	0.68	6.5	
7	има	429	150	34.96	0.70	6.5	
8	нена	369	156	42.28	0.84	6.5	
9	има	516	176	34.11	0.68	6.5	
10	нема	390	144	36.92	0.74	6.5	
11	има	455	184	40.44	0.81	6.5	
12	нема	487.5	182	37.33	0.75	6.5	
13	има	568	161	28.35	0.57	6.5	
14	нема	327.50	105	32.06	0.64	6.5	
15	нема	345	96	30.00	0.70	6.5	
16	има	671.5	260	38.72	0.77	6.5	
17	има	527	190	36.05	0.72	6.5	
17а	нема	34605	135	38.96	0.78	6.5	
18	има	320	96	30.00	0.60	6.5	
19	има	370	112	30.20	0.61	6.5	
20	има	406.5	156	38.37	0.76	6.5	
21	има	480	240	50.00	1.00	6.5	
22	има	515	140	27.18	0.54	6.5	
23	нема	347.5	98	28.20	0.56	6.5	
24	има	730	279	38.21	0.76	6.5	
25	има	255	108	42.35	0.85	6.5	
26	има	254.00	120	47.20	0.94	6.5	
27	има	345	150	43.48	0.87	6.5	
28	има	417.5	210	50..30	1.00	65	
29	има	337.5	128	37.92	0.76	6.5	
30	има	651.50	266	40.83	0.82	6.5	
31	има	697.5	234	33.54	0.67	6.5	
снабдува.	нема	500	150	30.00	0.3	3.5	
УПНО		**12449.00**	**5334**	**1154**			

УРБАН БЛОК БР. 2		БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ	ПОВРШИНА ха		БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	ГУСТИНА ж/ха	
		тс1,72,73,74, оу,тс2	вкупно 4.76ха	домув. 0.18ха	16.2	бруто 3.4ж/ха	нето 90ж/ха
БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ИМА-НЕМА ИЗГРАД. ОБЈ.	ПОВРШ. НА ГРАД. ПАР. М²	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА		КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТ. К	ВИСИНА НА ГРАДБА - $K_в$ (Кота на венец)	
			М²	%			
тс1	нема	110.5	30	27.15	0.54	3.00	
72	има	749.50	174	23.21	0.46	6.5	
73	нема	444.00	104	23.44	0.47	6.5	
74	има	621.00	148	23.90	0.48	6.5	
оу	нема	17000	5.329	31.71	0.63	8.0	
тс2	нема	120	30	25.00	0.50	3.0	
спорт. терен	нема	23165	390			3.5	
заштитно зеленило		5400					
ВКУПНО		**47610.00**	**6266.**				

УРБАН БЛОК БР. 3		БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ	ПОВРШИНА ха		БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	ГУСТИНА ж/ха	
		75а-89а,349,126,183,90-0,28,ди	вкупно 3.3ха	домув. 3.23ха	324	бруто 98ж/ха	нето 100ж/ха
БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ИМА-НЕМА ИЗГРАД. ОБЈ.	ПОВРШ. НА ГРАД. ПАР. М²	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА		КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТ. К	ВИСИНА НА ГРАДБА - $K_в$ (Кота на венец)	
			М²	%			
75а	има	593	195	32.88	0.66	6.5	
75	нема	504	170	33.73	0.67	6.5	
76	нема	425	144	33.88	0.68	6.5	
77	нема	422.5	135	31.94	0.64	6.5	
78	нема	374	126	33.69	0.67	6.5	
79	нема	349.5	108	30.91	0.62	6.5	
80	нема	333	88	26.42	0.53	6.5	
81	нема	317.0	88	27.77	0.55	6.5	
82	има	553.5	160	28.9	0.58	6.5	
83	има	328.00	140	42.68	0.85	6.5	
84	има	552.00	160	28.9	0.58	6.5	
85	нема	520.00	189	36.34	0.72	6.5	
86	има	520.00	189	36.34	0.72	6.5	
87	има	550.00	220	39.35	0.79	6.5	
88	нема	488.00	190	38.93	0.78	6.5	
89	има	547.50	228	41.64	0.83	6.5	
89а	има	512.50	144	28.09	0.56	6.5	
349	има	536.50	156	29.08	0.58	6.5	
129	има	485.00	224	46.16	0.92	6.5	
183	нема	567.00	217	58.36	0.78	6.5	
90	има	373.00	130	33.06	0.70	6.5	
91	нема	384.00	130	33.78	0.67	6.5	
92	има	604.5	171	28.29	0.56	6.5	
93	нема	513.50	140	27.27	0.54	6.5	

94	има	595.50	192	32.25	0.65	6.5
95	има	385.00	120	31.20	0.62	6.5
96	нема	312	76..5	24.52	0.49	6.5
97	има	427.20	161	37.69	0.75	6.5
98	има	444	140	143	32.21	6.5
99	има	636.5	227.5	35.74	0.71	6.5
100	има	444	140	31.53	0.63	6.5
101	нема	407	120	29.48	0.59	6.5
102	има	489.0	156	31.92	0.64	6.5
103	има	661.00	182	27.54	0.55	6.5
104	има	551.0	160	29.04	0.58	6.5
105	има	556.00	150	26.98	0.54	6.5
106	нема	481.00	150	31.18	0.62	6.5
107	нема	481	150	31.18	0.62	6.5
108	нема	494	165	33.40	0.67	6.5
109	нема	590	232.5	39.41	0.79	6.5
110	има	493.00	154	31.23	0.62	6.5
111	нема	550.00	196	35.63	0.72	6.5
112	нема	550.00	208	37.82	0.76	6.5
113а	има	470.00	135	28.72	0.57	6.5
113	нема	462.00	186	40.26	0.81	6.5
114	има	475.00	154	32.42	0.65	6.5
115	нема	477.00	180	37.73	0.75	6.5
116	нема	535.00	156	29.16	0.58	6.5
117	има	399.50	154	29.16	0.59	6.5
118	има	512.00	168	32.81	0.65	6.5
119	има	445.00	160	35.95	0.72	6.5
120	нема	370.00	108	29.19	0.58	6.5
121	нема	490.20	140	28.55	0.57	6.5
122	има	612.50	230	34.77	0.75	6.5
123	нема	389.50	110	29.24	0.56	6.5
124	има	386.00	108	30.10	0.60	6.5
125	нема	414.00	140	33.82	0.67	6.5
126	нема	427.50	143	33.45	0.67	6.5
127	нема	448.50	140	31.21	0.62	6.5
128	нема	396	110	27.78	0.56	6.5
детс.играл		750				
ВКУПНО		**33042**	**9448**			

УРБАН БЛОК БР. 4		БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ	ПОВРШИНА ха		БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	ГУСТИНА ж/ха	
		32-71(с.ап. пс5	вкупно 2.70ха	домув. 2.51ха	248	бруто: 91.8ж/ха	нето: 98.8ж/ха
БРОЈ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ИМА-НЕМА ИЗГРАД. ОБЈ.	ПОВРШ. НА ГРАД. ПАР. M^2	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА		КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТ. К	ВИСИНА НА ГРАДБА - $K_в$ (Кота на венец)	
			M^2	%			
32	има	575.00	210	36.50	0.73	6.5	
33	има	717.00	266	37.11	0.74	6.5	
34	има	584.00	189	32.36	0.65	6.5	
35	има	715.00	210	29.38	0.59	6.5	
35а	има	606.00	208	34.34	0.68	6.5	
36	нема	427.00	121	28.34	0.57	6.5	

	37	има	763.00	234	30.66	0.61	6.5
	38	има	833.00	270	32.42	0.65	6.5
	39	има	800.00	182	22.50	0.45	6.5
	40	има	682.5	154	22.56	0.45	6.5
	41	нема	303.000	90	29.70	0.59	6.5
	42	има	512.50	216	42.15	0.84	6.5
	43	нема	440.00	156	35.45	0.71	6.5
	44	нема	333.00	130	39.07	0.78	6.5
	45	има	648.00	154	23.75	0.47	6.5
	46	нема	600.00	208	34.64	0.64	6.5
	47	има	563.00	156	27.71	0.55	6.5
	47а	има	442.00	160	31.22	0.62	
	48	има	640.00	200	31.22	0.62	6.5
	49	има	600.00	168	28.00	0.56	6.5
	50	има	336.00	130	38.69	0.77	6.5
	51	има	552.50	209	37.83	0.76	6.5
	52	има	825.00	230	27.87	0.56	6.5
	53	има	654.00	210	32.11	0.64	6.5
	53а	има	305.00	84	27.52	0.55	6.5
	54	има	403.00	160	39.70	0.79	6.5
	55	има	615.00	190	30.89	0.62	6.5
	56	има	676.00	216	31.95	0.64	6.5
	56а	нема	380.00	132	37.74	0.69	6.5
	57	нема	384.00	156	40.57	0.81	6.5
	58	има	592.00	210	35.47	0.71	6.5
	59	има	452.50	126	27.84	0.59	6.5
	60	има	564.00	240	42.53	0.85	6.5
	61	има	483.00	171	35.40	0.71	6.5
	62	нема	380.00	156	41.05	0.82	6.5
	62а	нема	389.00	156	40.05	0.80	6.5
	63	има	543.50	130	23.921	0.48	6.5
	64	има	561.00	204	36.36	0.73	6.5
	65	има	517.00	225	43.52	0.87	6.5
	65а	нема	635.00	144	22.68	0.45	6.5
	66	има	669.00	218	32.56	0.65	6.5
	67	има	429.00	150	34.94	0.70	6.5
	68	има	650.00	270	41.54	0.83	6.5
	69	има	685.00	270	39.43	0.79	6.5
	70	има	447.50	112	25.03	0.50	6.5
	71	има	660.50	220	33.31	0.67	6.5
	с	нема	378.00	144	38.23	0.38	4.0
	зп	нема	1470.00	168	11.43	0.11	4.0
	тс5	нема	74.00	30	40.54	0.41	3.0
	ВКУПНО		**27064.00**	**8583**			

УРБАН БЛОК БР.5		БРОЈ НА ПАРЦЕЛИ	ПОВРШИНА ха		БРОЈ НА ЖИТЕЛИ	ГУСТИНА ж/ха	
КП 1135/2	59.46	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1135/1	917.83	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1122	1044.03	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1275	2296.74	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1257	848.39	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1267	509.72	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1266	63.95	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1268/1	216.53	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1269/2	117.14	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1313/1	543.04	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/9	1092.15	03.01	Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија	274.20	9.20	П+1	548.39	скелетна	добра
дел од КП 1313/12	98.04	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/11	1933.06	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/13	3026.48	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/4	4433.91	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/3	11.43	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1313/2	88.93	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1273/1	4777.27	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1315/1	6314.25	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1317	1.37	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1278	7152.77	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1394/1	7.94	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1395/1	477.30	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
КП 1395/2	38.40	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1396/1	468.18	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1396/3	334.29	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1277/1	6626.36	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1390	15.42	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1272/2	2.05	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1135/3	20.26	/	НЗ - Неизградено земјиште	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1110	227.95	/	Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1386/1	1756.70	/	Е1.1 - Сообраќајни патни инфраструктури	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1110	0.71	/	Д2.1 - Линиско сообраќајно зеленило	/	/	/	/	/	/
дел од КП 1386/1	646.16	/	Д2.1 - Линиско сообраќајно зеленило	/	/	/	/	/	/
ВКУПНО:		/		274.20	/	/	548.39	/	/



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ P= 5,13 ха
- ГРАНИЦА НА БЛОК С3.03 P= 31,70 ха
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА (ПОСТОЕЧКА)
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ)
- 03.01 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЧЕКИ ОБЈЕКТ)
- Г2 НАМЕНА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ)
- H=9.20m ВИСИНА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ)
- П+1 КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ)
- С3.03 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- НЗ НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

НАМЕНА:

- НЗ НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- Г2 Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Д2.1 Д2.1 - ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО
- Е1.1 Е1.1 - СООБРАЌАЈНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА


СООБРАЌАЈ:

- АСФАЛТЕН ПАТ

ЗЕЛЕНИЛО

- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С3.03 КО ШТИП 1 ОПШТИНА ШТИП



Р.бр.	X	Y
1	7598354.20	4623740.31
2	7598269.04	4623827.25
3	7598216.15	4623904.50
4	7598210.58	4623912.77
5	7598163.86	4623702.96
6	7598091.75	4623555.61
7	7598185.95	4623506.82
8	7598233.97	4623475.54
9	7598288.66	4623624.34
10	7598292.47	4623622.22
11	7598305.07	4623644.82
12	7598315.97	4623659.94
13	7598344.36	4623715.35
14	7598343.23	4623716.31
15	7598339.51	4623719.77
16	7598342.44	4623723.87
17	7598354.20	4623740.31

КОНСТРУКТИВЕН СИСТЕМ

конструктивен систем	број на објекти	процент на застапеност
скелетна конструкција	1	100%
челична конструкција	0	0%
бондручна конструкција	0	0%
ВКУПНО:	1	100%

СОСТОЈБА НА ОДРЖАНОСТ

состојба на одржаност	број на објекти	процент на застапеност
добра	1	100%
средна	0	0%
лоша	0	0%
ВКУПНО:	1	100%

ДЕМОГРАФИЈА

Класа на намена	Бруто развиена површина во (m2)	Број на домаќинства	Број на жители	Густина на населеност ж/ха
А1 - Куќи за домување	0.00	0	0	0
А2 - Станбени згради	0.00	0	0	0
ВКУПНО:	0.00	0	0	0

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД С3.03 - ПОСТОЈАНА СОСТОЈБА - ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ

ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА (м²)	ПОВРШИНА (ха)	ПРОЦЕНТ %
НЗ (НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)	48379.29	4.84	94.33
Г2 (ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА)	274.20	0.03	0.53
Д2.1 (ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО)	646.87	0.06	1.26
Е1.1 (УЛИЧНА МРЕЖА, ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ)	1984.65	0.20	3.87
ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТ:	51285.00	5.13	100.0

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ОПФАТ ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД БЛОК С3.03 - ПОСТОЈАНА СОСТОЈБА, ПРЕГЛЕДНА ПОВРШИНИ И ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА НИВО НА ОПФАТ

БЛОК БРОЈ	НЗ (НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)		Г2 (ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА)		Д2.1 (ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО)		Е1.1 (УЛИЧНА МРЕЖА, ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ ПАТЕКИ И ЈАВНИ ПАРКИНЗИ)		ВКУПНО:	
	m2	(%)	m2	(%)	m2	(%)	m2	(%)	m2	(%)
ДЕЛ ОД С3.03	48379.29	94.33	274.20	0.53	646.87	1.26	1984.65	3.87	51285.00	100.00
ВКУПНО:	48379.29	94.33	274.20	0.53	646.87	1.26	1984.65	3.87	51285.00	100.00

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖИНЕРИНГ "УРБАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ ПРИЛЕП

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД

ЦРТЕЖ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С3.03, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП


ПЛАНЕРИ:
КИРИЛ ДИМЕСКИ, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0626
МАРТИНА ДИМЕСКА, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0667
ОЛИВЕРА СИМОВСКА-НАКА, д.и.а. бр.овл.0.0402

ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0011

УПРАВИТЕЛ: М-Р КАТЕРИДНА ДИМЕСКА, Д.Г.И.

ИВЕСТИТОР: ЕЛС ОПШТИНА ШТИП

ТЕХ.БР. 96/24	01.2025	4 ЛИСТ БР:
М = 1:1 000	ФАЗА: (У)	



ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ P= 5,13 ха
- ГРАНИЦА НА БЛОК С3.03 P= 31,70 ха
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА (ПОСТОЕЧКА)
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ)
- 03.01 НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЧЕКИ ОБЈЕКТ)
- Г2 НАМЕНА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТИ)
- Н=9.20m ВИСИНА НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ)
- П+1 КАТНОСТ НА ОБЈЕКТ (ПОСТОЕЧКИ ОБЈЕКТ)
- С3.03 НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
- Н3 НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

НАМЕНА:

- Н3 Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ
- Г2 Г2 - ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА
- Д2.1 Д2.1 - ЛИНИСКО СООБРАЌАЈНО ЗЕЛЕНИЛО
- Е1.1 Е1.1 - СООБРАЌАЈНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

СООБРАЌАЈ:

- АСФАЛТЕН ПАТ

ЗЕЛЕНИЛО

- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- ВИСОКО ЗЕЛЕНИЛО

ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- 10(20)kV ПОДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД - ПОСТОЕЧКИ
- 0,4kV НАДЗЕМЕН КАБЕЛСКИ ВОД - ПОСТОЕЧКИ
- ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА КАБЕЛСКИ ВОД
- 10(20)/0,4kV ТРАФОСТАНИЦА - ПОСТОЕЧКА


ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА - ПОСТОЕЧКА

ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА:

- ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА - ПОСТОЕЧКА
- ФЕКАЛНА КАНАЛИЦАЦИЈА - ПОСТОЕЧКА

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С3.03 КО ШТИП 1 ОПШТИНА ШТИП



Р.бр.	X	Y
1	7598354.20	4623740.31
2	7598269.04	4623827.25
3	7598216.15	4623904.50
4	7598210.58	4623912.77
5	7598163.86	4623702.96
6	7598091.75	4623555.61
7	7598185.95	4623506.82
8	7598233.97	4623475.54
9	7598288.66	4623624.34
10	7598292.47	4623622.22
11	7598305.07	4623644.82
12	7598315.97	4623659.94
13	7598344.36	4623715.35
14	7598343.23	4623716.31
15	7598339.51	4623719.77
16	7598342.44	4623723.87
17	7598354.20	4623740.31

ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖИНЕРИНГ "УРБАН ПРОЕКТ" ДООЕЛ ПРИЛЕП

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ФИЗИЧКА СУПТАСТРУКТУРА

ЦРТЕЖ

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ С3.03, КО ШТИП 1, ОПШТИНА ШТИП

ПЛАНЕРИ:
КИРИЛ ДИМЕСКИ, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0626
МАРТИНА ДИМЕСКА, м-р.инж.арх. бр.овл.0.0667
ОЛИВЕРА СИМОВСКА-НАКА, д.и.а. бр.овл.0.0402

ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БР.0011

УПРАВИТЕЛ: М-Р КАТЕРИДНА ДИМЕСКА, Д.Г.И.

ИВЕСТИТОР: ЕЛС ОПШТИНА ШТИП

ТЕХ.БР. 96/24	01.2025	5 ЛИСТ БР.
М = 1:1 000	ФАЗА: (У)	

4. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.1 Вид на планот, назив и подрачје на планскиот опфат и плански период

Со планската документација се изработува **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип.**

Планската документација е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), согласно Член 31 од Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), со таа цел пристапено е кон изработка на Детален урбанистички план.

Површината на планскиот опфат до сега е опфатена со ГУП на град Штип (2019-2029 година) донесен со Одлука на Совет на град Штип со бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год. За предметниот плански опфат издаден е Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година за изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип**.

4.2 Површина и граница на планскиот опфат

Просторот дефиниран за изработка **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип,** со својата местоположба припаѓа во општина Штип. Вкупната површина на Општина Штип изнесува 22,92 km^2, површината на ГУП за Град Штип (2019-2024 година) изнесува 22922800m^2 или вкупно 2292,28 ха, а вкупната површина на опфатот за **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип,** изнесува 51285.01m^2 или вкупно 5,13ха.

Планот го опфаќа делот од градската Четврт С3, Блок С3.03 од ГУП за град Штип (2019-2024 година) на град Штип или поточно северо-западниот градежен реон од градот Штип, додека самата граница на планскиот опфат е одредена со површината населена со градско население заедно со локациите за функциите кои се потребни за уредување на место.

Бидејќи се работи за локација за која е лоцирана во ГУП за град Штип побаран е Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) со бр. 18-8184/2 од 27.12.2024 година со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година.


Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански опфат зафаќа површина од **5,13ха** и со својата местоположба се наоѓа во КО Штип 1, Општина Штип.

Границата на планскиот опфат се движи по осовините на улиците:

- **На исток** се движи по границата на КП 1313/9, по границата на КП 1315/1, и по границата на КП 1277/1.
- **На запад** по осовина на новопроектирана магистрала ул.1
- **На север** по осовина на градска магистрала ул.Гоце Делчев

- **На југ** ја сече КП1396/1, ја сече КП 1395/2, ја сече КП 1278 и ја сече КП 1394/1.

Опфатот е дефиниран со точки по Y и X оската со реден број почнувајчи од 1 до 17 кои се табеларно прикажани:



Р.бр.	X	Y
1	7598354.20	4623740.31
2	7598269.04	4623827.25
3	7598216.15	4623904.50
4	7598210.58	4623912.77
5	7598163.86	4623702.96
6	7598091.75	4623555.61
7	7598185.95	4623506.82
8	7598233.97	4623475.54
9	7598288.66	4623624.34
10	7598292.47	4623622.22
11	7598305.07	4623644.82
12	7598315.97	4623659.94
13	7598344.36	4623715.35
14	7598343.23	4623716.31
15	7598339.51	4623719.77
16	7598342.44	4623723.87
17	7598354.20	4623740.31

4.3 Стретешки определби што произлегуваат од развојни стратегии, планови од повисоко ниво и документација релевантна за планскиот опфат

За планскиот опфат на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**, релевантни се следните планови од повисоко ниво:

Појдовна точка во оформувањето на планскиот концепт претставува оформувањето на целосно дефинирана зона со мешана намена, што се надоврзува на создадените услови за промени и осовременување на предметниот локалитет, како и планерските концепти засновани на постојната законска регулатива.

Со Урбанистичкиот план за предметниот локалитет, испочитувана е намената на просторот дефинирана со Генералниот урбанистички план на град Штип 2019-2019.

- **ГУП на град Штип, 2019-2029 година (**донесен со Одлука на Совет на град Штип со бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.**) Според наведената планска документација на предметниот простор се предвидува следните основни класи на намена:**

Б+В+Г – Мешовита класа на намена
(Б - Деловни и комерцијални намени)
(В -Јавни дејности и институции)
(Г-производство, рударство, енергетика и индустрија)

Сообраќајното решение е усогласено со потребите на корисниците на просторот, како и со Генералниот урбанистички план на град Штип со кој е дефинирано сообраќајното поврзување на градската четврт со останатите делови на градот.

Согласно актуелната важечка регулатива и номенклатурата и групирањето на системот на класи на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и во согласност со одобрената Планската програма, планираните намени на земјиштето се следниве:

Б – Деловни и комерцијални намени
Б2 – Големи единици за трговија
В – Јавни институции
В2 – Здравствена и социјална заштита
В5.1 – Цркви
Г – Производство, рударство, енергетика и индустрија
Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија
Д – Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори
Д1– Парковско и пејзажно зеленило
Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило
Е – Инфраструктура
Е1.1 – Примарна и секундарна улична мрежа
Е1.8– Трансформаторски станици и подстаници

4.4 Цели на урбанистичкиот план

Задача на планската документација е изработка на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**, за плански период 2024-2029 година, со која ќе се постигнат следните цели:

- Усогласување на деталниот урбанистички план со плановите од повисоко ниво (ГУП на град Штип 2019-2029);
- Усогласување на Деталниот урбанистички план со донесена важечка планска и проектна документација која е релевантна за планскиот опфат;
- Дефинирање на единици на градежно земјиште за просторна дистрибуција на планираните намени и дефинирање на плански услови за организација, уредување, изградба, развој и користење на земјиштето и градбите застапени со планираните основни намени;
- Дефинирање на примарна и секундарна сообраќајна инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат;
- Оптимално дефинирање на мрежи и објекти од комуналната инфраструктура;

За единиците на градежно земјиште формирани во рамките на планскиот опфат да се дефинираат услови за:

- Заштита и унапредување на животната средина, природното наследство и културното наследство;
- Заштита и спасување, заштита од пожари, воени разурнувања и природни катастрофи;
- Движење на лица со посебни потреби;
- Урбано зеленило и озеленетост;
- Други услови кои произлегуваат од специфичноста и карактеристиките на просторот на единиците на градежно земјиште.

Урбанистичкиот план како плански развоен документ треба да го постигне следното:

- Оформување на урбанистичка функционална целина која ќе претставува континуитет во урбанизирањето на просторот;
- Усогласување и надоврзување на усвоените плански документи;
- Оптимално димензионирање на системите на комуналната инфраструктура;
- Услови за хумано живеење и работа на граѓаните;
- Обезбедување услови за одржлив развој, рационално уредување и користење на земјиштето како необновлив ресурс и системите на инфраструктурата;
- Услови за зголемување на вредноста на земјиштето и степенот на уреденост на просторот.
- Класите на намени се дадени со кратенки впишани на самата парцела во графичкиот прилог и во табелите со урбанистички показатели за секоја парцела поединечно, на ниво на блок и на ниво на плански опфат.
- Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите.

Со предложеното решение се создаваат услови за инвестирање во деловни, индустриски и јавни објекти со формирање на современа урбанистичка целина.

- Во **зоната за деловни и комерцијални дејности** максимално е внимавано на почитување на постојната парцелација. Предвидениот концепт претставува градба на објекти во оформени градежни парцели и систем на градба со оформување на објекти со изедначена висина. Во тој поглед, за градежните парцели ГП03.06, ГП03.07, ГП03.08, ГП03.09 и ГП03.11, се предвидени непречен колски и пешачки пристап од сервисна улица ул.СЕ-2, катност од П+1 до максимална висина 12м.
- Во зоната на **производство, рударство, енергетика и индустрија** предвидениот концепт претставува градба на објекти во оформени градежни парцели и систем на градба со дооформување на постоечките објекти со изедначена висина. Во тој поглед, во градежните парцели кои ја тангираат сервисните улици ул.СЕ-1 и ул.СЕ-2,индустриските улици ул.ИН-1 и ул.ИН-2, се предвидени објекти Г2- лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија со катност П+1 за ГП 03.01, ГП 03.02, ГП 03.03, ГП 03.04 и ГП 03.05.

  Во **зоната на јавни институции** предвидениот концепт претставува градба на објекти во градежни парцели и систем на градба со дооформување на постоечките објекти со изедначена висина. Во тој поглед, во градежните парцели кои ја тангираат сервисната улица ул.СЕ-2 се предвидени објекти В2 – Здравствена и социјална заштита со катност П+1 за ГП 03.10. и за В5.1 – Цркви со катност П+1 за ГП 03.13.
- Во **зоната на зеленило,спорт и рекреација** предвидениот концепт претставува оплеменување на просторот со Д1 -парковско и пејзажно зеленило со цел развој на параметрите за заштита на животната средина и дополнување на содржините каде престојуваат и ги посетуваат поголем број на жители.

Длабочината на површините за градба е дадена во зависност од длабочините на дворните места, како и од можностите за квалитетно архитектонско решавање на содржините во објектите согласно намената. Урбанистичкиот план за овој локалитет овозможува сообраќајно поврзување до секоја парцела, односно објект.

4.5 Образложение на планскиот концепт за просторниот развој

Во согласност со одредбите од Законот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), и со одредбите од Правилникот урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и Закон за урбано зеленило (СЛ Весник на РСМ бр.11/18 и 42/20) извршено е обликување на просторот со усогласување на висините на планираните градби и почитување на принципот за хармоничност на уличните силуети, поставување на површините за градба согласно условите и ограничувањата во просторот кои произлегуваат од инфраструктурни зададености и почитнување на заштитни коридори на инфраструктурните водови .

Со предложеното решение се создаваат услови за дооформување на постоечките објекти и формирање на современа урбанистичка целина.

Планскиот концепт се развива во насока на овозможување на реални услови за реализација на планираната намена, валоризација на вредноста на градежното

земјиште и креирање на квалитетна урбана срдина која ќе одговри на потребите на градот.

4.6 Опис и образложение на планските решенија за изградба и наменска употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, собраќајна и комунална инфраструктура

Планскиот опфат опфаќа земјиште кое во основа е дефинирано како:
- парцелирано градежно земјиште (градежни парцели); и
- земјиште за општа употреба (комунална инфраструктура и заштитно зеленило).

Во согласност со одредбите од Законот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.32/20, 111/23 и 171/24), и со одредбите од Правилникот урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и Закон за урбано зеленило (СЛ Весник на РСМ бр.11/18 и 42/20) извршено е обликување на просторот со усогласување на висините на планираните градби и почитување на принципот за хармоничност на уличните силуети, поставување на површините за градба согласно условите и ограничувањата во просторот кои произлегуваат од инфраструктурни зададености и почитнување на заштитни коридори на инфраструктурните водови.

4.6.1. Парцелирано градежно земјиште

Градежното земјиште во рамките на регулационите линии е поделено на градежни парцели, кои претставуваат основни единици за изградба чиишто граници се прикажани во графичките прилози на урбанистичкиот план. Градежните парцели се нумерирани со двочлена номенклатура така што првиот број го означува бројот на блокот, а вториот број ја означува градежната парцела. На пример, ознаката 03.01 значи: Блок 03, парцела 01. За секоја градежна парцела поединечно се утврдени намената на земјиштето, површината за градба, вкупната изградена површина, максималната височина за градење и катноста, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, минималниот процент на озеленување, потребниот број паркинг места и други услови за изградба.

Согласно дефинираните намени и наведените услови од Генереалниот урбанистички план за град Штип 2019-2029, како и Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) во границите на планскиот опфат дефинирани се градежни парцели со следните намени:

Б – Деловни и комерцијални намени

Б2 – Големи единици за трговија

В – Јавни институции

В2 – Здравствена и социјална заштита

В5.1 – Цркви

Г – Производство, рударство, енергетика и индустрија

Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

При определувањето на намената кај парцелираното градежно земјиште, за градежните парцели од класата на намени **Б2** – Големи единици за трговија, **В2** – Здравствена и социјална заштита, **В5.1** – Цркви и **Г2** – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија намената на земјиштето е утврдена на ниво на класа на намена.

Во рамки на градежните парцели предвидено е функционирање на основната класа на намена, комплементарни и компатибилни намени.

Комплементарна намена е намена што во една градежна парцела и една градба ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на основната намена утврдена со урбанистичкиот план. Таа означува дејност или активност која се врши на ист простор како дополнување, функционално комплементирање и остварување на осоновната намена на градбата од примарната дејност или активност и служи за поквалитетно одвивање на основната намена без да го менува нејзиниот карактер, но може и да го овозможува остварувањето и употребата на основната намена.

Комплементарните намени треба да ги исполнуваат следните услови:

- Треба да бидат дополнување на основната намена;
- Треба да се во функција исклучиво за остварување на основната намена;
- Се димензионираат и предвидуваат за корисниците на основната намена;
- Не треба да зафаќаат значителен дел од просторот наменет за примарната намена на начин што ја менуваат намената, туку само да го збогатуваат просторно-функционалниот и типолошкиот карактер на просторот и објектот наменет за примарна функција.

Компатибилни намени, класи на намени или групи на класи на намени, се две или повеќе намени кои можат да егзистираат во иста градежна парцела без при тоа меѓусебно да си го нарушуваат нормалното функционирање, при што една од намените се утврдува како основна, додека останатите компатибилни намени можат да бидат присутни со најмногу **40%**. Компатибилните намени се утврдени за секоја градежна парцела поединечно и се дадени во табеларните прилози и условите за изградба.

Заради конзистентност со важечкиот план кој се изменува, максималната височина за градење е зададена како висина до горниот венец која се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри за станата на површината за градење која гледа кон лицето на парцелата.

Над горниот венец дозволено е оформување на кровната конструкција, при што максималната височина на слемето е 4,50m во однос на горниот венец. Крововите можат да бидат коси, мансардни или рамни, при што косите кровови имаат најголем наклон од 35 степени, мансардните имаат најголем наклон од 60 степени кој почнува од завршниот венец поставен на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот е градежната линија, а рамните кровови имаат агол на косина до 5% и во дозволената силуета е можно скалесто повлекување од страната на лицето на парцелата под агол од најмногу 60 степени и оформување кат на дел од последната плоча на градбата, кој кон дното и страните на парцелата е со вертикален sид во рамнина со фасадата.

Висинската кота на тротоарот се уредува со нивелманскиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната висина на венец изразена во должни метри се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се изгради во одредена височина. Најмалата спратна височина за домување, сметано од плоча до плоча изнесува 2,90m, а за деловна дејност 3,40m. Во вкупниот број на катови не влегува и поткровјето, односно катот кој е дозволено да се оформи во рамките на дозволената кровна силуета. Со оглед на тоа што за објектите со намена **Г2** – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија со важечкиот план е утврдена катност П+1 и максимална висина на венец од 9,0м, за истите во овој детален урбанистички план истата е презентирана како П+1 но со максимална дозволена висина на венец од 12,0м, висината на слемето ќе се одреди во согласност со Член 124 од Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).Истата одредба важи и за објектите со намена **Б2** – Големи единици за трговија, **В2** – Здравствена и социјална заштита,**В5.1** – Цркви и **Г2** – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија.

Висинската кота на приземната плоча (нулта плоча) се уредува во однос на котата на тротоарот. Во приземјето максималната висина на нултата плоча изнесува 1,20m, а за сите градби чија градежна линија се совпаѓа со регулационата линија, а намената на градбите е Б – Комерцијални и деловни намени, треба да е 15cm, во согласност со Член 123 од Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

4.6.2. Земиште за општа употреба

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) во границите на планскиот опфат земјиштето за општа употреба е дефинирано со следните поединечни основни класи на намени:

Д – Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори

Д1– Парковско и пејзажно зеленило

Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило

Е – Инфраструктура

Е1.1 – Примарна и секундарна улична мрежа

Е1.8– Трансформаторски станици и подстаници

4.6.3. Сообраќајна инфраструктура

Сообраќајното поврзување со централното градско подрачје и останатите делови од градот, локалитетот го остварува преку сообраќајниците од примарната сообраќајна мрежа и тоа градска магистрала ул.Гоце Делчев и новопроектирана магистрална улица ул.1. Трасите и попречните профили на сообраќајниците од примарната сообраќајна мрежа се дефинирани со ГУП на градот Штип и како такви се аплицирани во **ДУП за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип**.

Со **ДУП за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип** се предвидува целосно редефинирање на секундарната сообраќајна мрежа во блокот со

улиците : сервисна улица ул.СЕ-1 и Сервисна улица ул.СЕ-2,како и индустриските улици ул.ИН-1 и ул.ИН-2, како резултат на предвидените морфолошки промени во неговите рамки, како и нејзино усогласување со решенијата од плановите од повисоко ниво.

Димензиите на сервисните и индустриските улици се усогласени со Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Со планското решение е овозможена максимална проточност на сообраќајот секаде каде тоа е можно, а бројот и должината на слепите пристапни улици е сведена на неопходниот минимум.

Сообраќајниците, со своите радиуси, ширини на коловоз и тротоари се прикажани во графичкиот прилог за сообраќајно решение.

Во локалитетот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот план се опфатени следниве категории на улици:

- Градска магистрална улица ул.Гоце Делчев,
- Нова магистрална улица ул.1,
- Сервисна улица ул.СЕ-1,
- Сервисна улица ул.СЕ-2,
- Индустриска улица ул.ИН-1,
- Индустриска улица ул.ИН-2.

Улиците во рамките на локалитетот ги имаат следниве попречни профили:

1. **Градска магистрална улица ул.Гоце Делчев**
   - коловоз 2,00 x 10,50m (6x3,5 m)
   - тротоари 2,00 x 7.00m
   - сообраќајно зеленило 5,00 m

     вкупно 40,00m

2. **Нова магистрална улица ул.1**
   - коловоз 2,00 x 7,00m (6x3,5 m)
   - тротоари 2,00 x 3.50m
   - сообраќајно зеленило 2,00 m

     вкупно 23,00m

3. **Сервисна улица ул.СЕ-1**
   - коловоз 2,00 x 3,00m
   - тротоари 2,00 x 2.40m

     вкупно 10,80m

4. **Сервисна улица ул.СЕ-2**
   - коловоз 2,00 x 3,00m
   - тротоари 2,00 x 2.40m

     вкупно 10,80m

5. **Индустриска улица ул.ИН-1**
   - коловоз 2,00 x 3,50m
   - тротоари 2,00 x 2.40m

   вкупно 11,80m

6. **Индустриска улица ул.ИН-2**
   - коловоз 2,00 x 3,50m
   - тротоари 2,00 x 2.40m

   вкупно 11,80m

ПОДЕЛБА НА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА ВО ДУП ЗА ДЕЛ ОД ЧЕТВРТ С3.03		
ПРИМАРНА УЛИЧНА МРЕЖА	СЕКУНДАРНА УЛИЧНА МРЕЖА	
МАГИСТРАЛНИ УЛИЦИ	ИНДУСТРИСКИ УЛИЦИ	СЕРВИСНИ УЛИЦИ
ГРАДСКА МАГИСТРАЛА - УЛ.ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ	ИНДУСТРИСКА УЛИЦА - УЛ. ИН-1	СЕРВИСНА УЛИЦА - УЛ. СЕ-1
НОВОПРОЕКТИРАНА ГРАДСКА МАГИСТРАЛА - УЛ. 1	ИНДУСТРИСКА УЛИЦА - УЛ. ИН-2	СЕРВИСНА УЛИЦА - УЛ. СЕ-2

Пристапот за возила до парцелите е обезбеден преку индустриските и сервисните улици.

Се предвидува оформување на постојната уличната мрежа во склад со важечката законска регулатива.

При планирањето на сообраќајната мрежа во локалитетот обрнато е внимание истата да биде колку што е можно попроточна, со планирање на слепи улици само таму каде што условите на терен (парцелација на земјиштето и сл.) не овозможуваат поинакво планско решение.

4.6.4. Стационарен сообраќај

Стационарниот сообраќај односно паркирањето на моторните возила во рамките на планскиот опфат е планирано согласно дефинираната намена на земјиштето и нормативните акти од дел 9 - Стационарен сообраќај (Член 127, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135) од Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

При утврдувањето на потребниот број на паркинг места во овој детален урбанистички план се применети нормативите дадени во Член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Потребниот број на паркинг места во однос на намената изнесува:

- За намени **Б2** – Големи трговски единици, минимум 1 паркинг паркинг место на 70m^2 од вкупно изградената површина;
- За намена **Г**– Производство, рударство, енергетика и индустрија, потребниот број на паркинг места се утврдува во процесот на донесување или спроведување на урбанистичкиот план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структура на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај (службен), индивидуален и за возилата на механизацијата што се употребува за

потребите на основната намена на градбата да се обезбедат во рамки на градежната парцела;

- За намена **В2** – Здравствена и социјална заштита, минимум 1 паркинг место на 3 вработени во смена плус 10% од најмалку 2 места;
- За намена **В5.1** – црква, минимум 1 паркинг места на 40м2 од вкупната површина;
- За намена **Д1** – паркови и пејзажно зеленило се утврдува со урбанистички проект во зависност од начинот на употреба, бројот и структурата на посетителите, специфичните потреби и услови на локацијата;

Во рамките на градежните парцели, односно објектите треба да се предвиди и простор за паркирање односно безбедно одлагање на велосипеди, така што за комерцијално-деловните намени, јавните институции и индустриски објекти потребниот број на паркинг места за велосипеди се уредува во урбанистички план во зависност од локалните услови, обичаи, степен на велосипедска мобилизација, како и потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена и програмските барања.

За градежните парцели, паркирањето е предвидено да се реши во рамките на секоја градежна парцела поодделно, надземно или подземно и истото наведено е во посебните услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите.

Границата на површината за градење под нивото на теренот која го вклучува и подземното паркирање, во планираните градежни парцели на овој ДУП ќе се разработи со Урбанистички проект за секоја градежна парцела.

Широчината, надолжните наклони и радиусите на хоризонталните кривини на рампите за планираните подземни паркинзи да се утврдат во согласност со нормативите од Член 133 од Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Бројот на потребни паркинг места зависи и од изборот на компатибилните намени во градежната парцела кои треба да се земат предвид при изработка на проектната документација за градбите, врз основа на која се издава одобрение за градење.

Основен услов за изградба на планираната површина за градење, максимална висина и катност е обезбедување на потребниот број на паркинг места.

4.6.5. Нивелациско решение

Со изработка на урбанистичкиот план, пристапено е кон изработка на нивелациско решение за предметниот локалитет. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на пристапните сообраќајници.

При дефинирањето на нивелетите на пристапните и станбените улици, почитувана е нивелетата на изведените улици и конфигурацијата на теренот, при што подолжните наклони се движат во рамките на пропишаните вредности од Правилникот за урбанистичко планирање (СЛ Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Висинските коти на сообраќајниците се прикажани со координатни точки по X, Y и Z координата во следната табела:

Р.бр.	X	Y	Z
Д.5	4623781,91	7598198,70	307,50
Д.4	4623635,91	7598160,10	307,00
Д.3	4623583,96	7598273,82	307,50
Д.2	4623475,54	7598233,97	311,50
Д.1	4623555,61	7598091,75	310,00
Б.10	4623307,33	7597877,99	322,00
Б.03	4623428,62	7598777,82	306,00
Б.03А	4623433,82	7598770,82	306,00
Б.02	4623912,77	7598210,58	305,00

4.7 Комунална инфраструктура

4.7.1. Хидротехничка инфраструктура

Вовед

Основните решенија за водовод, фекална и атмосферска канализација за **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** се изработени на основа следните подлоги и податоци:

- Извод од ГУП за град Штип (2019-2024 година) со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр.08-7987/1 од 31.12.2022 година
- Постојна состојба;
- Постојни технички прописи и нормативи за овој вид на објекти и инсталации.

Према ГУП за град Штип (2019-2029 година) во **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** просторот е предвиден со класа на намена:

Групи на класа на намена:

Б – Деловни и комерцијални намени
В – Јавни институции
Г – Производство, рударство, енергетика и индустрија
Д – Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори
Е – Инфраструктура

Основни класи на намена:

Б2 – Големи единици за трговија, застапена со 34,17%
В2 – Здравствена и социјална заштита, застапена со 3,38%
В5.1 – Цркви, застапена со 2,50%
Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, застапена со 24,19%
Д1– Парковско и пејзажно зеленило, застапена со 5,32%
Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило, застапена со 1,71%
Е1.1 – Примарна и секундарна улична мрежа, застапена со 28,40%

Е1.8– Трансформаторски станици и подстаници, застапена со 0,33%

и други инфраструктурни содржини и градби.

Приклучните точки на хидротехничката инфраструктура ќе се разработат со хидротехнички услови издадени од ЈП ИСАР со пропишани услови за приклучок на постоечката водоводна, фекална и атмосферска инфраструктурна мрежа и ќе се вградат како услов за решение во проектите за инфраструктура или основните проекти.

- **Водоснабдување**

Со новото планско решение се предвидува задржување на постоечката водоводна инсталација која е прикажана во графичките прилози од Изводот од ГУП за град Штип со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр08-7987/1 од 31.12.222 година со профил од Ф40, дополниелно се предвидува новопланирана водоводна мрежа по должината на сервисна улица ул.СЕ-1 со профил од Ф40 и новопланирана водоводна мрежа по должината на сервисна улица ул.СЕ-2 кои се надоврзуваат на постоечката водоводна мрежа. Исто така се предвидува и набивање на бунари во рамките на градежните парцели за покривање на потребите од техничка вода за објектите и хидрантска мрежа за противпожарна заштита. Конечното решение за водоводна мрежа ќе се обезбеди со изработка на Проект за инфраструктура, а подоцна Основен проект за линиска водоводна мрежа, а водомерите од објектите ќе се прикчучат на новопланираната вовододна мрежа.

- **Фекална канализација**

Согласно изводод од ГУП за град Штип со бр.18-8184/2 од 27.12.2024 година донесен со Одлука на Совет на Општина Штип со бр08-7987/1 од 31.12.222 година во непосредна близина на градската магистрала ул.Гоце Делчев постои фекална канализациона мрежа со профил Ф500, новопланираната фекална канализациона мрежа по ГУП на град Штип е со профил Ф400 и е по должината на новоланираната градска магистрала ул.1 во која влегуваат новопланираниот крак со профил Ф300 кој се движи по должината на сервисна улица ул.СЕ-1. За новопланираните објекти се предвидува и изградба на септички јами како услов за издавање на Одобрение за градење. Конечното решение за прифаќање на фекалиите ќе се обезбеди со изработка на Проект за инфраструктура, а подоцна Основен проект за линиска фекална канализациона мрежа, а приклучоците на фекалната канализација ќе се прикчучат на новопланираната фекална канализација

- **Подземни води**

Инфилтрирани подземни води во фекалната канализација се исклучуваат, канализациската мрежа се предвидува да се изведува од пластични канализациски цевки за улична канализација со гумени заптивки.

- **Атмосферска канализација**

Во опфатот нема постојна регистрирана атмосферска канализација, која прифаќа дел од површинските води од опфатот. Конечното решение за прифаќање на атмосферска вода ќе се обезбеди со изработка на Проект за инфраструктура, а подоцна Основен проект за линиска атмосферска канализациона мрежа, а приклучоците на атмосферската канализација ќе се прикчучат на новопланираната атмосферска канализација.

4.7.2. Електро-енергетски, телефонски, топлински и гасоводни инсталации

Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип, е со површина од **5,13ха** и е предмет на изработка на електроенергетско напојување.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **51285,01 m²**

Површини по класа на намена:

Б – Деловни и комерцијални намени

Б2 – Големи единици за трговија

ВКУПНО БРУТО: 15637,18 m²

В – Јавни институции

В2 – Здравствена и социјална заштита

В5.1 – Цркви

ВКУПНО БРУТО: 2103,54 m²

Г – Производство, рударство, енергетика и индустрија

Г2 – Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија

ВКУПНО БРУТО: 11953,39 m²

Д – Зеленило, спорт рекреација и меморијални простори

Д1– Парковско и пејзажно зеленило

Д2.1 – Линиско сообраќајно зеленило

ВКУПНО БРУТО: 3605,08 m²

Е – Инфраструктура

Е1.1 – Примарна и секундарна улична мрежа

Е1.8– Трансформаторски станици и подстаници

ВКУПНО БРУТО: 14735,38 m²

Со овој план извршена е поделба на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт С3.03, КО Штип 1, Општина Штип** и тоа на 13 (тринаесет) градежни парцели:

НАМЕНА Б – ДЕЛОВНИ И КОМЕРЦИЈАЛНИ НАМЕНИ

Б2 – Големи единици за трговија = 15637,18 m^2

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следните електроенергетски параметри:

Едновремената моќност за класа на намена Б – Деловни и комерцијални намени:
(коефициентот за таков тип на објекти е 0,05 KW/m^2)

Ped1 = 0,05KW/m^2 x 15637,18m^2 = 782 KW

Вкупната едновремена снага за намената Б2 – Големи единици за трговија:

Ped 1 = 782 KW

НАМЕНА Г – ПРОИЗВОДСТВО,РУДАРСТВО,ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА

Г2 –Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија = 11953,39 m^2

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следните електроенергетски параметри:

Едновремената моќност за класа на намена Г – Производство, рударство, енергетика и индустрија:
(коефициентот за таков тип на објекти е 0,05 KW/m^2)

Ped1 = 0,05KW/m^2 x 11953,39 m^2 = 598 KW

Вкупната едновремена снага за намената Г2 –Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија:

Ped 1 = 598KW

НАМЕНА В – ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ

В-Јавни институции = 2103,54 m^2

Димензионирањето на електричната мрежа се врши според следните електроенергетски параметри:

Едновремената моќност за класа на намена В2 – Здравствена и социјална заштита:
(коефициентот за таков тип на објекти е 0,05 KW/m^2)

Ped1 = 0,05KW/m^2 x 2103,54 m^2 = 105 KW

Вкупната едновремена снага за намената В – Јавни институции:

Ped 1 = 105 KW

Улично и парковско осветлување

Сообраќајници и парковите во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа"B-2", споредни, локални
- класа "B", паркинг простори

За овие класи на сообраќајници се препорачуваат следните светлотехнички параметри. "B-2" (C)

- сјаност на коловозот Lm=1-1,5 cd/m2
- средна погонска осветленост Esr=15-25 Lx
- просечна рамномерност jr=40%
- висина на монтажа на светилките H=8m
- светлосен извор VTFE-250W
- начин на поставување еднореден

"B" - паркинг простори

- средна погонска осветленост Eyg = 10-20 Eh
- просечна рамномерност jr = 25 %
- висина на монтажа на светилките N= 8(10) (m)
- светлосен извор VTFE - 250 W начин на поставување двореден (еднореден)

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот корисник-телефон, додека за јавните содржини бројот на приклучоци се определува според нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл., а за трговија и деловни простори доколку се планира како компатибилна класа на намена на домувањето , по два телефонски приклучока за секој локал, или два приклучока на секои 100m^2.

Вкупниот број на индустриски објекти во планирана состојба во рамки на планскиот опфат изнесува 4 (четири), додека на јавните институции изнесува 1 (еден), а на комерцијалните и деловни изнесува 5 (пет), додека инфраструктурни објекти има само 1.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изврши до најблиската автоматска реонска телефонската централа. Новопредвидените коридори и траси на телекомуникациските водови се предвидени да се водат подземно, под тротоарските површини. По должината на трасите на каблите, на местата каде што е предвидено разгранување на мрежата, потребно е да се обезбеди простор за монтажа на телефонски ормари со димензии 0,40x0,60x0,90m и манипулативен простор околу ормарите со димензии 1,00x1,50m.

Гасоводна и топловодна мрежа

Низ локалитетот нема изградена топловодна мрежа за снабдување на домаќинствата со топлинска енергија.

При планирањето на нови градби од топловодната и гасоводна мрежа градбите треба да се почитуваат пропишаните минимални растојанија, односно да се обезбеди соодветен заштитен појас на топловодот и гасоводот.

4.8 Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање и реализација на плански решенија

Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на **Детален урбанистички план за дел од градска четврт СЗ.03, КО Штип 1, Општина Штип,** ги опфаќа сите трошоци за планирање, уредување на замјиштето за изградба на објектите, инфраструктурните системи и партерно уредување.

Економското образложение произлегува од реалната состојба на објектите на терен и планското решение.

